# З А К О Н
# ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

## Редакциски пречистен текст[1]

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### 1. Предмет на уредување

**Член 1**

Со овој закон се уредува безбедноста и заштитата на патиштата, основните начела и меѓусебните односи на учесниците и другите субјекти во сообраќајот на патиштата, правилата на сообраќајот на патиштата, системот на сообраќајните знаци, опремата и сигнализацијата на патиштата, должностите во случај на сообраќајна незгода, кандидати за возачи, возачи, автошколи, испитни центари и возачки дозволи, оспособувањето за управување и теквнување право на управување со моторно возило и прекршочната постапка за деца, посебните мерки на безбедност, сообраќајни прекршоци документирани со технички средства и уреди за снимање, организацијата и задачите на советите за безбедност на сообраќајот на патиштата, евиденциите и заштитата на податоците, прекршочните одредби и овластувањата за подзаконски прописи.

### 2. Значење на изразите

**Член 2**

(1) Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Пат" е сообраќаен објект на кој се врши сообраќај;

2. „Јавен пат" е пат кој е определен како јавен пат и може да биде државен или општински;

3. ,,Некатегоризиран пат" е пат кој се користи за сообраќај и кој е достапен за поголем број корисници (земјоделски и шумски патишта и слично);

4. „Државен пат" е јавен пат категоризиран како автопат, експресен пат, магистрален и регионален пат од прва и втора категорија;

5. „Автопат" е јавен пат специјално проектиран и изграден за сообраќај на моторни возила, означен со пропишан сообраќаен знак, со физички раздвоени коловози по насоки, кој има најмалку две сообраќајни ленти и по една лента за

---

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во „Службен весник на РМ" бр.169/15, Законот за дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, објавен во „Службен весник на РМ" бр.226/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, објавен во „Службен весник на РМ" бр.55/16, Законот за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, објавен во „Службен весник на РМ" бр.11/18, Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, објавен во „Службен весник на РМ" бр.83/18, Одлуката на Уставниот суд, У.бр.138/2017, објавена во "Службен весник на РМ" бр.191/18, Одлуката на Уставниот суд, У.бр.59/2018, објавена во "Службен весник на РСМ" бр.70/19, Законот за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, објавен во „Службен весник на РСМ" бр.98/19, Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, објавен во „Службен весник на РСМ" бр.302/20, Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, објавен во „Службен весник на РСМ" бр.122/21, Законот за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, објавен во „Службен весник на РСМ" бр.33/24, Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, објавен во „Службен весник на РСМ" бр.208/24, Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, објавен во „Службен весник на РСМ" бр.193/25, Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, објавен во „Службен весник на РСМ" бр.258/25, Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, објавен во „Службен весник на РСМ" бр.58/26 и Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, објавен во „Службен весник на РСМ" бр.79/26, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

принудно застанување во секоја насока, со раскрсници вон ниво, без вкрстување со друг пат, железничка пруга или со пешачка патека, на кој сообраќајот може да се вклучи, односно исклучи само на одредени места и посебно изградени приклучоци на јавните патишта на соодветна коловозна лента на автопат и кој е заштитен од пристап надвор од овие површини и има места за одмор на патници и сервиси за возила;

6. „Експресен пат" е јавен пат кој е проектиран и изграден за сообраќај на моторни возила, означен со пропишан сообраќаен знак, со два физички раздвоени коловози и две сообраќајни ленти за секоја насока или со еден коловоз и најмалку една сообраќајна лента за едната насока и две сообраќајни ленти за другата насока наизменично на кратки интервали според условите на патот кои може да бидат физички раздвоени, со крстосници вон ниво и без вкрстување со друг пат, железничка пруга или со пешачка односно велосипедска патека, на кој сообраќајот може да се вклучи, односно исклучи само на одредени места и посебно изградени приклучоци на експресниот пат преку ленти за забрзување и забавување, кој е заштитен од пристап надвор од овие површини и на кој има проширувања за принудно застанување и места за одмор на патници;

7. „Пат резервиран за сообраќај на моторни возила" е јавен пат по кој можат да сообраќаат само моторни возила и кој е означен со пропишан сообраќаен знак;

8. „Магистрален пат" е јавен пат кој ги поврзува поважните региони на државата и кој се надоврзува на соодветните патишта на соседните држави;

9. „Општински пат" е јавен пат кој поврзува населени места на општината и е од значење за сообраќајот во општината;

10. „Противпожарен пат" е посебно одбележан надолжен дел околу станбени објекти, гаражни простории, спортски, стопански и деловни објекти на кои е забрането запирање и паркирање на возила;

11. „Земјен пат" е пат без изградена коловозна конструкција;

12. „Макадамски пат" е пат со изградена коловозна конструкција без асфалтирана или бетонирана засторна површина;

13. „Коловоз" е дел од површината на патот наменет првенствено за сообраќај на моторни возила, кој е составен од една или повеќе сообраќајни ленти;

14. „Труп на пат" е конструктивен елемент што го сочинуваат горниот и долниот строј на патот, вклучувајќи го и земјиштето на кое е изграден;

15. „Патен појас" е просторот од двете страни на трупот на патот кој се протега најмалку еден метар сметано од крајниот раб на напречниот пресек на патот;

16. „Воздушен простор" е заштитен простор од минимум седум метри над највисоката точка на коловозот или на патниот објект, а кој се протега над целата воздушна заштитена зона;

17. „Заштитен појас" е земјен појас од двете страни на патниот појас во кој не можат да се градат објекти, освен објекти кои се во функција на патот;

18. „Објекти во функција на патот" се објекти кои служат за потребите на возилата и патниците учесници во сообраќајот;

19. „Крстосница" е површина на која се вкрстосуваат или соединуваат два или повеќе јавни патишта;

20. „Крстосница со кружен тек на сообраќајот" е сообраќајна површина со централен остров во која сообраќајот се одвива во кружен тек и во насока спротивно од стрелките на часовникот;

21. „Улица" е сообраќајница во населено место, наменета за сообраќај на возила која може да биде сочинета од коловоз, тротоари, велосипедски патеки и разделни острова;

22. „Јавно паркиралиште" е посебно уреден и обележан простор наменет за паркирање на определен вид возила. Јавните паркиралишта можат да бидат

надвор од површините опфатени со патиштата и улиците или на самите патишта и улици;

23. „Магистрална улица“ е сообраќајница во населено место која поминува низ поголемиот дел од населеното место и се поврзува со магистрален или регионален пат;

24. „Собирна улица“ е сообраќајница во населено место која го собира сообраќајот од сервисни, станбени и локални улици и се поврзува со магистрална улица или општински пат;

25. „Сервисна улица“ е сообраќајница во населено место која ги поврзува собирните улици со станбените и локалните улици;

26. „Станбена улица“ е сообраќајница во населено место која ги поврзува станбените и деловните објекти со собирната и сервисната улица;

27. „Коловозна лента“ е дел од коловозот долж неговата површина, наменет за сообраќај на возила во една насока со една или повеќе сообраќајни ленти;

28. „Сообраќајна лента“ е обележан или необележан дел од коловозот долж неговата површина, чија ширина за непречено одвивање на сообраќајот е доволна за непречен сообраќај на еден ред моторни возила во една насока;

29. „Сообраќајна лента за забрзување“ е дел од коловозот за вклучување на возила во сообраќаен тек од спореден пат, односно други пристапни патишта покрај патот (бензински пумпи, паркиралишта, мотели и слично);

30. "Сообраќајна лента за забавување“ е дел од коловозот наменет за исклучување на возила во сообраќаен тек од пат;

31. „Сообраќајна лента за принудно запирање на возила“ е обележан дел долж коловозот на автопат и на одредени места на патиштата од повисок ранг, како и во тунели, галерии и слично, а се користи исклучиво за запирање на возила;

32. „Сообраќајна лента за спори возила“ е сообраќајна лента наменета за движење на бавни возила кои се движат со брзина помала од предвидената, со цел да не претставуваат пречка за другите учесници во сообраќајот;

33. „Сообраќајна лента за возила кои вршат јавен превоз на патници“ е сообраќајна лента наменета исклучиво за возила кои вршат јавен превоз на патници и која може да биде изградена така што по неа да можат да се движат трамваи;

34. „Трамвајска лента“ е посебна уредена сообраќајна лента наменета исклучиво за движење на трамваи;

35. „Објекти на јавен пат“ се мостови, подвозници, надвозници, пропусти, тунели, галерии, потпорни контрукции, подземни и надземни премини, објекти за наплата на патарина и слично;

36. „Паркинг место“ е означен дел од паркиралиште кој е наменет исклучиво за паркирање на едно возило;

37. „Приклучен пат“ е дел од јавниот пат со кој јавниот пат се надоврзува до објектите на тој пат;

38. „Премин на пат преку пруга“ е место на кое во исто ниво се вкрстосува пат со железничка или трамвајска пруга;

39. „Велосипедска патека“ е изградена сообраќајна површина, наменета за сообраќај на велосипеди, која е издвоена од коловозот и обележана со пропишан сообраќаен знак;

40. „Велосипедска лента“ е обележан дел долж коловозот со пропишан сообраќаен знак наменет за сообраќај на велосипеди;

41. „Велосипедски премин“ е обележен дел долж коловозот со пропишан сообраќаен знак, наменет за премин на велосипеди преку коловозот;

42. „Тротоар" е посебно уредена сообраќајна површина првенствено наменета за движење на пешаци, која не е на исто ниво со коловозот или од коловозот е одвоена на друг начин;
43. „Обележан пешачки премин" е дел од површината на коловозот, наменет за премин на пешаци преку коловозот и обележан со ознаки на коловозот и со сообраќаен знак за известување;
44. „Пешачки остров" е издигната или на друг начин обележана површина на коловозот, наменета за привремено задржување на пешаци кои преминуваат преку коловозот, влегуваат или излегуваат од возило на јавниот сообраќај;
45. „Пешачка патека" е дел од пат наменет за движење на пешаци;
46. „Пешачка зона" е уредена сообраќајна површина наменета за движење на пешаци на која не е дозволено движење на моторни возила, освен за возила со посебна дозвола и обележана со соодветна сообраќајна сигнализација;
47. „Плоштад" е површина наменета за движење и собирање на пешаци, утврдена со урбанистички план и прогласена од општината, односно градот Скопје;
48. „Населено место" е изграден и функционално обединет простор на кој редови или група станбени или деловни објекти се наоѓаат од една или од двете страни на патот, давајќи му изглед на улица и чии граници се означени со сообраќајни знаци за почеток односно завршеток на населено место;
49. „Патен сообраќај" е сообраќај на возила, пешаци и други учесници во сообраќајот на јавен или некатегоризиран пат што се употребува за јавен патен сообраќај;
50. „Зона на смирен сообраќај" е подрачје во населено место обележано со пропишан сообраќаен знак, во кое возилата не смеат да се движат со брзина поголема од брзината на движење на пешаците и во кое нема ограничувања на играта за деца;
51. „Зона школо" е дел на пат или улица, обележан со соодветна сообраќајна сигнализација, која се наоѓа во непосредна близина на училиште и во која брзината на движење во населено место е на 30 km/h, а надвор од населно место е ограничена на 50 km/h;
52. „Возило" е секое превозно средство наменето за движење по пат, освен подвижните столови без мотор за немоќни лица и детските превозни средства;
53. „Возило на моторен погон" е секое возило што се движи со силата на сопствен мотор, освен возилата што се движат по шини;
54. „Моторно возило" е секое возило на моторен погон, кое вообичаено се користи за превоз на лица или стока на патишта или за влечење на возила на патишта и кое има најмалку четири тркала и максимално проектирана брзина над 25 km/h;
55. ,,Мобилна машина" е возило на сопствен погон кое е проектирано и произведено да изведува специфични работи и кое поради своите конструктивни карактеристики не е погодно за превоз на лица и стоки. Машините поставени на шасија на моторно возило не се сметаат за мобилни машини.
56. „Велосипед" е возило со едно или со две седишта, најмалку со две тркала и се движи исклучиво со силата на возачот;
57. „Електричен тротинет" е возило со најмалку две тркала, кое се движи на електричен погон со помош на електромотор и батерија која се полни со електрична енергија.
58. „Велосипед со помошен мотор" е возило со погон на педали, кое како дополнување може да има мотор со внатрешно согорување, со работна зафатнина која не е поголема од 50 cm3 или електромотор со најголема континуирана излезна силина од 0,25 kw, при што дејството на моторот се исклучува кога

брзината ќе достигне 25 km/h или ако велосипедистот го прекине дејствувањето на педалата;

59. „Мопед" е возило на моторен погон со две или три тркала чија работна зафатнина на моторот со внатрешно согорување не е поголема од 50 cm3, односно силата на електромоторот не поминува повеќе од 4 кw и чија брзина на рамен пат е ограничена на најмногу 45 km/h;

60. „Мотоцикл" е возило на моторен погон со две тркала, со странична приколка или без неа, чија работна зафатнина на моторот со внатрешно согорување е поголема од 50 cm3 и чија конструкциски дозволена брзина е поголема од 45 km/h;

61. „Трицикл" е возило на моторен погон со три тркала симетрично поставени по должината на оската на возилото, чија маса не е поголема од 400 kg - ако е наменето за превоз на лица, односно 550 kg - ако е наменето за превоз на товар (без батерија ако возилото е на електричен погон), чија работна зафатнина на моторот со внатрешно согорување е поголема од 50 cm3 и чија најголема дозволена брзина е поголема од 45 km/h;

62. „Лесен четирицикл" е возило на моторен погон со четири симетрично поставени тркала, чија маса не е поголема од 350 kg (без батерија и со сила на моторот не е поголема од 4 кw ако возилото е на електричен погон), чија работна зафатнина на моторот со внатрешно согорување не е поголема од 50 cm3 и чија конструкциски најголема дозволена брзина не е поголема од 45 km/h;

63. „Четирицикл" е возило на моторен погон со четири симетрично поставени тркала, чија маса не е поголема од 400 kg - ако е наменето за превоз на лица, односно 550 kg - ако е наменето за превоз на товар (без батерија ако возилото е на електричен погон), чија работна зафатнина на моторот со внатрешно согорување е поголема од 50 cm3 и чија најголема дозволена брзина е поголема од 45 km/h;

64. „Патнички автомобил" е моторно возило наменето за превоз на лица, кое освен седиштето на возачот има најмногу осум седишта;

65. „Автобус" е моторно возило наменето за превоз на лица со повеќе од девет седишта, вклучувајќи го и седиштето на возачот;

66. „Зглобен автобус (автобус со приколка)" е автобус составен од два или повеќе делови, кои се меѓусебно поврзани со зглобен дел, што овозможува поминување на лица од едниот во другиот дел;

67. „Тролејбус" е моторно возило наменето за превоз на лица, кое покрај седиштето на возачот има повеќе од осум седишта и кое заради напојување на моторот со електрична енергија, е врзано за електричен спроводник;

68. „Трамвај" е возило на шини со електричен погон наменето за превоз на лица, кое заради напојување на моторот со електрична енергија е врзано за електричен спроводник;

69. „Товарно возило" е моторно возило наменето за превоз на товар;

70. „Група на возила" се меѓусебно поврзани возила возила од најмалку едно влечно и едно приклучно возило, кои во сообраќајот на патиштата учествуваат како една целина;

71. „Туристички воз" е група на возила која се состои од едно влечно и најмалку едно приклучно возило, кој се користи за превоз на лица во паркови, хотелско-туристички и слични населби, на површини на кои не се одвива сообраќај и пат на кој се одвива сообраќај за туристички цели и чија најголема конструкциска брзина на движење не надминува 25 km/h;

72. „Противпожарно возило" е моторно или приклучно возило наменето за гаснење на пожар;

73. „Воено возило" е моторно возило означено со пропишани регистарски таблици на Армијата на Република Северна Македонија или војска на друга странска држава;

74. „Влечно возило" е моторно возило наменето за влечење на приклучно возило;

75. „Приклучно возило" е возило конструирано да биде влечено од моторно возило. Приклучното возило може да биде конструирано како приколка со вртлива оска, централна оска или полуприколка;

76. „Приколка" е приклучно возило конструирано така што вкупната маса преку своите оски ја пренесува на патот, кое е наменето да биде прикачено на моторно возило со исклучок на полуприколка и кое е конструирано за превоз на товар;

77. „Полуприколка" е приклучно возило без една оска, конструирано така што со својот преден дел се потпира врз влечно возило;

78. „Лесна приколка" е приклучно возило чија најголема дозволена маса не е поголема од 750 kg;

79. „Приколка за домување" е приклучно возило со посебна надградба и постојана опрема што овозможува престој на лица;

80. „Колона на возила" се три или повеќе возила кои се запрени или се движат едно зад друго во иста сообраќајна лента и во иста насока, при што растојанието меѓу возилата, брзината на движењето на возилата и постапувањето на возачите се меѓусебно условени и меѓу кои не може без попречување да влезе друго возило;

81. „Трактор" е возило на моторен погон, вклучувајќи земјоделски или шумски трактор со тркала или со гасеници со сопствен погон, кој има најмалку две оски и максимална конструкциски определена брзина не помала од 6 km/h, на кој главна функција му е влечна моќност и е посебно конструиран за влечење, потиснување, носење и да дава погон на определена приклучна опрема која е конструирана за вршење на земјоделски или шумски работи, односно за влечење на земјоделски или шумски приколки, може да биде прилагоден за превоз на товар во рамките на земјоделските и шумските работи и/или може да биде опремен со седишта за патници;

82. „Тракторски приклучок" е менливо или мобилно орудие за вршење на земјоделски и други работи, кое го влече, потиснува или носи трактор;

83. „Мотокултиватор" е моторно возило со една или две осовини, чија најголема сила на моторот е 12 kw и кое е конструирано така да носи, влече или потиснува разни менливи приклучоци и орудија или да служи за погон на такви орудија или за влечење на лесна приколка;

84. „Возило за домување" е моторно возило со посебна надградба и постојана опрема, што овозможува превоз и престој на лица;

85. „Запрежно возило" е возило кое го влече впрегнато животно;

86. „Напуштено возило" е моторно или приклучно возило кое било наменето за јавен патен сообраќај, паркирано на јавен или некатегоризиран пат или јавна површина, кое е со или без регистарски таблици, не е регистрирано и за кое никој не води грижа, како и паркирано возило со странски регистарски таблици, оставено најмалку 30 дена без некој истото да го користи ниту да се грижи;

87. „Возила под придружба" се возила кои се придружувани од припадници на Полицијата или воена полиција, со посебни моторни возила кои имаат уреди за давање посебни светлосни и звучни знаци во црвена и сина боја;

88. „Возила со историска вредност" се возила постари од 35 години, кои се зачувани и технички одржувани, како и сообразени со оригиналниот конструкциски состав и форма, а заради своите историски и технички значења не

се употребуваат за секојдневен превоз и чиј статус е утврден од страна на овлатено правно лице;

89. „Носивост“ е дозволена маса со која возилото смее да се оптовари според декларацијата на производителот на возилото (разлика меѓу најголемата дозволена маса и масата на возилото);

90. „Маса на возилото“ е масата на возилото подготвено за возење без патници и товар, освен мотоцикли и трицикли, со возач чија просечна тежина изнесува 75 kg, со 90 % гориво од полн резервоар со различни течности со исклучок на отпадни води, со резервно тркало и опрема, а кај автобусите и со другите членови на екипажот чија просечна тежина изнесува 75 kg, ако за нив се предвидени посебни седишта;

91. „Вкупна маса“ е масата на возилото заедно со масата на товарот што се превезува на возилото, вклучувајќи ја и масата на лицата кои се наоѓаат на возилото, како и масата на приклучното возило на товарот, ако е тој приклучен кон возилото;

92. „Најголема дозволена маса“ е масата на возилото заедно со неговата носивост;

93. „Товарен простор“ е простор за превоз на товар во или на возилото, што е издвоен од просторот за возачот и патниците;

94. „Неразделен товар“ е товар што при превозот на пат не може да се дели на два или повеќе делови без трошок или ризик од оштетување и кој заради неговите димензии или маса не може да се превезува со моторно возило, приколка или група на возила;

95. „Седиште“ е направа вградена или прицврстена за конструкцијата на возилото, што заедно со опремата служи како седиште за едно возрасно лице или е изведено како посебно седиште или дел од седишната клупа - наменет за седење на едно возрасно лице;

96. „Сигурносен појас“ е склоп од ремени со сигурносно копче, уред за приспособување и приклучоци кои што можат да се врзат во возило на моторен погон и е проектиран да го намали ризикот од повреди на лицето што го носи во случај на судир или на ненадејно забавување, со ограничување на подвижноста на телото на лицето кое го носи;

97. „Рефлектирачки елек“ е елек кој е изработен од материјали со рефлектирачки својства;

98. „Осно оптоварување“ е дел од вкупната маса со кое оската на возилото ја оптоварува хоризонтална патна подлога во состојба на мирување на возилото;

99. „Тахограф“ е уред кој се вградува во возила за автоматско или полуавтоматско прикажување и запишување на одделни податоци за движењето на возилото и за одредени работни периоди на возачите кои го управуваат возилото. Тахографот може да биде аналоген или дигитален.

100. „Аналоген тахограф“ е уред кој се користи во патниот сообраќајот за запишување на брзината и изминатиот пат, како и времето на работа и одморите со кој што податоците се запишуваат на тахографски лист на кој што со врвот од пишувачот се остварува запис со механички притисок на тахографскиот лист, а кој што овозможува бележење на податоци за еден ден;

101. „Дигитален тахограф“ е уред во патниот сообраќајот за снимање на брзината и изминатиот пат, како и времето на работа и одморите каде што податоците се запишуваат на работна меморија и мемориска картичка, а која овозможува зачувување на податоците за период од 365 дена;

102. „Учесник во патниот сообраќај“ е лице кое на било кој начин учествува во патниот сообраќај;

103. „Пешак“ е лице кое учествува во сообраќајот, а не управува со возило, ниту се превезува во возило или на возило, лице кое со сопствена сила турка или влече рачна количка, запрежно возило или моторно возило, детско превозно средство, велосипед, мопед или подвижен стол за немоќни лица, лице во подвижен стол за немоќни лица што се движи со сопствена сила или со сила на мотор, ако притоа се движи со брзина на човечки од, како и лице кое се лизга на лизгалки, скии, санка или се вози на тротинет, ролшуи или ролери;

104. „Терач на добиток или друго животно“ е лице кое на патот води, тера или јава добиток или друго животно;

105. „Возач-почетник“ е секој возач на возило во период од две години по впишувањето на датумот на издавање на категоријата во возачката дозвола, независно дали дозволата ја добил во Република Северна Македонија или во странство и независно дали поседува возачка дозвола за друга категорија;

106. „Дете“ е секое лице на возраст до 18 години;

107.„Возач“ е лице кое управува со возило на пат;

108.„Возач инструктор“ е возач на моторно возило кој е овластен за спреоведување на практична обука на кандидатот за возач;

109. „Испитувач“ е лице кое во комисијата за полагање на возачки испит утврдува дали кандидатот за возач има доволно знаење и вештина за самостојно и безбедно да управува со возило во сообраќај на пат;

110. ,,Возачка дозвола“ е јавна исправа што ја издава надлежен орган, со која се докажува правото на управување со одредени категории на возила;

111. „Меѓународна возачка дозвола“ е јавна исправа што ја издава Министерството за внатрешни работи или правно лице за вршење технички преглед на возила овластено од страна на Министерството за внатрешни работи по негово барање, врз основа на приложена македонска возачка дозвола од страна на возачот;

112. „Странска возачка дозвола“ е возачка дозвола и меѓународна возачка дозвола што ја издава надлежен орган на странска држава;

113. „Сообраќајна дозвола“ е јавна исправа што ја издава надлежен орган, со која се докажува правото на означување на одредено возило со регистарски таблици, сопственоста на возилото, техничките карактеристики на возилото, потврда за техничката исправност на возилото заради безбедност во сообраќајот, како и периодот на важност на сообраќајната дозвола;

114. „ Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог” е единствен образец кој се издава во случај на сторен сообраќаен прекршок и е составен од два дела: записник за сторен сообраќаен прекршок и прекршочен платен налог. Записникот за сторен прекршок со прекршочен платен налог под точно определени услови утврдени со посебен закон може да има сила на извршна исправа или да се смета за барање за поведување на прекршочна постапка;

115. „Одобрение за управување на туѓо моторно возило во странство“ е јавна исправа што ја издава правно лице овластено од Министерството за внатрешни работи, врз основа на сообраќајна дозвола;

116. „Сообраќаен тек“ е колона од повеќе возила, која по патот се движи по иста насока;

117. „Запирање на возило“ е секој прекин на движењето на возилото на патот во траење до три минути, при што возачот не го напушта возилото, освен прекинот што се врши заради постапување според сообраќаен знак или правило со кое се регулира сообраќајот;

118. „Паркирање на возило" е прекин на движењето на возилото во траење подолго од три минути, освен прекинот што се врши заради постапување според сообраќаен знак или правило со кое се регулира сообраќајот;

119. „Разминување" е минување со возило покрај друго возило кое се движи по истиот коловоз од спротивната насока;

120. „Престигнување" е минување со возило покрај друг учесник во патниот сообраќај кој се движи во иста насока по иста сообраќајна лента или дел од коловозот што е наменет за сообраќај. Побрзото возење на една колона возила од друга колона на патот кој има најмалку две сообраќајни ленти за возење во иста насока, не се смета за престигнување;

121. „Менување на сообраќајна лента" е преминување на возило од една во друга сообраќајна лента во иста насока, заради престројување или побрзо движење;

122. „Обиколување" е возење покрај запрено или паркирано возило или друг објект што се наоѓа на сообраќајната лента по која се движи возилото;

123. „Пропуштање на возило" е дејствие што во определени случаи возачот е должен да го изврши со запирање на возилото, со намалување на брзината на движењето или со прекинување на дејствието што го изведува возилото и тоа на начин кој не го присилува возачот на друго возило нагло да го менува правецот или брзината на движењето;

124. „Полукружно свртување" е свртување на возилото за 180 степени од почетната насока на вртење, заради вклучување во спротивен сообраќаен тек;

125. „Престројување" е заземање на таква положба со возилото на сообраќајната лента на оддалеченост од крстосница или друго место на патот, од која на сигурен начин може да се изведе некое од следниве дејствија со возилото свртување, полукружно свртување, застанување и слично;

126. „Видливост" е растојание на кое учесникот во сообраќајот јасно го гледа коловозот;

127. „Намалена видливост" постои ако заради неповолни атмосферски или други временски прилики (магла, снег, дожд, прав, чад и слично), возачот не може јасно да ги воочи другите учесници во сообраќајот на оддалеченост од најмалку 200 m на пат надвор од населба, односно од најмалку 100 m на пат во населено место;

128. „Прегледност" е растојание на кое учесник во сообраќајот и покрај физичките препреки, може во услови на намалена видливост, јасно да го види другиот учесник во сообраќајот, односно други препреки на патот;

129. „Надолжно растојание" е најкратко растојание од најистурените точки и возилата, лицата или објектите;

130. „Странично растојание" е најкратка бочна оддалеченост меѓу најистурените точки на возилата, лицата или објектите;

131. „Ноќ" е период од првиот самрак до целосно разденување;

132. „Сообраќајна сигнализација" е систем на средства, уреди и ознаки за регулирање на сообраќајот.

133. „Сообраќаен знак" е знак на кој со употреба на графички, светлосни, ознаки со бројки, букви или други симболи, учесниците во сообраќајот се предупредуваат за опасностите на патот, се укажува на ограничувањата, забраните и обврските, односно се дава известување потребно за безбедно движење по патот;

134. „Сообраќаен режим" е начин на водење на сообраќајот на пат, односно дел од пат или населено место, односно дел од населено место означен со соодветна сообраќајна сигнализација;

135. „Попречување на сообраќај" е дејствие во сообраќајот со кое, спротивно на сообраќајните прописи, учесник во сообраќајот се присилува на промена на

дотогашниот начин на учество во сообраќајот или се оневозможува наменско користење на сообраќајните површини;

136. „Загрозување на сообраќајот‟ е начин на учество во сообраќајот заради кој настапила непосредна опасност од настанување на сообраќајна незгода;

137. „Непримерно однесување‟ е однесувањето на учесник во патниот сообраќај кој не го контролира своето однесување или се однесува непристојно, при што не ги почитува сообраќајните правила и прописи или знаците што ги даваат полициските службеници, како и знаците што ги даваат други овластени службени лица на патот;

138. „Очигледно под дејство на алкохол‟ е учесник во патниот сообраќај чие однесување е непримерно заради присуство на алкохол во организмот;

139. „Сообраќајна незгода‟ е настан на патот предизвикан како последица од непочитување на сообраќајните правила и прописи во кој учествувало најмалку едно возило во движење и во кој најмалку едно лице е повредено, загинало или од последиците на таа сообраќајна незгода починало во рок од 30 дена или од истата е предизвикана материјална штета. За сообраќајна незгода не се смета настанот во кој мобилна машина, мотокултиватор, трактор или запрежно возило кое се движи по некатегоризиран пат или при вршење на работи во движење, слетало од некатегоризираниот пат или се превртело, односно удрило во некоја природна препрека, а притоа не учествува друго возило или пешак и кога со тој настан не му е предизвикана штета на друго лице;

140. „Мала материјална штета во сообраќајна незгода е штета настаната на објекти и на возила на кои не им се оштетени виталните делови за управување и запирање, а возилата можат самостојно да се движат по патот;

141. „Европски извештај за сообраќајна незгода‟е образец изготвен од Националното биро за осигурување на Република Северна Македонија, кој се пополнува во случај на сообраќајна незгода со мала материјална штета, а го пополнуваат учесниците во сообраќајната незгода;

142. „Лиценца‟е исправа со која се дава овластување од надлежен државен орган со која се докажува дека се исполнети одредени пропишани услови за стручна оспособеност и овластување за извршување на одредени работи;

143. „Веродостојна исправа за сторен сообраќаен прекршок" е видео или фото запис на кој јасно може да се види возилото со кое е сторен сообраќаен прекршок, бројот на регистарската таблица, битните обележја на прекршокот, како и фотографија од лицето што го управува возилото, доколку е регистрирана со технички уред, кој претставува доказ во прекршочната постапка што се води против сторители на сообраќајни прекршоци, согласно со Законот за прекршоците;

144. „Пат со коловоз со една сообраќајна лента за сообраќај во двете насоки" е општински пат на којшто сообраќајот се одвива на коловоз со една сообраќајна лента во двете насоки и на којшто се изградени проширувања на коловоз за разминување на возила;

145. „Проширување на коловоз за разминување на возила" се посебно уредени места на патот кои овозможуваат безбедно разминување на две возила при нивна средба на пат со коловоз со една сообраќајна лента за сообраќај во двете насоки;

146. „Патека за велосипедисти и пешаци" е изградена сообраќајна површина наменета за сообраќај на пешаци и велосипеди, која е издвоена од коловозот и е означена со пропишан сообраќаен знак;

147. „Пешачка лента" е обележан дел долж коловозот наменет за сообраќај на пешаци, означен со пропишан сообраќаен знак;

148. „Зона 30" е подрачје во населено место во кое возилата не смеат да се движат со брзина поголема од 30 km/h и чии граници се означени со пропишан сообраќаен знак;

149. „Зона со ниски емисии на штетни гасови” е подрачје во населено место во кое може да се движат возила кои исполнуваат определени еколошки стандарди и чиишто граници се означени со пропишан сообраќаен знак;

150. „Мерки за забавување на сообраќајот” се физички направи и третмани на патот со кои на учесниците во сообраќајот физички им се оневозможува движење со брзина поголема од ограничената или се предупредуваат за дополнително ограничување на дозволената брзина на движење.

(2) Изразите што се употребуваат во овој закон, чие значење не е дефинирано во ставот (1) на овој член, имаат значење утврдено со друг закон.

## II. БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА ПАТИШТАТА, ОСНОВНИ НАЧЕЛА И МЕЃУСЕБНИ ОДНОСИ НА УЧЕСНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ СУБЈЕКТИ ВО СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

### Член 3

(1) Учесниците во сообраќајот не смеат да го оштетуваат патот или објектите на патот и да го попречуваат сообраќајот.

(2) Однесувањето на учесниците во сообраќајот што е спротивно на прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата, не ослободува друг учесник во сообраќајот од обврската сам да презема дејствија за отстранување на настанатата опасност и спречување на сообраќајна незгода.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на учесникот во сообраќај кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

### Член 4

Државните органи, органите на општините и градот Скопје, правните лица, физичките лица и другите учесници во сообраќајот ги развиваат хуманите и етичките односи во сообраќајот, ја поттикнуваат солидарноста на учесниците во сообраќајот со што придонесуваат за заштита на животот и здравјето на луѓето, особено на децата, старите и изнемоштени лица, лицата со посебни потреби и водат грижа за заштита на животната средина.

### Член 5

Министерството за внатрешни работи ги спроведува прописите и презема мерки што се однесуваат на безбедноста на сообраќајот на патиштата и за таа цел:

- ја следи и анализира состојбата на безбедноста на сообраќајот на патиштата;
- укажува на актуелните проблеми во областа на сообраќајот на патиштата и предлага мерки за нивно решавање;
- го контролира и регулира сообраќајот на патиштата;
- врши контрола над возачите и другите учесници во сообраќајот на патиштата, над состојбата на патиштата и улиците, опремата и сообраќајната сигнализација;
- води прекршочна постапка за прекршоци за кои е определено како прекршочен орган со исклучива надлежност за негово постапување, согласно со овој закон;

- соработува со другите надлежни државни органи, единиците на локалната самоуправа и правни лица во уредувањето, техничкото регулирање на сообраќајот и сообраќајните текови и во нивното функционирање;

- врши надзор над спроведувањето на прописите и над преземањето на мерки што се однесуваат на безбедноста на сообраќајот на патиштата;

- врши стручни и управни работи сврзани со издавање на возачки дозволи и дозволи за возачи-инструктори, лиценци, регистрација на возила, како и издавање на сообраќајни дозволи, возачки книшки, потврди за пробно возење и регистарски таблици;

- учествува во активностите сврзани со спроведување на сообраќајното образование и воспитување на учесниците во сообраќајот и

- врши и други работи согласно со одредбите на овој закон.

**Член 6**

(1) Контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата, како и контрола на возилата и возачите на патиштата, вршат припадници на Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: „полициски службеници").

(2) Контрола и запирање на возила во сообраќајот можат да вршат и униформирани царински службеници, униформирани припадници на финансиската полиција, како и униформирани припадници на шумската полиција согласно со посебен пропис.

(3) Полициските службеници, униформираните царински службеници, униформираните припадници на финансиската полиција, како и униформираните припадници на шумската полиција од ставовите (1) и (2) на овој член се должни на учесниците во сообраќајот да им укажуваат соодветна помош.

(4) Во просторот каде што се наоѓаат објекти на вооружените сили на Република Северна Македонија, при обука и при сообраќај на единици на вооружените сили на Република Северна Македонија и нивните возила на патиштата, регулирањето на сообраќајот може да го вршат униформирани воени лица.

**Член 7**

(1) Општините и градот Скопје го уредуваат сообраќајот на општинските патишта и улици на своето подрачје, согласно со одредбите од овој закон.

(2) Уредувањето на сообраќајот од ставот (1) на овој член, опфаќа:

- утврдување на техничкото уредување на сообраќајот преку воспоставување на електронски систем за видео надзор,

- поставување на блокатори на возила на места што не се наменети за паркирање, како и отстранување на блокаторите од возилата,

- поставување и одржување на заштитни огради за пешаци на опасни места,

- отстранување на дотраени, оштетени и напуштени возила,

- надзор и преместување на непрописно запрени и паркирани возила,

- надзор над трактори, запрежни возила и возила што се вклучуваат во сообраќајот на патиштата од градилишта,

- надзор на сообраќајот во пешачките зони,

- организирање и дефинирање на услови за доставување на стока;

- определување на зони со ниски емисии на штетни гасови од возилата и условите за сообраќај на возила во истите и

- надзор над паркирање на возила на места на кои паркирањето е временски ограничено.

(3) За движење на возила во пешачки зони, зони од посебно значење заради доставување на стока, како и во зони со ниски емисии на штетни гасови, општината односно градот Скопје издава одобрение.

**Член 8**

(1) Правните и физичките лица кои вработуваат возачи, се должни да се грижат возачите на нивните возила да ги исполнуваат пропишаните здравствени и други услови неопходни за безбедно управување со возилата.

(2) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на физичкото лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 9**

(1) Правните и физичките лица кои вршат јавен превоз и превоз за сопствени потреби, правните лица кои оспособуваат кандидати за возачи на моторни возила и правните лица кои спроведуваат возачки испити, се должни да организираат и трајно да вршат контрола над исполнувањето на пропишаните услови за работа на возачите, односно на возачите-инструктори, над условите за обучување на кандидати за возачи на моторни возила и на возачи кои полагаат возачки испит, над техничката исправност на возилата и над исполнувањето на условите предвидени со други прописи од кои зависи безбедноста на сообраќајот на патиштата.

(2) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на физичкото лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 10**

(1) Основните и средните училишта организираат и изведуваат настава од областа на сообраќајното образование и воспитување на учениците, согласно со образовните програми на Министерството за образование и наука и развиваат вон-наставни училишни активности.

(2) Предучилишните установи организираат и спроведуваат соодветно сообраќајно образование и воспитување на децата, согласно со образовните програми на Министерството за образование и наука.

**Член 11**

Сообраќајот на јавен пат може да се ограничи или забрани кога е тоа неопходно заради спречување или отстранување на опасности за учесниците во сообраќајот, спречување на оштетување на јавен пат или изведување работи на јавен пат, како и во посебни случаи определени со закон.

**Член 12**

(1) Заради осигурување на безбеден и непречен сообраќај на јавните патишта, не е дозволено да се подигаат објекти, уреди или постројки или на кој било друг начин да се зафаќаат сообраќајните површини, да се садат садници или да се поставуваат предмети со кои се намалува прегледноста на патот и на железничката пруга со која се вкрстува патот во исто ниво, како и прегледноста на крстосницата или да се вршат какви било дејствија кои би можеле да го загрозуваат или попречуваат сообраќајот на јавниот пат или да го оштетуваат јавниот пат и објектите на истиот.

(2) На јавниот пат, во заштитниот и воздушниот појас не е дозволено да се подигаат споменици, да се поставуваат рекламни паноа, табли, крајпатни и други спомен-знаци, рекламни табли, да се продаваат производи и слично, спротивно на условите и постапката пропишани со закон.

(3) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на физичко лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 13**

(1) Правното лице надлежно за одржување на патот и правното лице кое изведува работи на пат, се должни да се грижат и да преземаат соодветни мерки и активности што овозможуваат одвивање на безбеден и непречен сообраќај на патот.

(2) Делот од патот на кој настанале препреки што не можат веднаш да се отстранат или на кој се изведуваат работи, задолжително треба видливо да се обележи и од истиот да се пренасочуваат и обезбедуваат учесниците во сообраќајот.

(3) Делот од патот од ставот (2) на овој член се обележува со поставување соодветни знаци, а учесниците во сообраќајот се обезбедуваат со поставување на браници.

(4) Браниците од ставот (3) на овој член, задолжително треба да бидат обоени наизменично со црвена и бела боја и да бидат опремени со рефлексни стакла или прекриени со ретрорефлектирачки материјали, а ноќе или преку ден во случај на намалена видливост, на нив задолжително треба да бидат поставени и трепкачки светла во жолта боја.

(5) На правните лица од ставот (1) на овој член кои постапуваат спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе им се изрече глоба во износ

од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(6) За прекршокот од ставот (5) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правните лица во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(7) На правните лица од ставот (1) на овој член кои постапуваат спротивно на одредбата од ставот (4) на овој член ќе им се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(8) За прекршокот од ставот (7) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правните лица во износ од 500 евра во денарска противвредност.

**Член 14**

(1) Правните и физичките лица кои изведуваат работи на јавен пат или со изведувањето на градежни работи го менуваат режимот на сообраќај на патот се должни да го обезбедат местото на изведување на работите, работите да ги изведуваат без прекин и во согласност со сообраќаен проект за времена измена на режимот на сообраќај, како и да организираат наизменично пропуштање на возила од спротивни насоки. Сообраќајниот проект за времена измена на режимот на сообраќај не подлежи на ревизија.

(2) Сообраќајниот проект од ставот (1) на овој член содржи услови и времен режим на сообраќајот, ситуационен план, план на сообраќајни знаци, прегледност на крстосниците, потребен простор за стациониран сообраќај, програма за работа на светлосната сигнализација, план за заштита и опрема на патот или улицата, план за регулирање на сообраќајот на раскрсниците, како и други елементи од значење за безбедноста на сообраќајот. Покрај наведените податоци, сообраќајниот проект може да содржи и прогноза за обемот и структурата на сообраќајот, пресметка на пропусната моќ на патот и улиците, како и план за осветлување.

(3) Правните и физичките лица од ставот (1) на овој член, пред започнување со работите од ставот (1) на овој член, се должни да обезбедат одобрение за времена измена на режимот на сообраќајот од надлежен орган.

(4) Одобрението од ставот (3) на овој член за сообраќај на автопатишта, магистрални и регионални патишта, го издава Министерството за транспорт, по претходна согласност од Министерството за внатрешни работи.

(5) Одобрението од ставот (3) на овој член за сообраќај на општински патишта и улици како и продолжувањето на неговата важност, го издава општината односно градот Скопје, по претходна согласност од Министерството за внатрешни работи.

(6) Покрај лицата од ставот (1) на овој член, наизменично пропуштање на возила од спротивни насоки можат да вршат и работници на правни или физички лица што вршат работи на патот.

(7) Правните и физичките лица од ставот (3) на овој член се должни најмалку 24 часа пред започнување со времена измена на режимот на сообраќај да го известат Министерството за внатрешни работи и правното лице надлежно за

одржување на јавниот пат за времето кога ќе пристапат кон измената на режимот на сообраќај.

(8) Правните и физичките лица од ставот (3) на овој член по завршување на работите се должни да ги отстранат од јавниот пат средствата за работа, остатоците од материјалот, сообраќајните знаци, браниците, како и другите предмети кои се наоѓаат на патот, патот да го доведат во претходна состојба и за истото да го известат Министерството за внатрешни работи и правното лице надлежно за одржување на јавниот пат.

(9) На правното лице од ставот (1) на овој член кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (3), (7) и (8) на овој член ќе им се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(10) За прекршокот од ставот (9) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(11) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (3) и (8) на овој член.

(12) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 480 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на службено лице во Министерството за транспорт, општината односно градот Скопје, а кое ќе издаде одобрение спротивно на одредбите од ставовите (4) и (5) на овој член.

**Член 15**

(1) Во случај на прекинување или загрозување на сообраќајот на јавен пат заради соспи, одронувања или лизгања на теренот, голомразица или други причини, како и во случај на оштетување на коловозот кога се загрозува безбедноста на сообраќајот, правното лице надлежно за одржување на патот, е должно веднаш да преземе мерки за отстранување на пречките и воспоставување на безбеден сообраќај.

(2) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

**Член 16**

(1) Заради осигурување на безбеден и непречен сообраќај, правните лица надлежни за одржување на патот се должни навремено и точно да ја известуваат јавноста за ограничувањето и забраната на сообраќајот на патиштата и за вонредните услови и посебните мерки за сообраќајот на нив, како и за проодноста на патиштата во зимскиот период и во случај на елементарни непогоди или вонредни настани заради кои настанал прекин на сообраќајот, односно заради кои значително се отежнати условите за одвивање на сообраќајот.

(2) Правните лица од ставот (1) на овој член, се должни истовремено со известувањето до јавноста, да доставуваат податоци за проодност на патиштата како и за други работи од значење за непречено и безбедно одвивање на сообраќајот на јавните патишта до Министерството за внатрешни работи, овластеното правно лице за давање на информации и техничка помош на моторизираните учесници во сообраќајот на јавните патишта за отстранување на оштетени возила во дефект како и до други државни органи и институции што им се неопходни за вршење на нивните работи.

(3) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

## III. ПРАВИЛА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

### 1. Основни одредби

#### Член 17

(1) Учесниците во сообраќајот се должни да постапуваат во согласност со прописите за правилата на сообраќајот, со сообраќајната сигнализација поставена на патот, како и со сообраќајните знаци и наредбите што ги даваат полициските службеници, а по исклучок и униформираните службени лица од членот 6 став (2) од овој закон.

(2) Учесниците во сообраќајот се должни да постапуваат во согласност со сообраќајната сигнализација поставена на патот и кога со тоа отстапуваат од прописите за правилата на сообраќајот.

(3) Учесниците во сообраќајот се должни да постапуваат според светлосниот сообраќаен знак и кога тој знак се разликува од правилото за првенство на минување изразено на истото место со друг сообраќаен знак.

(4) Учесниците во сообраќајот се должни да постапуваат во согласност со прописите за правилата на сообраќајот, на крстосница регулирана со светлосни сообраќајни знаци во однос на меѓусебното право на првенство на минување на возилата.

(5) Учесниците во сообраќајот се должни да постапуваат според барањата дадени со помош на знаци или според наредбите што ги даваат полициските службеници и униформираните службени лица од ставот (1) на овој член и кога со тоа отстапуваат од пропишаните правила на сообраќајот или од значењето на сообраќајната сигнализација поставена на патот.

#### Член 18

(1) Оштетените возила, предмети и материи што можат да ја попречат или загрозат безбедноста на сообраќајот, не смеат да се остават на патот или да се фрлаат на патот или во заштитниот појас.

(2) Возачот е должен да ги отстрани од коловозот предметите кои од неговото возило ќе паднат и предметите кои при запирањето на возилото ги ставил на патот или во заштитниот појас.

(3) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

### Член 19

(1) Возачот е должен да обрне внимание на пешаците кои се наоѓаат на коловозот или кои започнале да чекорат по коловозот.

(2) Кога приоѓа кон обележан пешачки премин, возачот е должен да управува со возилото и да вози со таква брзина што овозможува во случај на потреба да го запре возилото пред пешачкиот премин.

(3) На делот од патот по кој се движат деца или се поставени сообраќајни знаци за учество на деца во сообраќајот, возачот е должен да вози со особена претпазливост и со таква брзина што ќе овозможи да го запре возилото во случај на потреба.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возач кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (3) на овој член.

### Член 20

(1) Слепите лица, кога самостојно учествуваат во сообраќај како пешаци, задолжително треба да носат бел стап-како знак за распознавање.

(2) Возилото што е направено со него да управува лице чии екстремитети суштествени за управување со возилото се оштетени, на барање на тоа лице може да биде обележано со посебен знак.

(3) Посебниот знак од ставот (2) на овој член, го изработува правно лице овластено од министерот за економија и труд, кое ги исполнува условите во однос на материјално-техничка опрема и стручен кадар за изработување на посебниот знак.

(4) На барање на лицето од ставот (2) на овој член, Министерството за економија и труд го издава посебниот знак на возилото од ставот (2) на овој член.

(5) На правното лице кое го изработува посебниот знак без овластување од министерот за економија и труд ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(6) За прекршокот од ставот (5) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице од ставот (3) на овој член во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лицето кое постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член.

**Член 21**

(1) Возачот на возилото што се движи покрај возило на јавен превоз на патници или покрај автобус со кој се врши превоз за сопствени потреби, запрен на стојалиште, е должен да се движи со намалена брзина, на начин да не ги загрозува лицата кои влегуваат, односно излегуваат од тоа возило.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член, кога заради излегување или по излегување од возилото треба да поминат преку коловозот, се должни тоа да го прават на начинот пропишан во членовите 116 и 117 од овој закон.

(3) Возачот е должен да го запре своето возило зад возилата од ставот (1) на овој член, кога лицата влегувајќи во тие возила, односно излегувајќи од тие возила треба да ја поминат сообраќајната лента и велосипедската патека или лентата по која се движи возилото.

(4) Возачот на возилото што се движи зад возило со кое се врши организиран превоз на деца, како и возачот на возилото што на тоа возило му доаѓа во пресрет на пат со две сообраќајни ленти, е должен да запре кога возилото со кое организирано се превезуваат деца е запрено на коловозот, додека децата влегуваат или излегуваат од возилото.

(5) Возилото со кое се врши организиран превоз на деца, задолжително треба да исполнува посебни услови и да биде обележано со посебен знак, а за време на влегување и излегување на децата од возилото, возачот е должен да ги вклучи сите покажувачи на правецот на возилото.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот од ставот (1) на овој член, кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (5) на овој член.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член.

(8) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот од ставот (1) на овој член, кој постапува спротивно на одредбата од ставот (4) на овој член. Покрај глобата, на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на управување со моторно возило од три до 12 месеци, под услови и постапката утврдени со закон.

**Член 22**

(1) За време на возење во населено место, возачот е должен на возилото за јавен градски превоз на патници или на посебно обележано возило со кое се врши организиран превоз на деца, да им овозможи вклучување во сообраќајот кога тие возила излегуваат од стојалиште што се наоѓа надвор од коловозот, односно од проширувањето на сообраќајната лента што служи за стојалиште.

(2) Возачот на возилата од ставот (1) на овој член, е должен пред започнувањето на повторно вклучување во сообраќајот, со помош на покажувачот на правецот, да ја најави својата намера да се вклучи во сообраќајот и тоа

вклучување да го изврши на начин со кој не се загрозуваат другите учесници во сообраќајот.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот од ставот (1) на овој член и на возачот на возилата со кои се врши јавен градски превоз на патници или на посебно обележано возило со кое се врши организиран превоз на деца, кои постапуваат спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

**Член 23**

(1) Возачот на моторно возило во кое се вградени сигурносни појаси и лицата кои се превезуваат со тоа возило, се должни да бидат врзани со тие појаси на начин утврден од производителот на возилото, за време додека возилото се движи во сообраќајот на пат.

(2) Обврската од ставот (1) на овој член, не се однесува на:

- доставувач на стока во прометот, во местото на испорачувањето и
- возачи кога со возило се движат со брзина на човечки од, кога се движат наназад и на паркиралишта.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 40 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот на моторното возило од ставот (1) на овој член, кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лицето кое се превезува со возилото од ставот (1) на овој член, а кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член

**Член 24**

(1) Возачот на моторно возило, за време на управувањето со возилото не смее да користи мобилен телефон, ниту други уреди, на начин кој би ја намалил можноста за реагирање и сигурно управување со моторното возило.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, мобилен телефон и други уреди можат да се користат за време на управување со моторно возило, ако притоа се употребува направа која овозможува нивно користење без употреба на раце.

(3) Возачот на возило за авто такси превоз на патници може да користи мобилен телефон, како и други уреди, на начин со кој не би ја намалил можноста за реагирање и сигурно управување со моторното возило, односно употребува направа која овозможува нивно користење без употреба на раце.

(4) Лицето кое се превезува со возилото од ставот (1) на овој член не смее да го попречува возачот од ставот (1) на овој член, на начин кој би го намалил неговото внимание и можноста за реагирање и сигурно управување со моторното возило за јавен превоз.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 40 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (4) на овој член.

## 2. Дејствија со возило во сообраќајот

### Член 25

(1) Возачот кој има намера да изврши на патот некое дејствие со возилото (поместување на возилото надесно или налево, промена на сообраќајната лента, престигнување, обиколување, запирање, свртување надесно или налево, полукружно свртување, возење наназад и слично), смее да го започне таквото дејствие само ако претходно се уверил дека тоа може да го направи без опасност по другите учесници во сообраќајот или по имотот, водејќи притоа сметка за положбата на возилото и за правецот и брзината на движењето на возилото.

(2) Пред вршењето на дејствијата со возило од ставот (1) на овој член, возачот на возилото е должен јасно и навремено да ги извести другите учесници во сообраќајот за својата намера давајќи им знак со помош на покажувачите на правецот или ако тие не постојат - со соодветен знак со раката.

(3) Ако знакот од ставот (2) на овој член, возачот го дава со помош на покажувачот на правецот, тој е должен да го дава за целото време на вршењето на дејствието со возилото, а по извршеното дејствие да престане.

(4) По исклучок од одредбите на ставовите (2) и (3) на овој член, возачот е должен по извршеното престигнување на друго возило да даде знак дека има намера да се врати на сообраќајната лента по која се движел пред престигнувањето.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

## 2.1. Вклучување во сообраќај

### Член 26

(1) Возачот кој со возило се вклучува во сообраќај на јавен пат или на друга сообраќајна површина (излегување на возилото од гаража, двор, паркиралиште, стојалиште, двор или од површина на која не се одвива сообраќај на возила), е должен да ги пропушти сите возила и пешаци кои се движат на патот, односно по сообраќајна површина на која се вклучува.

(2) Возачот на товарно моторно возило и автобус, кога се вклучува во сообраќајот од гаража, двор или друга слична површина, ако видикот му е закриен со друго возило, објект или предмет или ако видливоста му е намалена, е должен на местото каде што се вклучува да постави лице кое ќе му помогне возилото безбедно да излезе на пат.

(3) Возач кој со возило се вклучува во сообраќај на пат со коловоз од земјен пат, градилиште или други сообраќајни површини, е должен да го запре возилото и да ги отстрани земјата и нејзините остатоци од пневматиците на возилото.

(4) Возачот на велосипед, велосипед со помошен мотор, мопед, мотоцикл, трицикл, лесен четирицикл и четирицикл, односно возач на запрежно возило кој се вклучува во сообраќајот во случаите и под условите утврдени во ставот (2) на овој член е должен да го турка возилото, односно да го води впрегнатиот добиток.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде согласно со одредбите на овој закон, на возач кое постапува спротивно на одредбата од ставот (4) на овој член.

## 3. Движење на возила на патот

### Член 27

(1) Возачот е должен да го користи исклучиво патот, односно коловозната или сообраќајната лента, односно патека наменета за сообраќај на оној вид возила на кое му припаѓа неговото возило, освен во случај на опасност.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

### Член 28

(1) Возилото задолжително се движи од десната страна на коловозот во насоката на движењето.

(2) Возачот е должен да го држи возилото во движење што поблиску до десниот раб на коловозот и на толкава оддалеченост од него што, со оглед на брзината на движењето на возилото, условите на сообраќајот и состојбата и својствата на патот, да не ги загрозува другите учесници во сообраќајот и да не се изложува себеси на опасност.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, возачот на возилото кое се движи со брзина помала од брзината на движење на возило на шини, на место каде шините се вградени во работ на коловозот, е должен да се движи на доволна оддалеченост од шините со цел да не го попречува движењето на шинските возила и на останатите учесници во сообраќајот.

(4) По исклучок од одредбата на ставот (2) на овој член, на јавен пат во населено место, со коловоз на кој за сообраќај на возила во иста насока постојат најмалку две обележани сообраќајни ленти за движење на возилото, возачот може да ја користи и сообраќајната лента што не се наоѓа покрај десниот раб на коловозот, ако со тоа не ги попречува другите возила што се движат зад неговото возило.

(5) Одредбата од ставот (4) на овој член, не се однесува на возачот на:

- товарно возило чија најголема дозволена маса е поголема од 3.500 kg;
- возачот на возило кое на рамен пат не може да развие брзина на движење поголема од 40 km/h и
- возачот на возило кое не се смета за моторно возило, освен на дел од патот пред крстосница или на друго место на кое возилото свртува налево.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (4) и (5) алинеи 1 и 2 на овој член.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лицето кое постапува спротивно на одредбата од ставот (5) алинеја 3 на овој член.

### Член 29

(1) На јавен пат со две или повеќе обележани сообраќајни ленти за движење на возило во иста насока, возилата задолжително се движат по средината на обележаната сообраќајна лента во која се движат.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 30**

(1) На јавен пат со коловоз за сообраќај на возила во двете насоки на кој постојат најмалку четири сообраќајни ленти, возачот не смее со возилото да преминува на коловозната лента наменета за сообраќај на возилата од спротивната насока.

(2) На јавен пат со коловоз за сообраќај на возила во двете насоки на кој постојат три сообраќајни ленти, возачот не смее да се движи со возилото по сообраќајната лента што се наоѓа на левиот раб на патот во правецот на движењето на возилото.

(3) На јавен пат со коловоз за сообраќај на возила во една насока, возачот не смее со возилото да се движи во забранетата насока.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возач кој постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член.

**Член 31**

(1) На коловоз на кој постојат најмалку две сообраќајни ленти наменети за движење на возила во иста насока и на кои има колони на возила, возачот не смее со возилото да преминува од една сообраќајна лента во друга сообраќајна лента (цик-цак движење).

(2) Возачот може да ја напушти сообраќајната лента на која се наоѓа, само заради свртување налево или надесно или заради запирање, односно паркирање на возилото.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде согласно со одредбите од овој закон, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 32**

(1) Возачот кој е со намера да се движи со возилото наназад, може да го изврши тоа дејствие само на краток дел од патот, ако со тоа не го загрозува или не ги попречува другите учесници во сообраќајот.

(2) Кога возачот се движи со возилото наназад, е должен да ги вклучи покажувачите на правци, да ги пропушти сите возила кои се движат зад него и да се движи по онаа страна од коловозот по која се движел дотогаш со возењето нанапред.

(3) Возачот не смее со возилото да се движи наназад, ниту да вози на преслапи, кривини, крстосници и да преминува патен премин преку железничка пруга во ниво, ако прегледноста е недоволна или патот е во услови на намалена видливост.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде согласно со одредбите од овој закон, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

**4. Брзина**

**Член 33**

(1) Возачот е должен брзината на движењето на возилото да ја приспособува кон својствата и состојбите на патот, видливоста, прегледноста, атмосферските

услови, состојбата на возилото и товарот, густината на сообраќајот и другите сообраќајни услови, на начин да може навремено да го запре возилото пред секоја пречка што под дадените услови може да ја предвиди.

(2) Возачот не смее да ја намали брзината на движењето на возилото до таа мера што неговото возило претставува пречка за нормалното одвивање на сообраќајот.

(3) Возачот чие возило заради техничката состојба, состојбата на товарот или други причини не е во состојба да ја следи утврдената брзина на движење на возилата на патот и со тоа го попречува нормалното одвивање на сообраќајот, а заради непостоење на услови за безбедно престигнување се создава колона на возила, е должен да вози по крајната десна страна на коловозот, а ако и тоа не е доволно да го запре возилото на првото погодно место надвор од коловозот за да ги пропушти возилата што се движат зад него.

(4) Возачот на возилата од ставот (3) на овој член, кој се движи со помала брзина од половината на најголемата дозволена брзина определена според видот на патот или дел од патот, е должен да ги вклучи сите покажувачи на правецот или жолтото ротационо светло.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член.

**Член 34**

(1) Возачот не смее да го менува начинот на управување со возилото со нагло намалување или зголемување на брзината на движењето и да го стартува возилото постигнувајќи притоа горна граница над дозволениот број вртежи на моторот, односно пролизгување на погонските тркала, освен во случај на непосредна опасност.

(2) Возачот кој е со намера значително да ја намали брзината на движењето на возилото, е должен тоа да го стори, освен во случај на непосредна опасност, на начин со кој нема да го загрозува или во поголема мера да ги попречува другите возачи што се движат зад него, како и да ги предупреди тие возачи за својата намера со вклучување на стоп-светлото или со давање на соодветен знак со раката.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

**Член 35**

(1) На јавен пат во населено место, возачот не смее со возилото да се движи со брзина поголема од 50 km/h, односно со брзина поголема од брзината дозволена со поставениот сообраќаен знак за целото населено место или за определен негов дел.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, на јавен пат во населено место, чии сообраќајно-технички елементи тоа го овозможуваат, може со сообраќаен знак да се дозволи движење со возило и со брзина поголема од 50 km/h, но не поголема од 70 km/h.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на

возачот кој во населено место се движи со брзина поголема од 30 до 50 km/h, над дозволената брзина и кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член. Покрај утврдениот износ на глоба, на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на управување на моторно возило од три до 12 месеци, под услови и начин утврдени со закон.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој во населено место се движи со брзина поголема од 10 до 30 km/h над дозволената брзина и кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 15 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член и на возач кој во населено место се движи со брзина поголема до 10 km/h над дозволената брзина.

**Член 36**

(1) На јавен пат надвор од населено место, возачот не смее со возилото да се движи со брзина поголема од:

- 130 km/h на автопат;
- 110 km/h на пат резервиран за сообраќај на моторни возила и
- 90 km/h на други патишта.

(2) На патот надвор од населено место возачот не смее со возилото да се движи со брзина поголема од брзината определена со сообраќајниот знак поставен на патот.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој надвор од населено место се движи со брзина поголема од 50 до 70 km/h над дозволената брзина и кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член. Покрај утврдениот износ на глоба, на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на управување на моторно возило од три до 12 месеци, под услови и постапка утврдени со закон.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој надвор од населено место се движи со брзина поголема од 30 до 50 km/h над дозволената брзина и кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член и на возач кој надвор од населено место се движи со брзина поголема до 30 km/h над дозволената брзина.

**Член 37**

(1) Брзината на движењето на моторните возила на јавен пат, во нормални услови на сообраќајот, не може да се ограничи со сообраќаен знак под 40 km/h.

(2) Во случај кога условите на патот или условите на сообраќајот го налагаат тоа, брзината на движењето на моторните возила на патот може да се ограничи со сообраќаен знак и под 40 km/h.

**Член 38**

(1) На јавните патишта се ограничува брзината на движење на следниве категории на моторни возила на:

- 80 km/h - за автобуси и автобуси со лесна приколка, за товарни моторни возила чија најголема дозволена маса не е поголема од 7.500 kg, за моторни возила кои влечат камп-приколка и за патнички возила што влечат лесна приколка;
- 70 km/h - за автобуси кога се врши организиран превоз на деца, за зглобни автобуси кои немаат определени места за стоење, за товарни моторни возила чија најголема дозволена маса е поголема од 7.500 kg и за товарни моторни возила што влечат приклучно возило;
- 60 km/h, односно 80% од најголемата дозволена брзина определена според видот на патот, односно определена со сообраќајните знаци поставени на патот, но не повеќе од 70 km/h - за моторни возила со кои се превезуваат опасни материи, односно не повеќе од 60 km/h - за моторни возила кои превезуваат отровни материи;
- 50 km/h - за автобуси и за зглобни автобуси за превоз на лица во градски сообраќај кои покрај вградените седишта имаат и определени места за стоење, за товарни возила кои во товарниот сандак вршат групен превоз на лица и за моторни возила со синџири на тркалата;
- 40 km/h - за моторно возило кое влече друго неисправно возило;
- 30 km/h - за трактори;
- 25 km/h - за трактори што влечат приклучно возило со кое се превезуваат лица; како и велосипеди, велосипеди со помошен мотор и мопеди кога се движат по велосипедска патека и лента и
- 20 km/h - туристички воз.

(2) По исклучок од одредбата на ставот (1) на овој член, на автопатишта се ограничува брзината на движење на следниве категории на моторни возила на:

- 100 km/h - за автобуси чија најголема дозволена маса не е поголема од 3.500 kg,
- 100 km/h – за товарни моторни возила чија најголема дозволена маса не е поголема од 3.500 kg,
- 90 km/h - за товарни моторни возила чија најголема дозволена маса се движи од 3.500 kg до 7.500 kg,
- 80 km/h - за товарни моторни возила чија најголема дозволена маса е поголема од 7.500 kg и
- 80 km/h – за автобуси кога се врши организиран превоз на деца.

(3) Кога управуваат со моторните возила од ставовите (1) и (2) на овој член, возачите се должни да се придржуваат кон брзините пропишани во ставот (1) на овој член и на патот на кој со овој закон или со поставениот сообраќаен знак е дозволена поголема брзина.

(4) Моторните и приклучните возила од ставот (1) алинеи 1, 2, 4, 6, 7 и 8 на овој член, што се регистрираат во Република Северна Македонија, освен возилата на Армијата на Република Северна Македонија, полицијата, задолжително треба да имаат ознака поставена на левата половина од својата задна страна, во форма на круг со бела боја, обрабен со црвен раб, во кој со црна боја е испишан бројот што ја означува најголемата дозволена брзина на движење на тие возила.

(5) На правното лице кое ќе нареди или дозволи управување со возило, спротивно на одредбата од ставот (4) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(6) За прекршокот од ставот (5) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член и кој се движи со брзина од 10 km/h над дозволената за возилото со кое управува. Покрај утврдениот износ на глоба, на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на управување на моторно возило од три до 12 месеци, под услови и начин утврдени со закон.

(8) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возач кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член и кој се движи со брзина до 10 km/h над дозволената за возилото со кое управува.

(9) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возач кој постапува спротивно на одредбата од ставот (4) на овој член.

## 5. Свртување

### Член 39

(1) Возачот на возило што свртува надесно, е должен свртувањето да го изврши движејќи се по крајната сообраќајна лента што се протега покрај десниот раб на коловозот, освен ако со сообраќаен знак на патот поинаку не е определено.

(2) Возачот на возило што свртува надесно, е должен да го пропушти возилото кое се движи од неговата десна страна по сообраќајната лента наменета за возила кои вршат јавен превоз на патници.

(3) Возачот на возилото што свртува налево е должен свртувањето да го изврши движејќи се по крајната лева сообраќајна лента што се протега покрај средишната линија и покрај замислениот или обележаниот лак што ги соединува двете средишни линии на страничните коловози, односно по сообраќајната лента што се протега покрај левиот раб на патот со еднонасочен сообраќај, освен ако со сообраќаен знак на патот поинаку не е определено.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

## 5.1. Полукружно свртување

### Член 40

(1) Возачот на возило не смее да врши полукружно свртување на преслап, кривина, патен премин преку железничка пруга во ниво, на мост, надвозник, подвозник, како и во услови на намалена видливост, на други места каде прегледноста на патот е недоволна или на дел од пат каде нема доволно простор за полукружно свртување.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

## 6. Првенство на минување

### Член 41

(1) На крстосница на патишта од иста важност или во пресрет со друго возило, возачот е должен да го пропушти возилото што наидува од неговата десна страна.

(2) Возачот на возило кој на крстосница свртува налево, е должен да го пропушти возилото кое доаѓајќи од спротивната насока, на крстосницата го задржува правецот на своето движење или свртува надесно, освен ако со поставенот сообраќаен знак поинаку не е определено.

(3) По исклучок од одредбите на ставовите (1) и (2) на овој член, возилото што се движи по шини има првенство на минување на крстосница или во пресрет со друго возило, без оглед на тоа од која страна тоа му доаѓа, освен ако со поставениот сообраќаен знак поинаку не е определено.

(4) Возачот кој со возило влегува на пат што со сообраќаен знак е означен како пат со првенство на минување, е должен да ги пропушти сите возила што се движат по тој пат.

(5) Возачот е должен да ги пропушти сите возила што се движат по патот на кој влегува тој и кога не е означен со сообраќаен знак како пат со првенство на минување, ако со возилото влегува од земјен пат, макадамски пат на патот со коловозна постилка или ако на пат влегува од површина која не е наменета за динамичен сообраќај.

(6) Возачот кој при свртувањето на возилото пресекува велосипедска патека или лента, е должен да ги пропушти велосипедите, велосипедите со помошен мотор, мопедите, трициклите и лесните четирицикли што се движат по велосипедската патека или лента.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (4), (5) и (6) на овој член.

## 7. Сообраќај на крстосница

### Член 42

(1) Возачот кој се приближува до крстосница, е должен да вози со зголемена претпазливост која им одговара на условите на сообраќајот на крстосницата.

(2) Возачот кој се приближува до крстосница, е должен да вози со брзина која овозможува да запре и да ги пропушти возилата што на крстосницата имаат првенство на минување.

(3) Возачот е должен на доволна оддалеченост пред крстосницата со возилото да заземе положба на онаа сообраќајна лента по која задолжително треба да помине низ крстосницата.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член.

### Член 43

(1) На крстосница и на друго место на кое сообраќајот е посебно регулиран со уреди за давање светлосни сообраќајни знаци, светлосните сообраќајни знаци за учесниците во сообраќајот ги имаат следниве значења:

- црвено светло - забрана на минување,
- зелено светло - слободно минување и
- жолто светло - забрана на минување, освен за возилата кои во моментот кога ќе се појави жолто светло се наоѓаат на таква оддалеченост од светлосниот знак што не можат на безбеден начин да се запрат, а да не го поминат тој знак, а за другите учесници - забрана на минување, освен за оние пешаци кои веќе почнале да го преминуваат коловозот.

(2) Жолтото светло запалено истовремено со црвеното светло, служи за предупредување на учесниците во сообраќајот за блиското престанување на забраната на минување и за појавата на зелено светло.

(3) Жолтото трепкаво светло ги обврзува сите учесници во сообраќајот да се движат со зголемена претпазливост.

(4) Зеленото трепкаво светло служи за предупредување на учесниците во сообраќајот за блиското престанување на слободното минување и за појавата на жолто, односно црвено светло.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член. Покрај утврдениот износ на глоба, на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на управување на моторно возило од три до 12 месеци, под услови и постапка утврдени со закон.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност, согласно со одредбите од овој закон, ќе му се издаде на пешак кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 44**

(1) Ако на уредот за давање светлосни сообраќајни знаци за регулирање на сообраќајот на крстосница му е додаден еден или повеќе дополнителни знаци во форма на зелена светлечка стрелка, возачот може да го помине со возилото светлосниот знак и да тргне во правецот означен со зелената светлечка стрелка и за времето додека е запалено црвеното или жолтото светло, при што не смее да го попречува сообраќајот на возилата што се движат по патот на кој влегува и задолжително треба да ги пропушти пешаците кои преминуваат преку коловозот.

(2) Ако зеленото светло на уредот за давање на светлосни сообраќајни знаци има форма на стрелка, возачот смее со возилото да се движи само во правецот што го покажува таа стрелка.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 45**

(1) Возачот на кого со светлосен сообраќаен знак му е дозволено влегување во крстосница, не смее со возилото да влезе во крстосницата ако густината на сообраќајот е таква што со возилото очигледно мора да се запре во крстосницата и на тој начин при примена на светлосниот знак, да го попречи или оневозможи сообраќајот на возилата кои доаѓаат од страничните коловози.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 46**

(1) Возачот кој со возило влегол во крстосница на која сообраќајот е регулиран со уреди за давање на светлосни сообраќајни знаци, може да ја напушти крстосницата без да чека сообраќајот да биде со светлосен знак отворен во правецот во кој е со намера да го продолжи движењето, под услов да ги пропушти сите учесници во сообраќајот што се движат во правецот во кој е отворен сообраќајот.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

### 7.1. Сообраќај на крстосница со кружен тек на сообраќај

#### Член 47

(1) Сообраќајот на крстосница со кружен тек на сообраќај се регулира со сообраќајна сигнализација. Возачот кој се движи во крстосница со кружен тек на сообраќајот има првенство во однос на возачите кои се вклучуваат во крстосницата.

(2) Правните лица надлежни за одржување на патот се должни за поставување и одржување на сообраќајната сигнализација на крстосница со кружен тек на сообраќај.

(3) Возачот кој се движи во крстосница со кружен тек на сообраќајот каде што коловозот има две или повеќе сообраќајни ленти, е должен да се престрои во внатрешната сообраќајна лента со цел да овозможи вклучување во крстосницата и на други возачи, освен ако има намера да ја напушти крстосницата на најблискиот излез или поради густината на сообраќајот не е во состојба безбедно да се престрои.

(4) При вклучување во сообраќај на крстосница со кружен тек на сообраќајот каде што има две сообраќајни ленти возилото што се наоѓа на десната сообраќајна лента се вклучува на надворешната сообраќајна лента, а возилото кое се движи по левата сообраќајна лента се вклучува на внатрешната сообраќајна лента.

(5) Пред да ја напушти крстосницата од ставот (4) на овој член, возачот е должен да се престрои во надворешната сообраќајна лента, освен во излез на кој со сообраќајна сигнализација е пропишано дека е дозволено свртување десно и од внатрешната сообраќајна лента.

(6) На излез од крстосница со кружен тек на сообраќајот на која е дозволено свртување во десно и од внатрешната сообраќајна лента, надворешната сообраќајна лента е наменета исклучиво за свртување во десно. Правните лица надлежни за одржување на патот се должни надворешната сообраќајна лента соодветно да ја обележат.

(7) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (2) и (6) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(8) За прекршокот од ставот (7) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(9) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (3), (4) и (5) на овој член.

### 8. Разминување

#### Член 48

(1) При разминување возачот е должен од својата лева страна да остави доволно растојание меѓу своето возило и возилото со кое се разминува, а по потреба своето возило да го помести кон десниот раб на коловозот.

(2) Ако возачот, заради некоја пречка на патот или заради другите учесници во сообраќајот, не може да постапи согласно со одредбата од ставот (1) на овој член, е должен да го забави движењето на своето возило и по потреба да го запре за да го пропушти возилото од спротивната насока.

(3) Кога на крстосницата возилата доаѓаат од спротивни насоки и свртуваат налево, возачот се разминува со возилото од спротивната насока на тој начин што го пропушта од својата десна страна.

(4) Ако заради недоволна ширина на патот или заради друга пречка на патот разминувањето е оневозможено, возачот на кого со оглед на својствата на патот и околностите на сообраќајот, му е полесно да го изведе тоа, е должен прв да запре и по потреба со движење наназад или на друг начин да го помести своето возило и да заземе таква положба на патот која овозможува разминување.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член.

**Член 49**

(1) На делот од јавен пат со голем надолжен наклон (планински и слично) на кој разминувањето на возилата е невозможно или е многу отежнато, возачот на возилото што се движи низ наклонот, е должен да го запре своето возило на погодно место, ако забележи дека по наклонот одоздола во пресрет му доаѓа друго возило.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, возачот кој се движи по наклонот нагоре е должен да го запре своето возило, ако пред себе има погодно место за запирање кое овозможува безбедно разминување и ако во случај да не постапи така, разминувањето би барало движење наназад на едно од возилата.

(3) На патот од ставот (1) на овој член, кога едно од возилата што се разминуваат задолжително треба да се движи наназад, ќе се движи наназад и:

- секое возило што се сретнало со возило што влече приклучно возило,
- товарно моторно возило што се сретнало со автобус,
- лесно возило што се сретнало со возило од повисока категорија и
- возило што се движи низ наколонот- ако се разминуваат возила од иста категорија, освен ако, со оглед на условите и положбата на возилата на патот, полесно е тоа да го стори возачот на возилото што се движи по наклонот нагоре.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

## 9. Престигнување и обиколување

**Член 50**

(1) Престигнување и обиколување возачот смее да врши само ако тоа не го попречува нормалното движење на возилата што доаѓаат од спротивната насока и ако на патот има доволно простор за безбедно изведување на тие дејствија.

(2) Возачот не смее да врши престигнување и обиколување, кога со тоа, со оглед на карактеристиките во сообраќајот и на постојните околности на патот и во сообраќајот или со оглед на техничките својства на возилото со кое управува, ги загрозува другите учесници во сообраќајот.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 150 евра во денарска противредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

**Член 51**

(1) Престигнување и обиколување се врши од левата страна.

(2) Престигнувањето се врши од десната страна, ако возилото на коловозот зазело таква положба и неговиот возач дава таков знак од што може сигурно да се заклучи дека тоа возило свртува налево.

(3) Возилото што се движи по шини поставени по средината на коловозот, не смее да се престигнува од лева страна. Тоа возило може да се престигнува од десна страна, ако меѓу тоа возило и десниот раб на коловозот постои сообраќајна лента.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

**Член 52**

(1) Ако на средината на коловозот се наоѓа пешачки остров или обележан или на друг начин означен простор за паркирање на возила, или некој објект или уред, нив возилата задолжително ги обиколуваат од десната страна.

(2) Ако површините, објектите или уредите од ставот (1) на овој член, се наоѓаат на средината на патот со еднонасочен сообраќај, а со поставениот сообраќаен знак поинаку не е определено, тие можат да се обиколуваат од двете страни.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 53**

(1) Возачот кому му е даден знак за престигнување од неговата лева страна е должен да го помести своето возило кон десниот раб на коловозот.

(2) Возачот не смее да ја зголемува брзината на движењето на своето возило, за време додека го престигнува друго возило.

(3) Ако заради недоволната ширина на коловозот или неговата состојба не е можно престигнување без загрозување на сообраќајот, возачот на возилото што се движи побавно од возилата што се движат непосредно зад него, е должен да го помести своето возило што повеќе надесно, а ако тоа не е доволно, да го запре своето возило на погодно место што ќе овозможи пропуштање на побрзите возила.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член.

**Член 54**

(1) Возачот не смее со возило да започне престигнување или обиколување:

- колона на возила,

- ако возачот кој се движи зад него започнал престигнување,

- ако возачот кој е пред него на истата сообраќајна лента дал знак дека има намера да го престигне или обиколи возилото што е пред неговото возило или да обиколи друга пречка на патот,

- ако сообраќајната лента по која е, со намера да го изврши престигнувањето, не е слободна на доволно растојание, така што, водејќи сметка за разликата меѓу брзината на движењето на своето возило за време на престигнувањето и брзината

на движење на возилата на другите учесници во сообраќајот што е со намера да ги престигне, со престигнувањето ќе ја загрози безбедноста на сообраќајот или ќе го попречи сообраќајот од спротивната насока,

- ако по извршеното престигнување или обиколување повторно не би можел да заземе положба на сообраќајната лента по која се движел пред престигнувањето или обиколувањето и тоа без попречување или загрозување на другите учесници во сообраќајот, освен кога за престигнување или обиколување ја користи сообраќајната лента што е забранета за сообраќај на возилата од спротивната насока и

- по сообраќајната лента што е наменета за принудно запирање на возилата.

(2) Возачот кој престигнува е должен своето возило да го држи на потребната оддалеченост од возилото што го престигнува, така да не го попречува ниту загрозува сообраќајот.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) алинеите 1, 2, 4, 5 и 6 на овој член. Покрај утврдениот износ на глоба, на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило од три до 12 месеци, под услови и постапка утврдени со закон.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставовите (1) алинеја 3 и (2) на овој член.

**Член 55**

(1) Возачот по престигнувањето или обиколувањето на едно или повеќе возила, е должен со возилото повторно да заземе положба на сообраќајната лента во која се движел пред да го започне дејствието, при што истото да го изврши без попречување или загрозување на другите учесници во сообраќајот.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 56**

(1) На коловоз на кој сообраќајот се одвива во две насоки, возачот не смее со возило да престигнува друго возило на мост, во тунел, пред врвот на преслап на патот или во кривина кога прегледноста на патот не е доволна, освен ако на тие места постојат повеќе сообраќајни ленти обележани со надолжни ознаки на коловозот и наменети исклучиво за движење на возилата во правецот на движењето на неговото возило.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член. Покрај утврдениот износ на глоба, на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за управување на моторно возило од три до 12 месеци, под услови и постапка утврдени со закон.

**Член 57**

(1) Возачот не смее да престигнува друго возило, освен велосипед, велосипед со помошен мотор, мопед и мотоцикл без странична приколка, непосредно пред крстосница или непосредно пред и на премин на патот преку железничка или трамвајска пруга на ниво без браник или полубраник.

(2) Непосредно пред крстосница и на крстосница, возачот смее да престигнува:

- возило што свртува налево, а се престигнува од десната страна (член 51 став (2) од овој закон),

- возило што свртува надесно, но притоа со своето возило не преминува на делот од коловозот наменет за сообраќај на возилата од спротивната насока,

- возило што се движи по пат со првенство на минување, но притоа со своето возило да не преминува на делот од коловозот наменет за сообраќај на возила од спротивна насока и

- во случај кога сообраќајот на крстосница е регулиран со светлосни сообраќајни знаци.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 58**

(1) Возачот не смее да престигнува друго возило кое се приближува кон обележан пешачки премин, кое преминува пешачки премин или кое застанало заради пропуштање на пешаци на тој премин.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член. Покрај утврдениот износ на глоба, на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за управување на моторно возило од три до 12 месеци, под услови и постапка утврдени со закон.

**Член 59**

(1) На јавен пат на кој постојат најмалку две сообраќајни ленти наменети за сообраќај на возила во иста насока и на кој има колони на возила, возачот на моторно возило може да ја напушти лентата на која се наоѓа само заради свртување налево или надесно или заради паркирање на возилото.

(2) Под условот од ставот (1) на овој член, побрзото движење на возилата на едната лента од движењето на другата лента на патот не се смета како престигнување.

(3) Како престигнување не се смета ниту поминувањето со возило од десната страна на возилото кое, согласно со одредбата од членот 28 став (4) од овој закон, за своето движење не ја користи сообраќајната лента покрај десниот раб на коловозот.

## 10. Наизменично пропуштање на возила

**Член 60**

(1) Правно лице кое заради изведување работи на пат е принудено да организира наизменично пропуштање на возила од спротивни насоки по една сообраќајна лента, е должно да го регулира ова пропуштање со поставување на привремени уреди за давање светлосни сообраќајни знаци на крајните точки на делот од патот на кој се изведуваат работите.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, ако делот од патот на кој се изведуваат работите е прегледен по целата своја должина и ако работите се изведуваат дење, а не траат подолго од четири часа, правното лице може да организира наизменичното пропуштање на возилата да го регулираат определени лица со наизменично кревање и спуштање на црвено, односно зелено знаменце или со поставување на црвена, односно зелена табла во тркалезна форма.

(3) Кога наизменичното пропуштање на возилата се регулира со знаменце или табла, право на минување имаат возилата што наидуваат од насоката каде што е кренато зеленото знаменце, односно е поставена зелената табла.

(4) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(5) За прекршокот од ставот (4) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член.

## 11. Звучни и светлосни сигнали за предупредување

### Член 61

(1) Возачот е должен да употреби звучен знак за предупредување кога тоа го бараат причините на безбедност на сообраќајот, а особено:

- на пат надвор од населено место, заради предупредување друг учесник во сообраќајот дека сака да го престигне или обиколи, ако би постоела опасност кога тој знак не би бил даден, да дојде до сообраќајна незгода;
- ако покрај коловозот се наоѓаат лица (деца, лица со посебни потреби, возрасни лица и слично), кои не обрнуваат внимание на движењето на возилото и
- на пат надвор од населено место, пред влегување во непрегледна и тесна кривина или пред доаѓање на преслап на кои е тешко разминувањето.

(2) Звучниот знак за предупредување не смее да се состои од низа тонови од различен интензитет.

(3) Возачот е должен давањето на звучен знак за предупредување да го сведе на неопходна мера.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 15 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

### Член 62

(1) На јавен пат возачот е должен да ги вклучи покажувачите на правци на возилото, а особено:

- ако врши предупредување на други учесници за опасност во сообраќајот,
- во услови на намалена видливост (густа магла, чад и слично),
- ако е последен во колоната на возила запрена на пат надвор од населено место, освен ако колоната запрела заради постапување според сообраќаен знак или правило со кое се регулира сообраќајот и
- ако запре на коловоз освен во случај на паркирање на обележано паркиралиште, односно поради постапување по сообраќаен знак или правилата во сообраќајот.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

## 12. Запирање и паркирање

### Член 63

(1) Возачот, односно сопственикот на возилото не смее да го запре или паркира возилото на место на кое тоа би ја загрозувало безбедноста на другите учесници во сообраќајот или би претставувало пречка за нормално одвивање на сообраќајот или за движењето на пешаците и велосипедистите.

(2) На јавен пат, на места односно на простор наменет за запирање и паркирање на возила, како и на посебно уредена сообраќајна површина наменета за движење на пешаци и велосипедисти, забрането е да се остават возила кои заради оштетеност, односно дотраеност, не се употребуваат во сообраќајот (хаварисани, напуштени возила, камп приколки и слично), како и други предмети со кои се попречува одвивањето на сообраќајот и се загрозува животната средина.

(3) Возилата и предметите од ставот (2) на овој член, сопствениците по барање на полициски службеник се должни да ги отстранат веднаш.

(4) Доколку сопствениците истите не ги отстранат, како и во случај кога тие се отсутни, возилата и предметите ќе бидат отстранети на трошок на нивните сопственици.

(5) Отстранувањето на возилата и предметите од ставовите (1) и (2) на овој член, го врши надлежно правно лице, на посебно уредени простори за таа намена.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот односно сопственикот на возилото кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

### Член 64

(1) На јавен пат надвор од населено место, возачот односно сопственикот на возилото е должен секогаш кога за тоа постои можност возилото да го запре или паркира надвор од коловозот.

(2) Возачот, односно сопственикот на возилото кој заради неисправност на возилото, сообраќајна незгода или друга оправдана причина е принуден возилото да го запре на коловозот, е должен да ги преземе сите мерки за да не ги доведе во опасност другите учесници во сообраќајот, а што побрзо возилото да го отстрани од коловозот.

(3) Ако возачот, односно сопственикот на возилото заради неисправност на возилото, сообраќајна незгода или од друга оправдана причина е принуден да го запре возилото на шини, должен е да го отстрани од шините веднаш, а ако е тоа невозможно - веднаш да ги преземе потребните мерки, со цел лицата кои управуваат со возилата што се движат по шини навреме да бидат предупредени за опасноста.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот односно сопственикот на возилото кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

**Член 65**

(1) Возачот, односно сопственикот на возилото кој запира или паркира возило на пат, е должен да го запре, односно паркира непосредно покрај десниот раб на коловозот, а на пат на кој сообраќајот се одвива само во една насока - може да го запре, односно паркира возилото покрај десниот или левиот раб на коловозот.

(2) Ако покрај десниот раб на коловозот се наоѓаат трамвајски или други шини, возачот односно сопственикот на возилото е должен да го запре или паркира возилото покрај левиот раб на коловозот.

(3) Возачот, односно сопственикот на возилото може да запре или да паркира возило на места што се наоѓаат на средината на коловозот, само ако тие места се обележани со соодветен сообраќаен знак или со ознака на коловозот.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот односно спственикот на возилото кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

**Член 66**

(1) Возачот, односно сопственикот на возилото не смее да запре или паркира возило особено:

- на обележан пешачки премин, како и на премин на велосипедска патека преку коловозот и на оддалеченост помала од десет метри од тие премини,
- на премин на патот преку железничка или трамвајска пруга во исто ниво,
- на железнички или трамвајски пруги и во близината на тие пруги, ако со тоа се спречува сообраќајот на возилата што се движат по шини,
- на крстосница и на оддалеченост помала од десет метри од најблискиот раб на напречниот коловоз,
- на мостови, во подвозници, на надвозници како и на растојание помало од петнаесет метри од мостови, тунели, подвозници и надвозници,
- на дел од јавен пат во близина на врв од преслап и во кривина, каде што прегледноста на патот е недоволна и каде што обиколување на возилото не би можело да се изврши без опасност,
- на дел од јавен пат, каде ширината на слободниот премин од запреното или паркираното возило до полната надолжна линија на коловозот или до некоја пречка на патот би била помала од три метри, односно до спротивниот раб на коловозот би била помала од четири метри,
- на место на кое возилото би го засолнувало поставениот сообраќаен знак или уредот за давање светлосни сообраќајни знаци,
- на велосипедска патека, односно лента,
- на тротоар, односно пешачка патека, ако тоа не е изречно регулирано со сообраќаен знак. Ако е дозволено паркирање, односно запирање, задолжително треба да се остави најмалку 1,6 метри ширина на површината за движење на пешаци, со тоа што таа површина не може да биде покрај работ на коловозот,
- на дел од коловозот, кој како стојалиште за возила на јавниот сообраќај е обележан со ознаки на коловозот,
- на дел од јавен пат пред премин на пат преку железничка или трамвајска пруга во исто ниво и тоа на оддалеченост помала од 15 метри од тие премини,
- на оддалеченост помала од 15 метри пред и зад знакот со кој е обележано стојалиште за возилата за јавен сообраќај,
- пред влез во објект, двор или гаража,

- на хортикултурно уредени зелени површини, градски зеленила и паркови,
- над приклучок на водоводната мрежа или влез во канализација или друга мрежа на комуналните претпријатија,
- на места предвидени за движење и паркирање на лица со посебни потреби,
- на место каде паркираното возило би го оневозможило пристапот на друго возило, заради паркирање или излегување на веќе паркирано возило,
- на плоштад, пешачка зона и противпожарен пат и
- на паркинг место кое со дополнителна табла, сообраќаен знак или ознака на коловозот е обележано место за паркирање на возила за лица со посебни потреби.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, возач на возило кој врши авто-такси превоз на патници може да запре на местата од ставот (1) алинеи 7, 10, 11, 13, 14, 16 и 18 на овој член или на сообраќајната лента за возила на јавен градски превоз која не е наменета за движење на трамваи исклучиво за потребното време за влез, односно излез на патници.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 180 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде, на возачот, односно сопственикот на возилото кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) алинеи 1, 2, 3, 4, 5, 6, 17, 19 и 20 на овој член.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде, на возачот, односно сопственикот на возилото кој постапува спротивно на одредбите од ставот (1) алинеи 7, 8, 11, 12 и 15 на овој член.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 40 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот, односно сопственикот на возилото кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) алинеи 9, 10, 13, 14 и 18 на овој член.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот, односно сопственикот на возилото кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) алинеја 16 на овој член.

## Член 67

(1) Возачот, односно сопственикот на возилото е должен моторно возило, трицикл, лесен четирицикл, четирицикл, трактор, приклучно возило и запрежно возило што е запрено на коловоз, да го обележи со посебен знак со кој се означува запрено возило на коловозот во случај:
- кога бил принуден своето возило да го запре на местото или на делот од патот согласно со членот 65 од овој закон;
- кога возилото е запрено на коловоз на такво место што возачите на возилата кои наидуваат од истата насока, не можат или тешко можат навремено да го забележат и
- на автопат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, како и на дел од патот што не е доволно прегледен.

(2) Знакот од ставот (1) на овој член, се поставува на коловозот зад запреното возило, во вертикална положба и на доволна оддалеченост, која на пат надвор од населено место не може да биде помала од 50 m, а во населено место не може да биде помала од 15 m. Знакот од ставот (1) на овој член на ист начин се поставува и кога на патот е запрена колона од моторни возила, при што во тој случај на коловозот наместо еден се поставуваат два знака и тоа еден покрај друг.

(3) Ако во моторното возило е вграден уред за истовремено вклучување на сите покажувачи на правецот, во случајот од ставот (1) на овој член, тој уред треба да биде вклучен.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот односно сопственикот на возилото кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

**Член 68**

(1) На запрено или паркирано возило не смеат да се отворат вратите, ако со тоа се попречува движењето на другите учесници во сообраќајот или се загрозува безбедноста на сообраќајот.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност, согласно со одредбите од овој закон, ќе му се издаде на лицето кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 69**

(1) Кога возачот, односно спственикот на возилото го остава возилото без непосреден надзор, е должен да ги преземе сите потребни мерки со кои ќе се спречи неовластено користење на возилото или самотргнување на возилото од местото на кое е оставено, а особено:

- да ги сврти предните тркала кон тротоарот, односно патот и да ја стави рачката на менувачот за возење наназад, ако возилото се остава на надолнина, односно да ги сврти предните тркала кон средината на патот, да ја стави рачката на менувачот во прв степен на пренос и да ја притегне паркирната кочница - ако возилото е оставено на нагорнина и
- да стави клинести подлошки под соодветните тркала на возилото, ако на пат со надолжен наклон е оставено возило кое е опремено со такви подлошки.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот односно сопственикот на возилото кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 70**

(1) На сообраќајна површина наменета за запирање и паркирање на возила, на која со сообраќаен знак или со посебна ознака се определени просторот и начинот за запирање и паркирање, возачот односно сопственикот на возилото е должен да го запре и паркира возилото само на определениот простор односно начин.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот, односно сопственикот на возилото кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 71**

(1) При запирање и паркирање на возила, возачот односно спственикот на возилото е должен меѓу своето возило и возилото што е претходно запрено или паркирано да остави доволен простор, за да може возачот на претходно паркираното возило непречено да влезе во возилото и возилото непречено повторно да се вклучи во сообраќај.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот односно спственикот на возилото кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 72**

(1) На јавен пат на кој има посебно изградени автобуски стојалишта надвор од коловозот, возач на автобус не смее заради влегување и излегување на патници, да го запира автобусот на коловозот.

(2) На јавен пат на кој има посебно обележани автобуски стојалишта на коловозот, возач на автобус не смее заради влегување и излегување на патници, да го запира автобусот надвор од автобуското стојалиште.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 73**

(1) Возило, освен велосипед, велосипед со помошен мотор, мопед и мотоцикл без бочна приколка, не смее да се паркира во двоен ред на коловозот.

(2) Во случај на принудно запирање на возилото поради сообраќајна незгода, изведување на работи на патот или во други случаи кога е неопходно запирање на возилото, возачот не смее да го напушти возилото, освен заради укажување помош на лице или во случај на опасност.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот, односно спотственикот на возилото кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

## 13. Влечење на приклучно и запрежно возило

**Член 74**

(1) Во сообраќајот на јавен пат, на моторно возило може да му бидат придодадени најмногу две приклучни возила за превоз на товар, односно едно приклучно возило за превоз на лица, а на автопат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила - само едно приклучно возило.

(2) Со моторно возило смее да се влече само приклучно возило кое суштински не ја намалува неговата стабилност.

(3) Моторно возило со влечен уред, не смее да учествува во сообраќајот на јавен пат, ако не влече приклучно возило.

(4) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(5) За прекршокот од ставот (4) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член.

**Член 75**

(1) Во сообраќај на пат, трактор може да влече само едно запрежно возило кое е преуредено за влечење со трактор.

(2) Запрежното возило од ставот (1) на овој член задолжително треба да има гумени тркала.

(3) Запрежното возило од ставот (1) на овој член треба да биде приклучено со помош на крута врска (руда) која го оневозможува нивното раздвојување.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите од (1), (2) и (3) на овој член.

**Член 76**

(1) Со мобилни машини во сообраќај на пат може да се влечат приклучни возила кои служат за нивна намена.

(2) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 77**

Со велосипед, велосипед со помошен мотор и мопед во сообраќај на пат може да се влече приклучно возило со две тркала, под услов да не се загрозува неговата стабилност.

## 13.1. Влечење на неисправно возило

**Член 78**

(1) Моторно возило може да влече друго возило поради неисправност, односно недостиг на одделни делови, само ако не може самостојно да се движи.

(2) Моторно возило не може да влече мотоцикл со или без странична приколка или друго возило на две тркала.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 79**

(1) Моторно возило може да влече друго неисправно моторно возило ноќе и дење во услови на намалена видливост, ако на влеченото возило се вкучени покажувачи на правците и светлата за означување на возилото или ако моторното возило употребува жолто ротационо светло.

(2) На правното лице кое ќе нареди, односно дозволи влечење на моторно возило, спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 80**

(1) За време на влечењето на возилото од членот 78 став (1) од овој закон, на влечното возило треба да бидат вклучени покажувачи на правците, додека на влеченото возила ако се исправни. Двете возила треба да бидат обележани со сигурносен триаголник.

(2) Сигурносниот триаголник од ставот (1) на овој член на влечното возило се поставува на предната страна, додека на влеченото возило на задната страна.

(3) Со влеченото возило од ставот (1) на овој член е забрането превоз на лица, со исклучок на возачот кој го управува возилото.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

**Член 81**

(1) Моторно возило на пат може да се влече со помош на јаже, крута врска (руда) и со потпирање или бесење на возилото за влечното возило.

(2) Со помош на јаже не смее да се влече моторно возило на кое не му се исправни уредите за управување или уредите за запирање, ниту товарно моторно возило и автобус.

(3) Со крута врска не смее да се влече моторно возило кое нема исправен уред за управување, ниту моторно возило потешко од влечното возило, ако не му е исправна работната кочница.

(4) На правното лице кое ќе нареди или дозволи влечење на возило, спротивно на одредбите од ставовите (2) и (3) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(5) За прекршоците од ставот (4) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (2) и (3) на овој член.

**Член 82**

(1) Ако моторно возило се влече со помош на јаже или крута врска, лицето кое управува со влеченото возило потребно е да има возачка дозвола за управување од онаа категорија возила на која му припаѓа возилото кое се влече.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 83**

(1) Влечење на натоварено товарно возило со или без приклучно возило, односно трактор со приклучно возило, е дозволено само до првото место погодно за претовар на товарот, а по исклучок и до првото место на кое може да се отстрани неисправноста на возилото.

(2) На правното лице кое ќе нареди или дозволи да се влече возило спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 84**

(1) Растојанието меѓу влечното и влеченото моторно возило, ако се влече со јаже изнесува три до пет метри, а ако се влече со помош на крута врска може да изнесува и помалку од три метри.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачите на возилата кои постапуваат спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 85**

(1) Моторно возило кое на пат влече друго неисправно моторно возило, не смее да се движи со брзина поголема од 40 km/h.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

## 14. Употреба на светла во сообраќајот

**Член 86**

(1) Во сообраќај на пат, дење и ноќе, за време на управување со возилото, возачот на возилото задолжително треба да ги има запалено најмалку соборените светла за осветлување на патот.

(2) Обврската од ставот (1) на овој член, не се однесува за возачите на запрежни возила, велосипедистите и возачите на електрични тротинети кога запрежното возило, велосипедот односно електричниот тротинет го управуваат дење, освен во услови на намалена видливост.

(3) Ако на запрежното возило едно светло се наоѓа на предната страна, а друго на задната страна, тие светла задолжително треба да бидат поставени на надолжната оска на возилото и за одбележување на левата страна на неговата лева страна, а ако на запрежното возило се наоѓа само една светилка, таа задолжително треба да биде поставена на левата страна на возилото.

(4) Во условите од ставот (1) на овој член, запрежното возило задолжително треба да има два катадиоптери со црвена боја на задната страна и по еден катадиоптер со жолта или портокалова боја на секоја страна.

(5) На велосипедот задолжително треба да има светло во бела боја на предната страна, како и катадиоптер со црвена боја или рефлектирачка лента на задната страна и најмалку по еден катадиоптер со жолта или портокалова боја на бочните страни.

(6) На електричниот тротинет задолжително треба да има светло во бела боја на предната страна и светло со црвена боја на задната страна.

(7) Кога возилото на моторен погон, влече едно или две приклучни возила, најмалку две црвени светла задолжитлено треба да бидат запалени на задната страна на последното приклучно возило, а ако ширината на приклучното возило изнесува повеќе од 1,6 m, на предната страна на првото приклучно возило задолжително треба да бидат запалени две бели светла.

(8) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 15 евра дење, 35 евра ноќе во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член.

(9) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде согласно со одредбите од овој закон, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (2), (3), (4) и (7) на овој член.

(10) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на велосипедист или возач на електричен тротинет кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (5) и (6) на овој член.

**Член 87**

По исклучок од одредбите од членот 86 од овој закон, обврската за задолжителна употреба на запалени светла не се однесува на:

- возило што е запрено или паркирано на осветлен дел од патот, така што јасно може да се гледа од доволна оддалеченост,
- возило што е запрено или паркирано на посебено определени места на коловозот или надвор од него или на улици со послаб сообраќај и
- велосипед, електричен тротинет, велосипед со помошен мотор, мопед, мотоцикл, трицикл, лесен четирицикл и четрицикл - кога се запрени или паркирани во населено место, покрај самиот раб на коловозот.

**Член 88**

(1) Ноќе, како и дење во случај на намалена видливост, задолжително треба да носат запалени светла кога се движат по коловозот надвор од населено место:

- група пешаци што се движи во организирана колона или поворка - најмалку едно бело или жолто светло на почетокот на колоната, односно поворката и најмалку едно црвено светло на нејзиниот крај и
- водачи на запрежни возила и јавачи и терачи на добиток - најмалку едно бело или жолто светло напред и најмалку едно црвено светло назад.

(2) Наместо светлата од ставот (1) на овој член, можат да се употребуваат рефлектирачки материи.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарската противвредност ќе му се издаде на лицето кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

### Член 89

(1) За осветлување на патот, возачот на моторно возило, по правило ги употребува долгите светла.

(2) Возачот на моторно возило е должен наместо долгите светла за осветлување на патот, да ги употребува соборените светла:

- пред разминувањето со друго возило на оддалеченост од која ќе оцени дека со светлото на своето возило го заслепува возачот на возилото што му доаѓа во пресрет, а при разминувањето со друго возило - кога возачот на тоа возило ќе премине на соборени светла или кога со наизменично палење и гасење на светлата го предупредува дека долгите светла му пречат, а секогаш на оддалеченост помала од 200 m,
- за времето додека на кратко растојание се движи зад друго возило, во таква положба што со долгите светла на своето возило го заслепува возачот на возилото пред себе,
- за времето додека со возилото минува покрај организирана колона на пешаци и
- кога се движи по пат што се протега непосредно покрај пловен пат или покрај железничка или трамвајска пруга - при средба со пловен објект, односно со возило што се движи по шини, а кое наидува од спротивна насока.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

### Член 90

(1) Светлата за означување на моторно возило, задолжително се употребуваат во условите од членот 86 став (1) од овој закон и во услови на намалена видливост кога возилото е запрено или паркирано на пат.

(2) Светлата за означување на моторно возило, задолжително треба да бидат запалени за време додека се запалени кои и да било светла за осветлување на патот или посебни светла за магла.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

### Член 91

(1) Во магла, возачот на моторно возило, задолжително треба да ги има запалено соборените светла за осветлување на патот или светлата за магла или двете светла истовремено.

(2) Светлата за магла можат да се употребуваат само во услови на магла или во случај на намалена видливост.

(3) Светлата за магла што се наоѓаат на предната страна на возилото задолжително треба да бидат во бела или жолта боја, а на задната страна со црвена боја.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

**Член 92**

(1) Возилата не смеат на предната страна да имаат светлосни, светлосно-сигнални или рефлектирачки уреди или материи што даваат светло со црвена боја, а на задната страна - уреди или материи што даваат светло со бела боја.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член, во однос на светлото со бела боја не се однесува на светлото за осветлување на патот при возење наназад, на подвижното светло за истражување (рефлектор), на светлото за осветлување на регистарската таблица и на регистарската таблица премачкана со бела рефлектирачка боја.

(3) Одредбата од ставот (1) на овој член, не се однесува ниту на црвеното трепкаво светло на посебните моторни возила што следат возила под придружба.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

## 15. Растојание помеѓу возилата

**Член 93**

(1) Возачот е должен да го управува возилото на оддалеченост од другите возила што учествуваат во сообраќајот, која одговара на брзината на движењето на возилото и другите околности на сообраќајот, при што со таа оддалеченост од другите возила не предизвикува опасност и не ги попречува другите возачи.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 94**

(1) Кога на јавен пат надвор од населено место кој има само по една сообраќајна лента наменета за сообраќај на возила во една насока, се движат едно по друго моторно возило чија најголема дозволена маса е поголема од 3.500 kg, чија должина е поголема од седум метри, возачите се должни меѓу секое од тие возила да држат оддалеченост од најмалку 100 m.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член, не се однесува на делот од јавен пат на кој престигнувањето е забрането.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

## 16. Сообраќај на трамвај и други возила на шини

**Член 95**

Одредбите на членовите од 17 до 92 од овој закон, соодветно се применуваат и врз сообраќајот на трамваи и на други возила кои на патот се движат по шини, освен ако тоа не го исклучуваат конструкциските особини на тие возила или начинот на нивното движење.

## 17. Сообраќај на велосипеди, велосипеди со помошен мотор, мопеди, мотоцикли, трицикли, лесни четирицикли и четирицикли

### Член 96

(1) Возачот на велосипед и на велосипед со помошен мотор, мопед е должен да се движи што поблиску до десниот раб на коловозот, а ако постои велосипедска патека - по велосипедската патека, односно лента.

(2) Ако двајца или повеќе возачи на велосипед и на велосипед со помошен мотор, мопед се движат во група се должни да се движат еден по друг.

(3) Ако на патот постои посебно уредена велосипедска патека, возачот на велосипед и на велосипед со помошен мотор, мопед се движи по десната велосипедска патека во однос на правецот на движењето на сообраќајот.

(4) На велосипедски патеки уредени и обележани за сообраќај на велосипеди и велосипеди со помошен мотор, мопед во двете насоки, истите се движат по десната страна во правецот на движењето на возилата.

(5) Возачот на велосипед и на велосипед со помошен мотор, мопед може да се движи само по оние сообраќајни површини каде што е дозволено движење со такви возила.

(6) Возачот на велосипед со помошен мотор, мопед не смее да се движи по велосипедска патека, односно лента со брзина поголема од 25 km/h.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, согласно со одредбите од овој закон, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член.

### Член 96- а

(1) Возачот на велосипед, велосипед со помошен мотор, мопед, мотоцикл, трицикл, лесен четирицикл и четирицикл, за време на управувањето со возилото не смее да користи електронски уреди, како што се слушалки во двете уши, мобилен телефон, таблет, смарт часовник или друг вид електронски уред, со кој би му се намалила можноста за реагирање и сигурно управување со возилото, освен специјализираните уреди за комуникација кои се вградени во заштитните шлемови.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, согласно со одредбите од овој закон, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член.

### Член 97

(1) Возачот на велосипед, на велосипед со помошен мотор, на мопед, на мотоцикл, трицикл, лесен четирицикл и на четирицикл, е должен да управува со возилото на начин на кој не се намалува стабилноста на возилото и не се попречуваат другите учесници во сообраќајот, а особено не смее да ги симнува рацете од управувачот, да се придржува за друго возило, да превезува, влече или турка предмети што можат да го попречуваат во управувањето со возилото или да ги загрозуваат другите учесници во сообраќајот.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

### Член 98

(1) Возачот на велосипед, на велосипед со помошен мотор, на мопед, на мотоцикл, трицикл, лесен четирицикл и на четирицикл, може да превезува други лица само ако на возилото постојат посебни седишта, а возачот на мотоцикл во страничната приколка.

(2) Возач на велосипед со помошен мотор, на мопед, на мотоцикл, на трицикл, на лесен четирицикл и на четирицикл не смее со возилото да превезува лице кое е под дејство на алкохол.

(3) Деца до 14 годишна возраст не смеат на велосипед да превезуваат други лица.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на родителот, односно старателот на дете кое постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член.

### Член 99

(1) Возачот и лицата кои се превезуваат со велосипед со помошен мотор, мопед, мотоцикл, трицикл, лесен четрицикл и четирицикл задолжително носат заштитен шлем на главата за време на возењето на патот.

(2) Возачот и лицата кои се превезуваат со велосипед, треба да носат заштитен шлем на главата за време на возењето на патот.

(3) Возачот и лицата кои се превезуваат со велосипед ноќе и во услови на намалена видливост треба да носат рефлектирачки елек за време на возењето на патот.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот и лицата кои постапуваат спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на родителот, односно старателот на дете кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

### Член 100

(1) Во сообраќај на патот велосипед, велосипед со помошен мотор, мопед, мотоцикл, трицикл, лесен четирицикл и четирицикл, смее да влече приколка со две тркала, под услов да биде така прицврстена да не се намалува стабилноста на возилото.

(2) Приколката од ставот (1) на овој член, не смее да биде поширока од 1 m, а вкупната маса не може да биде поголема од 50 kg и на задната лева страна задолжително треба да има по еден катадиоптер со жолта или портокалова боја на секоја страна.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност согласно со одредбите од овој закон, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 101**

(1) На велосипед, велосипед со помошен мотор, мопед, мотоцикл, трицикл, лесен четирицикл и четирицикл како и во приколката што ја влечат овие возила, не смеат да се превезуваат предмети пошироки од еден метар.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност согласно со одредбите од овој закон ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 102**

(1) Возач на велосипед, на велосипед со помошен мотор, мопед, мотоцикл, трицикл, на лесен четирицикл и на четирицикл, за времето додека управува со возилото не смее да води животни.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност согласно со одредбите од овој закон, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 103**

(1) На магистрален и регионален пат не смее да се врши оспособување на лица за управување со велосипед, велосипед со помошен мотор, мопед, трицикл, лесен четирицикл и четирицикл.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност согласно со одредбите од овој закон, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член.

**17-а Сообраќај на електрични тротинети**

**Член 103-а**

(1) Возачот на електричен тротинет е должен да го управува возилото по велосипедска патека или велосипедска лента, а доколку истите не се изградени, по пешачка патека, односно друга површина наменета за движење на пешаци.

(2) Ако двајца или повеќе возачи на електричен тротинет се движат во група, истите се должни да се движат еден позади друг.

(3) Ако на патот постои посебно уредена велосипедска патека, велосипедска лента, тротоар или пешачка патека, возачот на електричен тротинет е должен да го управува возилото по десната велосипедска патека, велосипедска лента, тротоар или пешачка патека во однос на правецот на движењето на сообраќајот.

(4) На велосипедска патека, велосипедска лента, тротоар или пешачка патека, уредени и обележани за сообраќај на електрични тротинети во двете насоки, истите се движат по десната страна во правецот на движењето на возилата.

(5) Возачот на електричен тротинет, може да се движи само по оние сообраќајни површини каде што е дозволено движење со такви возила.

(6) Возачот на електричен тротинет, не смее да се движи по велосипедска патека односно лента со брзина поголема од 25 km/h.

(7) Возачот на електричен тротинет, не смее да се движи по тротоар, пешачка патека односно друга површина наменета за движење на пешаци, со брзина поголема од 6 km/h.

(8) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 80 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, согласно со одредбите од овој закон, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член.

(9) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 120 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, согласно со одредбите од овој закон, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (6) и (7) на овој член.

(10) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 80 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на родителот, односно старателот на дете кое постапува спротивно на одредбата од ставот (8) на овој член.

(11) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 120 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на родителот, односно старателот на дете кое постапува спротивно на одредбата од ставот (9) на овој член.

**Член 103-б**

(1) Возачот на електричен тротинет е должен да управува со возилото на начин на кој не се намалува стабилноста на возилото и не се попречуваат другите учесници во сообраќајот, а особено не смее да ги симнува рацете од управувачот, да се придржува за друго возило, да превезува, влече или турка предмети што можат да го попречуваат во управувањето со возилото или да ги загрозуваат другите учесници во сообраќајот. Возачот на електричен тротинет за време на управувањето со возилото не смее да користи електронски уреди, како што се слушалки во двете уши, мобилен телефон, таблет, смарт часовник или друг вид на електронски уред со кој би му се намалила стабилноста и можноста за реагирање и сигурно управување со возилото, освен специјализираните уреди за комуникација кои се вградени во заштитните шлемови.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на родителот, односно старателот на дете кое постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

**Член 103-в**

(1) Електричен тротинет може да управува лице кое навршило 14 години возраст.

(2) Возачот на електричен тротинет не смее да превезува други лица за време на управување со возилото.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставот (2) на овој член.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на родителот, односно старателот на дете кое постапува спротивно на одредбата од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 103-г**

(1) Возачот на електричен тротинет треба да носи заштитен шлем на главата за време на управувањето на возилото.

(2) Возачот на електричен тротинет, од првиот самрак до потполно разденување, како и во услови на намалена видливост, е должен да носи рефлектирачки елек за време на управувањето на возилото.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска согласно со ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на родителот, односно старателот на дете кое постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

**Член 103-д**

(1) Возач на електричен тротинет, за времето додека управува со возилото не смее да води животни.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност согласно со одредбите на овој закон, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на родителот, односно старателот на дете кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

## 18. Сообраќај на мобилни машини, мотокултиватори, трактори и тракторски приколки

**Член 104**

(1) Мобилна машина, мотокултиватор, трактор и тракторска приколка во сообраќајот на пат ги имаат само оние приклучници што се произведени за таа цел.

(2) Мобилна машина, мотокултиватор, трактор и тракторска приколка во сообраќајот на пат, задолжително треба да бидат технички исправни и да имаат исправни уреди.

(3) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 104- а**

(1) Возачот на мобилна машина, мотокултиватор и трактор, за време на управувањето со возилото не смее да користи електронски уреди, како што се слушалки во двете уши, мобилен телефон, таблет, смарт часовник или друг вид на електронски уред, со кои би му се намалила можноста за реагирање и сигурно управување со возилото.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, согласно со одредбите од овој закон, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член.

## 19. Сообраќај на запрежни возила

### Член 105

(1) Возачот на запрежно возило, за целото време додека возилото се движи по патот, е должен да го држи возилото што поблиску до десниот раб на коловозот.

(2) Возачот на запрежно возило се смета дека управува со впрегнатиот добиток, ако истиот го води или ако уздите ги држи во раце.

(3) Возач на запрежно возило не смее да се движи по магистрален пат и магистрални и собирни улици или да ја тера запрегата со кас или галоп кога се движи со возилото во населено место .

(4) Кога запрежно возило се движи по јавен пат, задолжително треба да има исправен уред за сопирање на задните тркала.

(5) Возачот на запрежното возило кое се движи зад друго запрежно возило на пат со изграден коловоз, е должен да го држи своето возило на растојание од најмалку 100 m од возилото кое се движи пред него.

(6) За запрежно возило кое се движи на регионален пат смее да се врзе само едно грло добиток и тоа од десната страна на задниот дел на возилото, со јаже или синџир кои не смеат да бидат подолги од еден метар.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите од (1), (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член.

### Член 106

(1) Возачот на запрежно возило при преминување на пат резервиран за сообраќај на моторни возила и на пат преку железничка пруга во ниво без граници или полубраници, како и кога се впрегнати две запреги, односно се влечат две запрежни возила со иста запрега, е должен да го води впрегнатиот добиток.

(2) Запрежното возило не смее да се остава на патот без надзор.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

### Член 107

(1) Во сообраќај на јавен пат, во запрежно возило можат да бидат впрегнати најмногу две запреги една зад друга.

(2) На запрежно возило може да биде прикачено само уште едно запрежно возило.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност во ќе му се издаде на возачот на запрежно возило кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

## 20. Движење на добиток

### Член 108

(1) Добиток не смее да се остава на јавен пат и во заштитен појас, без надзор на терач на добиток.

(2) Терачот на добиток од ставот (1) на овој член, е должен добитокот да го води што е можно поблиску до десниот раб на патот.

(3) На магистрален и регионален пат, не смее да се тера добиток во стадо или крдо, освен ако за тоа не постои друга можност.

(4) Добиток што се тера во стадо или крдо на магистрален, регионален и локален пат, задолжително треба да го надгледуваат доволен број на терачи кои се должни да обезбедат добитокот да не преминува на левата страна на коловозот.

(5) Терачите на добиток од ставот (4) на овој член, треба да се распоредени напред и назад од стадото или крдото, од левата страна во правец на движењето.

(6) Ноќе, терачите на добиток напред и назад од стадото или крдото задолжително треба да носат запалени светла видливи за другите учесници во сообраќајот.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на лицето (терачот на добиток) кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член.

**Член 109**

(1) Терач на добиток на магистрален и регионален пат не може да биде лице кое не наполнило 14 години возраст, а на другите патишта - лице кое не наполнило десет години возраст.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на родителот односно старателот на лицето (терач на добиток) кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 110**

(1) На магистрален и регионален пат не смее да се врши собирање и задржување на добиток.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на лицето (терач на добитокот) кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 111**

(1) Преминување со добиток преку јавен пат на кој нема изградени или определени премини се врши на прегледни делови од патот.

(2) Преминувањето на добиток во стадо или крдо преку магистрален и регионален пат може да се врши само ако тоа го обезбедат најмалку двајца терачи кои се поставуваат на едната и другата страна на патот.

(3) Во случај кога преминувањето на добиток во стадо или крдо преку магистрален и регионален пат од ставот (2) на овој член се врши ноќе и дење во услови на намалена видливост, терачите од ставот (2) на овој член носат запалени црвени светла видливи за другите учесници во сообраќајот, при што растојанието меѓу нив не смее да биде помало од 150 m.

(4) Во случај кога терачите на добиток водат две или повеќе стада или крда, стадото или крдото не смее да биде подолго од 50 m, додека растојанието меѓу нив не смее да биде помало од 100 m.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на лицето (терач на добиток) кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член.

## 21. Движење на пешаци

### Член 112

(1) Пешакот, по правило, не смее да се движи и да се задржува на коловозот, освен во случаи предвидени со овој закон.

(2) Ако пешакот се движи по коловозот, тој задолжително треба да се движи што поблиску до работ на коловозот и тоа мошне внимателно и на начин на кој не го попречува или не го спречува сообраќајот на возилата.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на пешакот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

### Член 113

(1) На јавен пат што има тротоар или друга површина определена за движење на пешаци, односно површина покрај коловозот погодна за движење на пешаци, пешакот е должен да се движи по тие површини.

(2) На јавен пат што има тротоар или друга површина определена за движење на пешаци, односно површина покрај коловозот погодна за движење на пешаци, а која пешаците не можат да ја користат од причина има поставено определени препреки, пешакот е должен пред стапувањето на коловозот, да обрне внимание на неговата оддалеченост од возилата и на брзината со која истите се движат.

(3) На јавен пат на кој не постои тротоар или друга површина определена или погодна за движење на пешаци, или на јавен пат на кој постои тротоар или друга површина определена, односно погодна за движење на пешаци, а која пешаците не можат да ја користат од која и да било причина, пешаците можат да се движат по коловозот, но притоа да користат најмногу еден метар широк дел од коловозот, сметано од работ на коловозот.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на пешакот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

### Член 114

(1) Кога пешаците се движат по коловозот на кој безбедноста на сообраќајот тоа го бара, а особено во случај на слаба прегледност на патот, намалена видливост или густ сообраќај на возила, се должни да се движат еден зад друг.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на пешакот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

### Член 115

(1) Пешакот кој се движи по коловозот на јавен пат надвор од населено место е должен да се движи до левиот раб на коловозот во правецот на движењето.

(2) По исклучок од одредбата на ставот (1) на овој член, пешакот може да се движи до десниот раб на коловозот само кога таквото движење за него е посигурно (непрегледна кривина, бездна, засек, одрон и слично).

(3) Пешакот кој турка рачна количка, велосипед, велосипед со помошен мотор, мотоцикл, како и лицата кои се движат со помош на подвижни столови за неможни лица со брзина не поголема од брзината на човечки од, како и организирана колона пешаци, се движат до десниот раб на коловозот во правецот на движењето.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на пешакот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

**Член 116**

(1) Пешакот е должен преку коловозот и велосипедската патека или лента да преминува внимателно и по најкраток пат, откако пред стапувањето на коловозот, ќе се увери дека тоа може да го стори на безбеден начин.

(2) На јавен пат што има обележани пешачки премини или посебно изградени премини, односно минувалишта за пешаци, пешакот е должен при преминувањето на патот да се движи по тие премини, односно минувалишта, ако тие од него не се оддалечени повеќе од 100 m.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на пешакот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 116- а**

(1) Пешакот е должен кога се движи по коловоз под услови утврдени со овој закон или кога преминува преку коловозот и велосипедската патека или велосипедската лента, да се движи и преминува внимателно, без притоа да користи електронски уреди, како што се слушалки во двете уши, мобилен телефон, таблет, смарт часовник или друг вид електронски уред со кој би му се намалило вниманието додека го преминува коловозот и велосипедската патека или велосипедската лента.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 40 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на пешакот кој постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член.

**Член 117**

(1) Пешакот кој е со намера да премине преку коловозот на место каде што не постои обележан пешачки премин, не смее да стапи на коловозот ако со тоа го попречува сообраќајот на возилата.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на пешакот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 118**

(1) На обележан пешачки премин на кој сообраќајот на пешаците е регулиран со светлосни сообраќајни знаци за пешаци, пешакот е должен да постапува според тие знаци.

(2) На обележан пешачки премин на кој сообраќајот на пешаците не е регулиран со светлосни сообраќајни знаци за пешаци, но сообраќајот на возилата е регулиран со светлосни сообраќајни знаци за возила или со знаци што ги дава полициски службеник, пешаците можат да преминуваат преку коловозот само додека со дадениот знак е дозволено преминување преку коловозот.

(3) На обележан пешачки премин на кој сообраќајот не е регулиран со светлосни сообраќајни знаци, ниту со знаци што ги дава полициски службеник, пешакот е должен пред стапувањето на пешачкиот премин да обрне внимание на оддалеченоста и на брзината на возилата што му се доближуваат.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на пешакот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

### Член 119

(1) Организирани колони на пешаци на коловоз, не смеат да бидат подолги од 50 m.

(2) Ако по коловоз се движат повеќе организирани колони на пешаци растојанието меѓу нив не смее да биде помало од 50 m.

(3) Ноќе и во услови на намалена видливост, како и во други случаи, кога тоа го бара безбедноста на сообраќајот, пешаците кои се движат по коловоз во организирана колона, освен кога се движат погребни поворки и единици на Армијата на Република Северна Македонија и на полицијата, се должни да се движат во колона по еден.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на пешакот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

### Член 120

(1) На коловоз не смее да се игра, лизга, скија и санка, како и да се вози тротинет, ролери, скироли и друго.

(2) На тротоар или друга површина определена за движење на пешаци, не смее да се игра или подолго време да се оставаат предмети, ако со тоа се попречува движењето на пешаците.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лицето кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

### Член 121

(1) Лице кое се движи со помош на подвижен стол за немоќни лица што се движи со силата на сопствен мотор, може по исклучок да се движи и по тротоар ако брзината на неговото движење не е поголема од брзината на пешачки од.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 15 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лицето кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

## 22. Обврска на возачите кон пешаците

### Член 122

(1) Ако сообраќајот на обележан пешачки премин е регулиран со светлосни сообраќајни знаци или со знаци што ги дава полициски службеник, возачот е должен своето возило да го запре пред пешачкиот премин кога со дадениот знак му е забрането минување, а ако на таков премин со дадениот знак му е дозволено минување - возачот не смее да го попречува минувањето на пешаците кои веќе стапиле на пешачкиот премин.

(2) Ако обележаниот пешачки премин од ставот (1) на овој член, се наоѓа на влезот на страничен пат, возачот кој свртува на тој пат е должен свртувањето да го врши со намалена брзина и да ги пропушти пешаците кои веќе стапиле или кои стапуваат на пешачкиот премин, а по потреба и да го запре своето возило.

(3) Ако на обележаниот пешачки премин сообраќајот не е регулиран со уреди за давање светлосни сообраќајни знаци, ниту со знаци на полициски службеник, возачот е должен кон таквиот пешачки премин да се доближува со доволно умерена брзина и да го запре своето возило за да ги пропушти и да не ги загрози пешаците кои стапиле или кои стапуваат на пешачкиот премин.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член. Покрај утврдената глоба на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на управување со моторно возило од три до 12 месеци, под услови и начин утврдени со закон.

**Член 123**

(1) Возачот кој свртува на страничен пат на чиј влез не постои обележан пешачки премин е должен свртувањето да го изврши со намалена брзина и да ги пропушти пешаците кои веќе стапиле на коловозот.

(2) Прекршочен платен налог со глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 124**

(1) Возачот кој со возило преминува преку површина наменета за движење на пешаци (движење преку тротоар, излегување од гаража, двор или друга површина која не е наменета за јавен сообраќај), не смее притоа да го загрозува или попречува движењето на пешаците.

(2) Возач кој се движи со возило по коловоз на која има вода, е должен да го приспособи возењето така да не ги прска пешаците, возачите на велосипеди, велосипеди со помошен мотор, мопеди, мотоцикли, трицикли, лесни четирицикли и четирицикли.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 125**

(1) Возачот со возило не смее да пресекува колона деца, единици на Армијата на Република Северна Македонија и на полицијата, погребна поворка, како и секоја друга организирана поворка на граѓани што се движи по коловозот.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

## 23. Сообраќај на премин на пат преку железничка пруга

**Член 126**

(1) Возачот кој со возило се доближува кон премин на пат преку железничка пруга во исто ниво е должен движењето на возилото да го прилагоди така да може да го запре пред уредот за затворање на сообраќајот на преминот или пред уредот за давање знаци со кои се најавува доближување на воз, односно да може да го запре возилото пред да стапи на железничката пруга.

(2) Возачот на возилото кое се доближува кон преминот од ставот (1) на овој член, е должен да застане на знак на овластените работници од областа на железничкиот сообраќај.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 127**

(1) Учесниците во сообраќајот се должни да запрат пред премин на јавен пат преку железничка пруга во исто ниво, ако уредот за затворање на сообраќајот е спуштен, или ако тој уред веќе почнал да се спушта или ако се даваат светлосни или звучни знаци што предупредуваат дека тој уред ќе почне да се спушта, односно дека кон преминот на патот преку железничката пруга наидува воз.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член. Покрај утврдениот износ на глоба, на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на управување со моторно возило од шест до 12 месеци, под услови и постапка утврдени со закон.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на пешакот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 128**

(1) Пред премин на патот преку железничка пруга во исто ниво на кое се поставени светлосни сообраќајни знаци, учесниците во сообраќајот се должни да запрат кога ќе се појави црвено трепкаво светло или црвено непрекинато светло.

(2) Учесниците во сообраќајот кои минуваат преку железничка пруга во исто ниво, се должни тоа да го прават со особена претпазливост и кога светлата на преминот не се запалени.

(3) На премин на патот преку железничка пруга во исто ниво, на кој нема уред за затворање на сообраќајот ниту уред за давање на знаци со кои се најавува доближување на воз, учесниците во сообраќајот можат да преминат преку железничката пруга дури откако претходно ќе се уверат дека по пругата не наидува воз или некое друго возило што се движи по шини.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставовите (1) и (3) на овој член. Покрај утврдениот износ на глоба, на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на управување со моторно возило од шест до 12 месеци, под услови и постапка утврдени со закон.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на пешакот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (3) на овој член.

## 24. Сообраќај на автопат, експресен пат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила

**Член 129**

(1) По автопат, експресен пат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, не смеат да се движат пешаци, велосипеди, мобилни машини, мотокултиватори, трактори, запрежни возила и добиток, ниту возила кои според одредбите на овој закон не се сметаат за моторни возила, освен моторцикли чија сила на мотор е поголема од 35 киловати.

(2) На автопат, експресен пат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, не смеат да се движат ниту моторни возила, кои според своите конструкциски својства не можат да се движат со брзина од најмалку 60 km/h.

(3) Одредбата од ставот (2) на овој член не се однесува на возилата на Армијата на Република Северна Македонија, полицијата, како и возила на правното лице надлежно за одржување на патишта, кога даваат посебни светлосни знаци (жолто трепкачко светло).

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе им се издаде на лицата кои постапуваат спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 130**

(1) На автопат, експресен пат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, возачот не смее да запира и паркира возило, освен на површините надвор од коловозот кои за тоа се посебно уредени и обележани.

(2) Возачот кој заради неисправност на возилото или од други причини е принуден да го запре возилото на коловозот од автопатот, експресниот пат односно од патот резервиран за сообраќај на моторни возила, е должен истото да го запре на посебната лента за принудно запирање на возило, ако таа постои на тоа место и да ги преземе потребните мерки за што побрзо отстранување на возилото од коловозот.

(3) На автопат, експресен пат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, возачот не смее да врши полукружно свртување со возилото од една насока на сообраќајот во спротивната насока, ниту движење со возилото наназад.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (3) на овој член.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

**Член 131**

(1) На автопат, експресен пат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, не смее да се вклучи моторно возило што влече друго моторно возило, кое заради неисправност или недостиг на одделни делови не може да се движи.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, влечење на возилото е дозволено по автопат, експресен пат односно на пат резервиран за сообраќај на мотори возила, ако причината за влечење настанала за време на движењето на моторното возило по автопатот, експресниот пат односно по патот резервиран за сообраќај на моторни возила, но само по крајната десна сообраќајна лента до првиот приклучен пат по кој влеченото возило може да се исклучи од сообраќајот на автопатот, експресниот пат односно патот резервиран за сообраќај на моторни возила.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

**Член 132**

(1) На автопат, експресен пат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, моторните возила се движат по крајната десна сообраќајна лента, која не е зафатена со возила во колона.

(2) На автопат, експресен пат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, возач смее да ја менува сообраќајна лента заради побрзо движење, само со преминување со возилото во левата сообраќајна лента.

(3) На автопат, експресен пат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, возач не смее со возилото да се движи по сообраќајната лента за принудно запирање, ниту да се движи на начин кој оневозможува соодветно растојание меѓу неговото возилото и возилото што се движи пред него.

(4) На автопат, експресен пат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, возач не смее со возилото да ги забрзува возилата што се движат пред него со давање светлосни и звучни знаци или на друг начин, ниту да презема друго дејствие со кое се загрозува безбедноста на учесниците во сообраќајот.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (4) на овој член.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член.

**Член 133**

(1) На автопат, експресен пат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила со три или повеќе сообраќајни ленти наменети за сообраќај на возила во една насока, возачите на товарни моторни возила чија најголема дозволена маса е поголема од 3.500 kg и на група возила чија должина е поголема од седум метри, смеат да ги користат само двете сообраќајни ленти што се наоѓаат покрај десниот раб на коловозот.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 134**

(1) Возачот кој со моторно возило се вклучува во сообраќајот на автопат, експресен пат, односно на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, е должен:

- да ја користи посебната лента за забрзување, кога таква лента постои на приклучниот пат и да се вклучи во сообраќајот на автопатот, односно на патот резервиран за сообраќај на моторни возила, давајќи соодветен знак на начин со кој не го загрозува сообраќајот на возилата што се движат по автопатот, односно патот резервиран за сообраќај на моторни возила и
- да ги пропушти возилата кои се движат по автопатот, односно на патот резервиран за сообраќај на моторни возила, ако на местото каде што се вклучува во сообраќајот на автопатот, не постои посебна лента за забрзување.

(2) Возачот кој со возилото се исклучува од сообраќајот на автопат, експресен пат односно на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, е должен со своето возило навремено да заземе положба на крајната десна сообраќајна лента и што побрзо да премине на посебната лента за забавување, ако таква лента постои на влезот во приклучниот пат.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

### Член 135

(1) Во случај на застој на сообраќајот на автопат, експресен пат, односно на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, возилата задолжително треба да остават доволен простор по левата страна на коловозната лента, за движење на возилата на полицијата, на возилата за укажување прва помош и противпожарните возила.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

## 25. Сообраќај во тунел

### Член 136

(1) Возачот кој се движи со возило низ тунел, не смее да го запира возилото во тунелот, ниту смее со возилото да врши полукружно свртување или движење наназад.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член. Покрај утврдениот износ на глоба, на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на управување со моторно возило од три до девет месеци, под услови и постапка утврдени со закон.

### Член 137

(1) Возачот на моторно возило, е должен за време на движењето низ тунел да ги има запалени соборените светла за осветлување на патот.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

## 26. Возила под придружба

### Член 138

(1) Како возила под придружба, во смисла на овој закон, се сметаат возилата на кои им е доделена придружба од возила на полицијата или од воени лица на посебни моторни возила, снабдени со уреди за давање на посебни звучни и светлосни знаци во сина и црвена боја, додека се даваат тие знаци.

(2) Возачот кој на пат ќе сретне возило или колона на возила под придружба и возачот кој ќе биде престигнат од возило или колона возила под придружба е должен да го запре своето возило, ноќе наместо долгите светла да употреби соборени светла за осветлување на патот, строго да се придржува кон наредбите што му ги даваат лицата од придружбата и да го продолжи движењето дури откако ќе поминат сите возила под придружба.

(3) Возилата под придружба, водејќи сметка за безбедноста на другите учесници во сообраќајот, имаат право на првенство на минување во однос на сите други возила, освен во однос на возилата што се движат на крстосница на која сообраќајот е регулиран со светлосни сообраќајни знаци или со знаци што ги дава полициски службеник.

(4) За возилата под придружба не се применуваат одредбите на овој закон што се однесуваат на обврската за врзување со безбедносен појас (член 23 став (1)), за забрана за користење на мобилен телефон и други аудио и видео уреди (член 24 став (1)), ограничување на брзината (членови 35 ставови (1) и (2), 36 ставови (1) и (2) и 38 ставови (1) и (2)), за забрана на престигнување и обиколување на колона возила (член 54 став (1) алинеја 1), обврските во однос на движење на

пешаци кои стапиле на пешачки премин (членови 122 ставови (1) и (2) и 123 став (1)), за забрана на пресекување колона на пешаци (член 125 став (1)), како и за преминување од една во друга сообраќајна лента (член 134 став (1)). Возилата под придружба не се должни ниту да се движат едно зад друго.

(5) Во случаи кога е неопходно, а водејќи сметка за безбедноста на другите учесници во сообраќајот, врз возилата под придружба не се применуваат ниту одредбите што се однесуваат на вклучување во сообраќај (член 26 став (3)), запирање и паркирање на возило (членови од 63 до 73) и страната на движење на возило (член 132 ставови (1), (2) и (3)).

(6) За да овозможат непречено минување на возилата под придружба, пешаците се должни да се тргнат од коловозот додека тие возила поминат.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

(8) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на пешакот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (6) на овој член.

## 27. Возила со право на првенство на минување

### Член 139

(1) За возила на службата за брза помош, на противпожарната служба, на полицијата и на Армијата на Република Северна Македонија, кога со посебни уреди даваат светлосни и звучни знаци, не се применуваат одредбите на овој закон на обврската за врзување со безбедносен појас (член 23 став (1)), за забрана за користење на мобилен телефон и други уреди (член 24 став (1)), ограничување и начинот на менување на брзината (членови 34 ставови (1) и (2), 35 ставови (1) и (2) и 36 став (1)), за забрана на престигнување и обиколување на колона возила (член 50) и за забрана за пресекување на колона пешаци (член 125 став (1)). Тие возила имаат право на првенство на минување во однос на сите други возила (член 41), освен во однос на возилата под придружба (член 138) и возилата што се движат низ крстосница на која сообраќајот е регулиран со светлосни сообраќајни знаци или со знаци на униформиран полициски службеник, под услов да не ја загрозуваат безбедноста на другите учесници во сообраќајот.

(2) За да овозможат минување на возилата од ставот (1) на овој член, пешаците се должни да се тргнат од коловозот, да ги пропуштат другите возила, а по потреба и да запрат додека не поминат тие возила.

(3) Кога возилото на полицијата или на Армијата на Република Северна Македонија, со употреба на сини светла му обезбедува минување на едно возило или на колона возила што се движат зад него, возачите се должни да обрнат внимание и на возилата на кои им се обезбедува минување, да ги пропуштат, а по потреба и да ги запрат своите возила додека не поминат тие возила.

(4) Во однос на меѓусебното право на првенство на минување на возилата од ставот (1) на овој член соодветно се применуваат одредбите на овој закон за првенство на минување.

(5) Уреди за давање посебни светлосни и звучни знаци смеат да се вградуваат и употребуваат само на возилата со кои полицијата или воената полиција вршат придружба (член 138 став (1)), на возилата определени со акт на Владата на Република Северна Македонија и на возилата со право на првенство на минување од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

(6) Возилата од ставот (1) на овој член, можат да ги употребуваат посебните уреди кои даваат светлосни и звучни знаци од ставот (1) на овој член, само во случај на спасување на човечки животи, материјални добра, нарушување на јавниот ред и мир, како и за гонење на сторители на кривични дела и прекршоци.

(7) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (5) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(8) За прекршокот од ставот (7) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(9) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на пешакот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

(10) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (3) и (6) на овој член.

(11) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (5) на овој член.

### Член 140

(1) Одредбите од членот 139 од овој закон, соодветно ќе се применуваат и за службените возила што ги користат претставници на Јавното обвинителство заради вршење увид, за обележаните службени возила на припадниците на Управата за финансиска полиција, за службените возила на Агенцијата за национална безбедност и со закон овластени лица на Царинската управа кои работат на откривање на кривични дела и возилата на Министерството за правда со кои се превезуваат лица обвинети или осудени за извршени кривични дела, кога со посебните уреди даваат светлосни и звучни сигнали, освен во однос на возилата под придружба и возилата со право на првенство на минување определени со овој закон.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

## 28. Возило со жолто ротационо светло

### Член 141

(1) На возило што е наменето за надзор и одржување на патишта, поставување и одржување на сообраќајна сигнализација и опрема, возило за одржување на електрични и телекомуникациски инсталации на патишта, возило на инспекцијата за патишта, на возило за давање помош на пат, возило за придружба на организирани колони, на возило за придружба на возила со кое се превезуваат предимензионирани товари и опасни материи, на посебно опремено возило за транспорт на пари и други вредносни пратки на специјално возило на силите за заштита и спасување, трактор, како и на возило наменето за испитување на пат, задолжително треба да биде вградено најмалку едно ротационо светло што дава светлина во жолта боја.

(2) На возило со кое се превезува предимензиониран товар од ставот (1) на овој член, во случај кога товарот надминува повеќе од еден метар од најоддалечената точка на задната страна на возилото или товарот на моторното односно приклучното возило странично надминува повеќе од 40 cm од надворешниот раб на предното или задното светло за означување на возилото, задолжително треба да биде обележано со најмалку едно ротационо светло што дава светлина во жолта боја.

(3) Возачот на возилата од ставовите (1) и (2) на овој член, при употребата на ротационото светло од ставовите (1) и (2), е должен да ги почитува сообраќајните правила и прописи и да не ја загрозува безбедноста на останатите учесници во сообраќајот.

(4) Возач кој ќе наиде на возилата од ставовите (1) и (2) на овој член, е должен да вози со посебно внимание и по потреба да го запре своето возило.

(5) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(6) За прекршокот од ставот (5) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставот (3) на овој член.

(8) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 40 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (4) на овој член.

## 29. Товар на возилото

### Член 142

(1) Возилото во сообраќај на јавен пат, не смее да се оптовари над својата носивост што е запишана во сообраќајната дозвола, односно над дозволеното оптоварување или над најголемата дозволена маса, односно над дозволените габарити или над можностите што ги дозволуваат особините на патот и техничко-конструкциските можности на возилото.

(2) По исклучок од одредбата од ставот (1) на овој член, возилото може да се оптовари 1,5 % над најголемата дозволена маса утврдена со посебен пропис, односно над својата носивост запишана во сообраќајната дозвола, ако тоа го дозволуваат особините на патот утврдени со сообраќаен знак, особините на товарот и други оправдани околности и ако на местото на товарење на возилото не може прецизно да се утврди точната маса на товарот.

(3) Товарот на возилото задолжително треба да биде распореден и прицврстен на начин:

- да не ја загрозува безбедноста на учесниците во сообраќајот и да не им нанесува штета на патот и на објектите на патот,
- да не ја намалува во поголема мера стабилноста на возилото и да не го отежнува управувањето со возилото,
- да не му ја намалува на возачот прегледноста на патот,
- да не создава бучава надвор од границите на пропишаните гранични вредности и

- да не ги засолнува светлосните и светлосно-сигналните уреди на возилото, регистарските таблици и другите пропишани ознаки на возилото.

(4) Товарот кој се превезува во моторно или приклучно возило, кој под дејство на надворешни влијанија (ветар, дожд и слично) или под дејство на вибрации или други влијанија може да се растресува по коловозот, задолжително треба да се покрие со церада и добро да се прицврсти за страничниот дел на возилото.

(5) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите од (1), (3) и (4) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(6) За прекршокот од ставот (5) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

(8) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (3) и (4) на овој член.

**Член 143**

(1) Товарот на возилото не смее да ја помине најоддалечената точка на предната страна на возилото повеќе од еден метар.

(2) Товарот што се превезува на возило и на приклучно возило, може да ја премине најоддалечената точка на задната страна на возилото, најмногу за една шестина од својата должина која континуирано е потпрена врз товарниот простор.

(3) Ако со возилото се превезува товар во комбинација што се состои од влечно возило и едноосна приколка, под должина на возилото се подразбира вкупната должина на влечното возило и едноосната приколка.

(4) Ако товарот на возилото ја поминува за повеќе од еден метар најоддалечената точка на задната страна на возилото, најиздадената точка на товарот задолжително треба да биде означена со црвена ткаенина.

(5) Најиздадената точка на товарот кој се превезува со товарно моторно возило или приклучно возило во случајот од ставот (4) на овој член, е означена со табла, која има квадратна форма со димензии 50x50 cm, обоена наизменично со коси ленти со рефлектирачка портокалова и бела боја и е поставена нормално на надолжната оска на возилото.

(6) На правното лице кое ќе нареди или дозволи превоз на товар спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(7) За прекршокот од ставот (6) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(8) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член.

### Член 144

(1) Ноќе и дење во случај на намалена видливост, на најиздадената точка на товарот кој се превезува со возилото е означена:

- во случајот од членот 143 став (4) на овој закон - со светло и со рефлектирачка материја со црвена боја и
- кога товарот на моторното возило или на приклучното возило странично го преминува за повеќе од 40 cm надворешниот раб на предното или на задното светло за означување на возилото - со светло и со катадиоптер кој од предната страна даваат бело светло, а од задната страна - црвено светло.

(2) На правното лице кое ќе нареди или дозволи превоз на товар спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

## 30. Пробно возење и сообраќај на возила со пробни таблици

### Член 145

(1) За пробно возење заради испитување на својствата на новопроизведено или преправано моторно возило, за кое задолжително треба да се отстапи од одделни одредби на прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата, потребно е одобрение за пробно возење.

(2) Во одобрението за пробно возење од ставот (1) на овој член, се наведуваат мерките за безбедност што на свој трошок е должен да ги преземе организаторот на пробното возење и се назначуваат лицата кои можат да се наоѓаат во возилото за време на пробното возење и се внесуваат основните податоци на возилото со кое се врши пробното возење, името и презимето на возачот и број на возачката дозвола, со назначување на категоријата, односно потврдата за познавање на сообраќајните прописи, називот на местото и релацијата каде ќе се врши пробното возење, целта на пробното возење, назначување на прописите од сообраќајот од кои во текот на пробното возење ќе се отстапува и времето на изведување на пробното возење.

(3) Одобрението за пробно возење од ставот (2) на овој член, возачот е должен да го носи со себе и да го покаже на барање на униформиран полициски службеник.

(4) Барањето за издавање на одобрение за пробно возење ги содржи податоците од ставот (2) на овој член, а ако се испитува моторно или приклучно возило чија вкупна тежина, осен притисок или димензии ги надминуваат пропишаните граници, со барањето треба да се приложи и дозволата за вонреден превоз.

(5) На правното лице кое ќе нареди или дозволи пробно возење, спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од

200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(6) За прекршокот во ставот (5) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член.

**Член 146**

(1) Одобрение за пробно возење издава Министерството за внатрешни работи во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од член 145 став (4).

(2) Ако со пробното возење, Министерството за внатрешни работи оцени дека би можел да се оштети патот или објектите на патот, одобрението за пробно возење се издава во согласност со правното лице надлежно за одржување на патот на кој се врши пробното возење, освен во случаите кога е издадена дозвола за вонреден превоз.

(3) Кога за пробното возење организаторот бара обезбедување од Министерството за внатрешни работи, трошоците за тоа обезбедување ги сноси организаторот.

**Член 147**

Барањето за издавање одобрение за пробно возење ќе се одбие, ако со пробното возење би се загрозила безбедноста на сообраќајот на патиштата.

**Член 148**

Одобрението за пробно возење не ги ослободува возачот и организаторот на пробното возење од одговорност за предизвикана сообраќајна незгода во вршењето на пробното возење, заради отстапување од одделни сообраќајни прописи.

**Член 149**

(1) Возилото со кое се врши пробно возење, покрај регистарската, односно пробната таблица, задолжително треба да се обележи со натпис ,,ПРОБНО ВОЗЕЊЕ“ на предниот и задниот дел од возилото.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 150**

(1) Во возило кое е означено со пробни таблици, не смее да се превезуваат други лица или товар.

(2) По исклучок, во возилото од ставот (1) на овој член, покрај возачот може да се превезува уште едно лице ако е сопственик, односно носител на правото на користење на возилото.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

## 31. Учество во сообраќај на возила што не ги исполнуваат пропишаните услови (вонреден превоз)

### Член 151

(1) Возилата што не ги исполнуваат пропишаните услови во однос на димензиите, вкупната маса и осното оптоварување и не постои можност да се доведат во таква состојба, можат да учествуваат во сообраќајот на јавен пат ако ги исполнуваат посебните услови што овозможуваат безбеден и непречен сообраќај, утврдени во одобрението за вонреден превоз што го издава за магистралните и регионалните патишта надлежниот орган за државни патишта, а за општински патишта и улици, општините односно градот Скопје, врз основа на согласност од Министерството за внатрешни работи.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член возилата за кои при излез од територијата на Република Северна Македонија, на граничен премин е утврдено дека не ги исполнуваат пропишаните услови во однос на димензиите, вкупната маса и осното оптоварување и не постои можност да се доведат во таква состојба, може без одобрение за вонреден превоз од ставот (1) на овој член да им се овозможи излезот од територијата на Република Северна Македонија, доколку полицискиот службеник им издаде прекршочен платен налог од ставовите (8), (9) и (10) на овој член.

(3) Министерството за внатрешни работи, согласноста од ставот (1) на овој член, ја издава во рок од 24 часа од приемот на барањето за издавање на согласност за вонреден превоз.

(4) Министерството за внатрешни работи може во согласноста да определи и посебни услови за вонреден превоз, според кои правното лице или лицето кое врши вонреден превоз е должно да постапува.

(5) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (4) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(6) За прекршокот од ставот (5) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (4) на овој член.

(8) На правното лице од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност.

(9) За прекршокот од ставот (8) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(10) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот од ставот (2) на овој член.

**Член 152**

(1) Вонредниот превоз нема да почне, односно ќе се прекине, ако настанат такви околности кои ја загрозуваат безбедноста на сообраќајот или значително го попречуваат неговото одвивање или кога не се исполнети условите наведени во одобрението за вонреден превоз или ако одобрението е издадено без согласност од Министерството за внатрешни работи.

(2) Заради причините од ставот (1) на овој член, вонредениот превоз може да го забрани, односно прекине Министерството за внатрешни работи.

(3) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 153**

Трошоците за обезбедување на вонредениот превоз кога тоа го вршат полициски службеници на Министерството за внатрешни работи, се на товар на превозникот.

**Член 154**

Одредбите од членовите 151, 152 и 153 од овој закон, не се однесуваат на вонредниот превоз што го организираат и вршат Министерството за внатрешни работи и Армијата на Република Северна Македонија.

## 32. Спортски и други приредби на пат

**Член 155**

(1) На јавен пат можат да се одржуваат спортски и други приредби, врз основа на добиено одобрение од Министерството за внатрешни работи, по претходна согласност од правното лице надлежно за одржување на патишта.

(2) Организатор на приредба на јавен пат, може да биде само правно лице.

(3) Одобрението од ставот (1) на овој член, врз основа на поднесено барање, во рок од седум дена од денот на приемот на барањето, го издава надлежната организациска единица на Министерството за внатрешни работи според подрачјето на кое се одржува приредбата, а доколку приредбата се одржува на подрачјето на две или повеќе општини кое е во делокругот на работа на два или повеќе сектори за внатрешни работи на Министерството за внатрешни работи, одобрението го издава Министерството за внатрешни работи.

(4) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(5) За прекршокот од ставот (4) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

**Член 156**

(1) Во одобрението за одржување на приредба на јавен пат, Министерството за внатрешни работи ги утврдува мерките за безбедност кои организаторот е должен да ги преземе на просторот каде што се одржува приредбата.

(2) Како простор каде што се одржува приредбата се смета натпреварувачката патека, просторот за гледачи и просторот за возила на натпреварувачите.

(3) Кога заради одржување на приредбата е неопходно ограничување или запирање на сообраќајот, организаторот е должен за тоа да изработи сообраќаен проект и да ја извести јавноста преку средствата за јавно информирање или на друг соодветен начин, најмалку 48 часа пред почетокот на приредбата.

(4) На правното лице (организатор на приредба на пат) кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (3) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(5) За прекршокот од ставот (4) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице (организатор на приредба на пат) во износ од 500 евра во денарска противвредност.

**Член 157**

(1) Барањето за издавање на одобрение за одржување на приредбата на пат, се поднесува најмалку осум дена пред почетокот на одржувањето на приредбата.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член содржи назив на организаторот на приредбата, пат и релација на која ќе се одржува приредбата, датум и време на одржување на приредбата и мерките кои организаторот предвидува да ги преземе заради обезбедување на непосредните учесници во приредбата, учесниците во сообраќајот и гледачите.

(3) Со барањето од ставот (1) на овој член, организаторот ги поднесува програмата, пропозициите на приредбата и сообраќаен проект од членот 156 став (3) од овој закон.

**Член 158**

Министерството за внатрешни работи во рокот од членот 155 став (3), со решение ќе го одбие барањето за издавање одобрение за одржување на приредба на јавен пат ако барателот е физичко лице, ако утврди дека организаторот на приредбата не е во состојба да обезбеди потребен ред и да ги спроведе мерките за обезбедување на приредбата и просторот каде што се одржува, ако барањето не е навремено поднесено или ако со ограничувањето или со запирањето на сообраќајот на поважни патни правци, во поголема мера би се попречил или загрозил сообраќајот, како и во случаите кога не е прибавена согласност од овластено правно лице надлежно за одржување на патишта.

**Член 159**

(1) Натпреварувачите кои учествуваат во приредбата на пат, можат да ги следат само возила посебно обележани со ознака што ја определил организаторот.

(2) Примерок од ознаката од ставот (1) на овој член, се доставува до Министерството за внатрешни работи, најдоцна три дена пред почетокот на приредбата.

(3) На правното лице (организатор на приредба на пат) кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице (организатор на приредба на пат) во износ од 500 евра во денарска противвредност.

**Член 160**

(1) Организаторот на приредбата не смее да дозволи да започне приредбата, односно ќе го прекине нејзиното одржување, ако не се преземени сите мерки за безбедност наведени во одобрението за одржување на приредбата.

(2) Заради причините од ставот (1) на овој член, одржувањето на приредбата на пат може да го забрани, односно прекине и Министерството за внатрешни работи.

(3) На правното лице (организатор на приредба на пат) кое постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице (организатор на приредба на пат) во износ од 500 евра во денарска противвредност.

**Член 161**

(1) Ако заради обезбедување на спортска или друга приредба на пат, Министерството за внатрешни работи оцени дека е неопходно присуство на полициски службеници, го определува бројот полициски службеници во одобрението на приредбата од членот 155 од овој закон, и ги утврдува трошоците за нивно присуство на приредбата.

(2) Трошоците од ставот (1) на овој член, се на товар на организаторот на приредбата.

**Член 162**

(1) По завршувањето на приредбата, организаторот на приредбата е должен веднаш:

- да ги отстрани од патот сите сообраќајни знаци и други ознаки, уреди, предмети и опрема кои биле поставени заради одржување на приредбата,
- да ги постави на патот сите сообраќајни знаци и други ознаки, уреди, предмети и сообраќајна, заштитна и урбана опрема кои биле отстранети заради одржување на приредбата и
- да ги поправи и врати во првобитна состојба улиците и патиштата и објектите на улицата и патот доколку биле оштетени за време на одржување на приредбата.

(2) Ако организаторот на приредбата не постапи согласно со одредбите од ставот (1) на овој член, Министерството за внатрешни работи ќе преземе соодветни мерки, со цел отстранување и поставување на сообраќајните знаци и други ознаки, уреди, предмети и опрема, односно поправка и враќање во

првобитна состојба на улиците, патиштата и објектите на улицата и патот, доколку се оштетени, на трошок на организаторот.

(3) На правното лице (организатор на приредба на пат) кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице (организатор на приредба на пат) во износ од 500 евра во денарска противвредност.

## 33. Превоз на лица со возила

### 33.1. Основни одредби

#### Член 163

(1) Со моторно возило можат во сообраќај на пат да се превезуваат лица во оној број кој е означен во сообраќајната дозвола, односно во потврдата за регистрација, доколку со овој закон поинаку не е определено.

(2) На правното лице кое ќе нареди или дозволи да се превезуваат лица спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

#### Член 164

(1) Во патнички автомобил, на предното седиште не смее да се превезува дете помало од 12 години, ниту лице кое очигледно е под дејство на алкохол, дрога или други психотропни супстанции.

(2) Во патнички автомобил на задното седиште, смее да се превезува дете помало од пет години, во поставено посебно детско седиште кое за седиштето од возилото е прицврстено со сигурносен појас или на друг соодветен начин.

(3) Во патнички автомобил на предното седиште, смее да се превезува дете до две години, ако возилото нема заштитно воздушно перниче, ако воздушното заштитно перниче е исклучено и ако детето се превезува во посебно детско седиште поставено спротивно од правецот на движење, при што истото е прицврстено на седиштето на возилото со помош на сигурносен појас со три точки на поврзување.

(4) Детето од ставовите (2) и (3) на овој член треба да биде врзано со сигурносен појас од седиштето.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член.

**Член 165**

(1) Лицето кое се превезува со возило, не смее на било кој начин да го попречува возачот во управувањето со возилото, да влијае врз возачот да управува со возилото на начин со кој се намалува безбедноста на сообраќајот, ниту да презема дејствија со кои ја загрозува сопствената безбедност или безбедноста на другите (отворање на врата, наведнување преку прозор, скокнување, искокнување од возилото и слично).

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на лицето кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 166**

(1) Во затворениот простор на моторно или приклучно возило, кој не може да се отвори од внатрешната страна, возачот не смее да превезува лица, освен во возилата на Министерството за внатрешни работи, на правосудните органи, Царинската управа, Управата за финансиска полиција, Шумската полиција и на Армијата на Република Северна Македонија.

(2) Во приклучно возило што го влече моторно возило, во камп-приколки и лесни приколки кои ги влечат моторни возила не смеат да се превезуваат лица.

(3) На правното лице кое ќе нареди или дозволи да се превезуваат лица, спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој ќе постапи спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

**Член 167**

(1) На надворешните делови на моторно возило или на приклучно возило, можат да се превезуваат само лица кои работите на нивното работно место ги вршат на таков начин со возилото (противпожарно возило, возило на комунална хигиена, возило на електродистрибуција и слично).

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 168**

(1) Во просторот на возила во кои се врши превоз на лица, не смее истовремено да се превезуваат и животни.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во патничко возило можат да се превезуваат животни, само во посебно изработени заштитни кутии.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

## 33.2. Превоз на лица со автобус

### Член 169

(1) Во автобус и негова приколка со која се врши јавен превоз на лица или превоз за сопствени потреби во меѓуопштински сообраќај, можат да се превезуваат онолку лица колку што има вградени седишта.

(2) Во автобус и негова приколка со кои се врши јавен превоз или превоз за сопствени потреби во градски и приградски сообраќај, можат да се превезуваат онолку лица колку што има вградено седишта и места за стоење.

(3) Во возилата од ставот (2) на овој член, задолжително треба да бидат вградени држачи за лицата кои се превезуваат стоејќи.

(4) Бројот на местата за стоење се утврдува врз основа на фабричката документација (декларацијата на производителот), за дозволеното оптоварување на возилото и се впишува во сообраќајната дозвола.

(5) На правното лице кое ќе нареди или дозволи да се превезуваат лица спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(6) За прекршокот од ставот од (5) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите од (1), (2) и (3) на овој член.

### Член 170

Во случај на евакуација, елементарна непогода, епидемија и пожар од поголем обем во автобус и негова приколка можат да се превезуваат лица и стоејќи.

### Член 171

(1) На автобус не смее да се отвора врата за време на неговото движење. Возачот не смее да започне со возење додека патниците не се безбедно сместени и додека вратата на автобусот не е затворена.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

## 33.3. Превоз на лица со товарни моторни возила

### Член 172

(1) На товарни моторни возила, во просторот определен за сместување на товар можат да се превезуваат најмногу пет лица, кои работат на товарење или истовар на товарот.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член, не смеат во возилото да стојат, ниту да седат на страните на каросеријата, на нестабилен товар или на товар што ја преминува висината на товарниот сандак.

(3) На товарно моторно возило на кое нема страни на каросеријата и на товарно моторно возило со автоматски истоварувач, во просторот определен за сместување на товар не смее да се превезуваат лица.

(4) На правното лице кое ќе нареди или дозволи да се превезуваат лица, спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(5) За прекршокот од ставот од (4) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност согласно со одредбите од овој закон, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (3) на овој член.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност во согласно со одредбите од овој закон ќе му се издаде на лицето кое постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

**Член 173**

(1) На товарно моторно возило, во просторот определен за сместување на товар можат, врз основа на посебно одобрение, да се превезуваат работници од местото на живеење до местото на работење и обратно и од едно до друго работно место (групен превоз).

(2) Товарно моторно возило, во чиј простор определен за сместување на товар се врши групен превоз има седишта прицврстени за подот на каросеријата, со ширина од најмалку 45 cm за секое лице, страни на каросеријата високи најмалку 120 cm цврста надворешна потпирка висока најмалку 120 cm на задните седишита и на седиштата по должината на работ на каросеријата, ако нејзините страни се пониски од 120 cm, носач на церадата и церада со два отвора за вентилација и скали за влегување и излегување на лицата.

(3) Одобрение за групен превоз се издава откако со технички преглед ќе се утврди дека товарното моторно возило е исправно.

(4) Одобрение за групен превоз, врз основа на поднесено барање, издава Министерството за внатрешни работи, според седиштето, односно живеалиштето на подносителот на барањето во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(5) Во случај на евакуација, елементарна непогода, епидемија и пожар од поголем обем, со товарно моторно возило во просторот определен за сместување на товар, групен превоз се врши без одобрение.

(6) Во случаите од ставот (5) на овој член, не може да се врши групен превоз на деца до 14 годишна возраст, ако не е обезбедена придружба од полнолетно лице.

(7) На правното лице кое ќе нареди или дозволи да се превезуваат лица спротивно на одредбите од ставовите (1) и (6) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(8) За прекршокот од ставот (7) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(9) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (6) на овој член.

**Член 174**

(1) Со товарно моторно возило со кое се врши групен превоз, може да управува само возач на кого управувањето со моторно возило му е основно занимање и кој најмалку три години управувал со возило од таа категорија.

(2) На правното лице кое ќе нареди или дозволи групен превоз, спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 175**

(1) Одобрението за групен превоз од членот 173 став (3) од овој закон содржи име и презиме на возачот, број на возачката дозвола со означување на категоријата на возилото, марка на возилото, број на регистарската таблица и број на сообраќајната дозвола, време за кое е издадено одобрението, релација на која возилото сообраќа и број на лицата кои можат да се превезуваат со возилото.

(2) Одобрението од ставот (1) на овој член, се издава со рок на важење до шест месеци.

(3) Возачот е должен за време на вршењето на превозот со себе да го носи одобрението и да го покаже на барање на полициски службеник.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член.

**Член 176**

Вкупната тежина на лицата кои групно се превезуваат со товарно моторно возило, не смее да премине 70% од носивоста на возилото.

**Член 177**

(1) Ако во товарно моторно возило се превезува добиток во просторот во кој се превезува добитокот не смеат да се превезуваат лица.

(2) На приклучно возило што го влече товарно моторно возило не смеат да се превезуваат лица.

(3) На правното лице кое ќе нареди или дозволи да се превезува добиток спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

## 33.4 Превоз на лица во приклучни возила што ги влечат трактор или мотокултиватор

### Член 178

(1) Во приклучно возило што го влече трактор може да се превезуваат до пет лица, а во приклучно возило што го влече мотокултиватор - до три лица кои работат на товарење или истовар на товарот или кои вршат земјоделски работи.

(2) Во приклучно возило со автоматски истоварувач можат да се превезуваат лица до бројот определен во ставот (1) на овој член, ако е исклучен тој уред.

(3) Во приклучно возило, ако товарот ја преминува висината на товарниот сандак, не смее да се превезуваат лица.

(4) За време на превозот, лицата задолжително треба да седат на подот од товарниот сандак или на товарот.

(5) Ако трактор влече две приклучни возила во нив не смеат да се превезуваат лица.

(6) На правното лице кое ќе нареди или дозволи превезување на лица во возило спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (5) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(7) За прекршокот од ставот (6) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(8) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (5) на овој член.

(9) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лицето кое постапува спротивно на одредбата од ставот (4) на овој член.

### Член 179

(1) Со приклучно возило што го влече трактор, може да се превезуваат и повеќе од пет лица, ако тие вршат земјоделски работи и тоа само од местото на живеење до местото на работење и обратно и од едно до друго место на работење.

(2) Во случај на елементарна непогода, епидемија и пожар од поголем обем, со приклучно возило што го влече трактор, можат да се превезуваат и повеќе од пет лица.

(3) Превозот на лица од ставот (1) на овој член, со приклучно возило со автоматски истоварувач или со една оска може да се врши ако пред започнување на превозот целосно е исклучен механизмот за автоматско истоварување.

(4) На правното лице кое ќе нареди или дозволи влечење на возило спротивно на одредбите од ставовите (1) и (3) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(5) За прекршокот од ставот (4) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставовите (1) и (3) на овој член.

**Член 180**

(1) Со трактор што влече приклучно возило во кое се врши превоз на лица од членот 178 ставови (1) и (2) од овој закон, може да управува само возач кој има најмалку три години возачка дозвола која дава право за управување со трактор.

(2) Со мотокултиватор што влече приклучно возило во кое се врши превоз на лица, може да управува само возач кој поседува возачка дозвола која дава право за управување со мотокултиватор.

(3) На правното лице кое ќе нареди или дозволи превоз на лица, спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, ќе му се изече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 181**

(1) Лице кое се превезува во приклучно возило што го влече трактор или мотокултиватор не смее да стои, да седи на страните на товарниот сандак, да скокнува и искокнува додека возилото е во движење, ниту да се вози на надворешните делови или приклучните орудија што ги влече тракторот, односно мотокултиваторот.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лицето од ставот (1) на овој член кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 182**

Одредбите од членовите 163 до 181 од овој закон, не се однесуваат на возилата на Министерството за внатрешни работи и на Армијата на Република Македонија.

## 33.5 Превоз на лица со други возила

**Член 183**

(1) На велосипед смее да се превезува дете до осумгодишна возраст, ако на велосипедот се вградени едно или повеќе посебни седишта пред или зад возачот.

(2) На велосипед со помошен мотор, мопед, мотоцикл, трицикл, лесен четирицикл и четирицикл смее да се превезува дете над дванаесетгодишна возраст, ако го опчекорило посебното седиште и за време на возењето ги држи нозете на посебни држачи.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност, согласно со одредбите од овој закон ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 184**

(1) На приколка што ја влече или потиснува велосипед, велосипед со мотор, мотоцикл, трицикл, лесен четирицикл и четирицикл, како и во товарен сандак на велосипед, велосипед со мотор, мотоцикл, трицикл и лесен четирицикл и четирицикл, не смеат да се превезуваат лица.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 185**

(1) На запрежно возило смеат да се превезуваат толку лица колку што дозволува просторот лицата да се сместат седечки.

(2) Возачот и лицата кои се превезуваат на запрежно возило, не смеат да стојат во возилото, да седат на страните на возилото или на нестабилниот товар, ниту да се наоѓаат на рудата за време на движењето на возилото.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност во согласно со одредбите од овој закон, ќе му се издаде на лицата кои постапуваат спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 186**

(1) На трактор, мобилна машина или мотокултиватор, може да се превезува лице само ако има посебно фабрички вградено седиште.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 35 евра во денарска противредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

# IV. СИСТЕМ НА СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ, ОПРЕМА И СИГНАЛИЗАЦИЈА НА ПАТИШТАТА

## 1. Основни одредби

**Член 187**

(1) Јавните патишта се обележуваат со пропишани сообраќајни знаци, со кои на учесниците во сообраќајот им се соопштуваат ограничувања, забрани и обврски.

(2) Со сообраќајни знаци се обележуваат и опасностите од привремен карактер.

(3) Учесниците во сообраќајот се должни да се придржуваат кон ограничувањата, забраните и обврските изразени со поставените сообраќајни знаци.

(4) На правното лице надлежно за одржување на патот кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(5) За прекршокот од ставот (4) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на учесник во сообраќајот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член.

**Член 188**

(1) Сообраќајни знаци се:

- знаци за опасност,
- знаци за изречни наредби,
- знаци за известување со дополнителна табла или без неа, која е составен дел на сообраќајниот знак и која поблиску го определува значењето на сообраќајниот знак,
- светлосни сообраќајни знаци,
- ознаки на коловозот, на тротоарот и слично и
- светлосни и други ознаки на патот.

(2) Сообраќајните знаци се еднообразни на територијата на Република Северна Македонија.

(3) Сообраќајните знаци за известување и дополнителните табли кои се составен дел на сообраќајните знаци и кои поблиску го определуваат значењето на сообраќајниот знак, се напишани на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски и француски јазик и нивното писмо, а во подрачјата на единиците на локална самоуправа во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и на тој службен јазик и писмо.

(4) Сообраќајните знаци од ставот (3) на овој член се напишани прво на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а потоа и на останатите јазици од ставот (3) на овој член.

**Член 189**

(1) Сообраќајните знаци се поставуваат и се одржуваат, така што, учесниците во сообраќајот да можат навремено и лесно да ги воочат и дење и ноќе и навремено да постапат во согласност со нивното значење.

(2) Сообраќајните знаци се отстрануваат, дополнуваат или заменуваат ако нивното значење не им одговара на изменетите услови на сообраќајот на патот, на барањата на безбедноста или ако истите се оштетени или уништени.

(3) На правното лице надлежно за одржување на патот кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(5) За прекршокот од ставовите (1) и (2) на овој член записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на службено лице во единиците на локалната самоуправа.

**Член 190**

(1) На сообраќајниот знак и на столбот на кој е поставен знакот, забрането е да се става се што не е во врска со значењето на сообраќајниот знак.

(2) Забрането е неовластено поставување, преместување, отстранување и оштетување на сообраќајните знаци и на опремата на патот или измена на значењето на сообраќајните знаци.

(3) На правното лице надлежно за одржување на патот кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(5) За прекршокот од ставовите (1) и (2) на овој член записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на службено лице во државен орган и во единиците на локалната самоуправа.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на физичко лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 191**

(1) На пат не смеат да се поставуваат табли, знаци, светла, столбови или други слични предмети со кои се засолнува или се намалува видливоста на поставените сообраќајни знаци или кои со својата форма, боја, изглед или место на поставување имитираат или личат на некој сообраќаен знак или ги заслепуваат учесниците во сообраќајот или го одвраќаат нивното внимание во мера која може да биде опасна за безбедноста на сообраќајот.

(2) На правното лице надлежно за одржување на патот кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на физичко лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

(5) За прекршокот од ставот (1) на овој член записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на службено лице во државен орган и единици на локалната самоуправа.

**Член 192**

Во сообраќајна опрема за патишта спаѓа:
- опрема за означување на работите на коловозот,
- опрема за означување на врвот на пешачкиот острово,
- опрема за означување на работи, препреки и оштетувања на коловозот,
- опрема за водење и насочување на сообраќајот,
- опрема за забавување на сообраќајот и
- друга опрема.

## 2. Знаци за опасност, знаци за изречни наредби и знаци за известување

**Член 193**

(1) Знаците за опасност служат учесниците во сообраќајот на патот да се предупредат за опасноста што им се заканува на определено место, односно на дел од патот и да се известат за природата на таа опасност.

(2) Знаците за изречни наредби им ги ставаат до знаење на учесниците во сообраќајот на патот - забраните, ограничувањата и обврските кон кои тие задолжително треба да се придржуваат.

(3) Знаците за известување им ги даваат на учесниците во сообраќајот потребните известувања за патот по кој се движат и други известувања што можат да им бидат корисни.

**Член 194**

(1) Знаците за опасност и знаците за изречни наредби на пат, се премачкани со ретрорефлектирачки материи или се осветлени со сопствен извор на светлина.

(2) На правното лице надлежно за одржување на патот кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) За прекршокот од ставот (1) на овој член записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на службено лице во државен орган и единиците на локалната самоуправа.

**Член 195**

Знаците за опасност, знаците за изречни наредби и знаците за известување, кои се поставени на автопат или тунел подолг од 500 m, треба да бидат изведени на начин кој согласно моменталните услови и околности на сообраќајот на автопатот, односно негов дел или во тунелот, можат да го менуваат своето значење.

## 3. Светлосни сообраќајни знаци и светлосни ознаки

**Член 196**

(1) За регулирање на сообраќајот се употребуваат уреди со кои се даваат светлосни сообраќајни знаци со тробојни светла со црвена, жолта и зелена боја, опремени со звучни и вибрациони уреди.

(2) На уредите за давање светлосни сообраќајни знаци со тробојни светла, светлата се поставуваат по вертикалната оска едно по друго, и тоа црвеното горе, жолтото во средина, а зеленото долу.

(3) Во случај кога уредот за давање светлосно сообраќајни знаци е поставен над сообраќајната лента, светлата може да бидат поставени по хоризонталната оска, едно покрај друго, и тоа црвеното лево, жолтото во средина, а зеленото десно.

(4) Светлата на уредот за давање светлосни сообраќајни знаци имаат форма на круг, а зеленото светло може да има и форма на една или повеќе стрелки сместени во круг со црна боја.

(5) За прекршокот од ставот (1) на овој член записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на службено лице во државен орган и единици на локалната самоуправа.

**Член 197**

На уредите за давање светлосни сообраќајни знаци со тробојни светла:

- црвеното и зеленото светло не смеат да бидат запалени истовремено,
- жолтото светло може да биде запалено како самостојно светло во временско растојание од престанувањето на зеленото до појавата на црвеното светло или истовремено со црвеното светло - пред појавата на зеленото светло и
- зеленото светло може да биде запалено само како самостојно светло.

Промената на запаленото светло во жолто светло може да се означи со трепкање на зеленото светло.

**Член 198**

(1) На уредот за давање светлосни сообраќајни знаци со тробојни светла, може да му се додаде дополнителен светлосен знак во форма на зелена светлечка стрелка или повеќе такви знаци.

(2) Дополнителните светлосни знаци од ставот (1) на овој член, се сместуваат од соодветната страна на светлосниот сообраќаен знак и тоа на висина на која се наоѓа зеленото светло.

**Член 199**

(1) На уредот за давање светлосни сообраќајни знаци со кои на коловозот со повеќе од две сообраќајни ленти обележани со надолжни линии, сообраќајот се регулира за секоја сообраќајна лента посебно и кои се наоѓаат над сообраќајната лента - црвеното светло значи забрана на сообраќајот по сообраќајната лента над која е поставено, а зеленото светло - слободно минување по односната сообраќајна лента.

(2) Црвеното светло од ставот (1) на овој член, има форма на вкрстени линии, а зеленото светло - форма на стрелка со врвот свртен надолу.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 200**

(1) За регулирање на сообраќајот на пешаците и велосипедистите, можат да се употребуваат и посебни уреди за давање светлосни сообраќајни знаци со двобојни светла со црвена и зелена боја опремени со звучни и вибрациони уреди како и со пешачки активатори на сигнал на пешаци.

(2) Двобојните светла на светлосните сообраќајни знаци од ставот (1) на овој член, се поставени по вертикалната оска едно под друго и тоа црвеното светло горе, а зеленото светло долу.

(3) Светлата од ставот (1) на овој член, се состојат од светлечка површина со црвена или зелена боја на која се наоѓа темна силуета на пешак и/или велосипедист или од темна површина на која се наоѓа светлечка силуета на пешак и/или велосипедист со црвена или зелена боја.

(4) Светлата од ставот (1) на овој член, не смеат да бидат запалени истовремено.

**Член 201**

(1) Ако рабовите на коловозот на јавен пат се обележуваат со светлосни сообраќајни ознаки, тие се обележуваат со светла со ретрорефлексни стакла или со ретрорефлектирачки материи и тоа десната страна на коловозот - со ознаки со црвена боја, а левата страна - со ознаки со бела боја, освен на автопат, каде од двете страни на коловозната лента ознаките се во црвена боја.

(2) Рабовите на коловозот на делот од патот низ тунел задолжително треба да бидат обележани со ознаките од ставот (1) на овој член.

(3) Ако врвовите на пешачките острови, на островите за насочување на сообраќајот и другите објекти на коловозот ноќе не се доволно осветлени, истите се обележуваат со светла со ретрорефлексни стакла или со ретрорефлектирачки материи со жолта боја.

(4) На правното лице надлежно за одржување на патот кое постапува спротивно на одредбата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(5) За прекршокот од ставот (4) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(6) За прекршокот од ставот (1) до (3) на овој член записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на службено лице во државен орган и единиците на локалната самоуправа.

## 4. Ознаки на коловозот

**Член 202**

(1) Ознаките на коловозот служат за регулирање на сообраќајот на патиштата и за известување, насочување и водење на учесниците во сообраќајот.

(2) Ознаките на коловозот можат да се поставаат сами или со други сообраќајни знаци, ако е потребно значењето на овие знаци посебно да се истакне, односно поцелосно да се определи или објасни.

(3) Ознаките на коловозот се состојат од линии, стрелки, натписи и други ознаки.

(4) Ознаките на коловозот можат да имаат и ретрорефлектирачки својства.

**Член 203**

(1) Ознаките на коловозот се поставуваат на патишта со современ коловоз.

(2) На пат надвор од населено место, со современ коловоз за сообраќај во двете насоки, на кој постојат само две сообраќајни ленти, тие ленти се одвоени со надолжна линија на коловозот, а на магистрален пат - обележани и со рабни линии.

(3) На правното лице надлежно за одржување на патот кое постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(5) За прекршокот од ставот (2) на овој член записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на службено лице во државен орган и единиците на локалната самоуправа.

## 5. Обележување на премин на пат преку железничка пруга

### Член 204

(1) На дел од патот пред премин на патот преку железничка пруга во исто ниво, поставени се соодветни сообраќајни знаци.

(2) По исклучок од одредбата на ставот (1) на овој член, не е задолжително поставување на знаците на местото на вкрстување на пешачки патеки со железничка пруга во исто ниво.

(3) На правното лице надлежно за одржување на патот кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

### Член 205

(1) На премините на пат преку железничка пруга во исто ниво, покрај сообраќајните знаци од членот 204 став (1) од овој закон, се поставуваат и браници и полубраници, односно уреди за давање знаци со кои се најавува доближување на воз, ако тоа го бара густината на сообраќајот или другите услови на преминот на патот преку железничка пруга во исто ниво.

(2) На правното лице надлежно за одржување на патот кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

**Член 206**

Светлосните знаци со кои се најавува доближување на воз на преминот на пат преку железничка пруга во исто ниво, се даваат со наизменично палење на две црвени трепкави светла кои имаат форма на круг.

**Член 207**

(1) На преминот на пат преку железничка пруга во исто ниво на кој постои уред за давање светлосни знаци со кои се најавува доближување на воз, односно спуштање на браниците или полубраниците, на тој уред може да му се додаде и уред за давање звучни знаци.

(2) На премините на земјен пат со слаб сообраќај и на пешачка патека преку железничка пруга во исто ниво, обезбедување на учесниците во сообраќајот може да се врши само со уред за давање звучни знаци.

**Член 208**

(1) На премините на пат преку железничка пруга во исто ниво, браниците или полубраниците се обоени наизменично со црвена и бела боја.

(2) Браниците и полубраниците, како и сообраќајните знаци поставени на делот од патот пред преминот на патот преку железничка пруга во исто ниво, имаат ретрорефлексни стакла или се премачкани со ретрорефлектирачки материи согласно со одредбата од ставот (1) на овој член.

(3) Браниците и полубраниците се опремени со трепкаво црвено светло.

(4) На правното лице надлежно за одржување на патот кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(5) За прекршокот од ставот (4) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

**Член 209**

(1) На преминот на пат преку железничка пруга во исто ниво, на кој при наидување на воз браниците или полубраниците автоматски се спуштаат, како и на преминот на пат преку железничка пруга во исто ниво на кој со браниците или полубраниците се ракува рачно и тоа од местото од кое тие не се гледаат, се поставува уред за давање светлосни знаци или уред за давање звучни знаци со кои учесниците во сообраќајот се известуваат за спуштањето на браниците или полубраниците.

(2) На правното лице надлежно за одржување на патот кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

## 6. Обележување работи и пречки на патот

### Член 210

(1) Делот од патот на кој настанале пречки што не можат веднаш да се отстранат или на кој се изведуваат работи, задолжително треба да се обележи на виден начин на него согласно со посебен пропис, со цел да се обезбедат учесниците во сообраќајот.

(2) Обележувањето на делот од патот од ставот (1) на овој член, се врши со поставување на соодветни сообраќајни знаци, а обезбедување на учесниците во сообраќајот - со поставување браници.

(3) Браниците се обоени наизменично со црвена и бела боја, со ретрорефлексни стакла или премачкани со ретрорефлектирачки материи, а ноќе како и дење во случај на намалена видливост, на нив се поставени трепкави светла или ротационо светло што дава светлина во жолта боја.

(4) На правното лице надлежно за одржување на патот кое постапува спротивно на одредбата од ставовите (1) и (2) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(5) За прекршокот од ставот (4) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(6) На правното лице надлежно за одржување на патот кое постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(7) За прекршокот од ставот (6) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

## 7. Знаци што ги даваат униформираните полициски службеници, овластени службени лица и други лица

### Член 211

(1) Учесниците во сообраќајот постапуваат по барањата изразени со помош на знаци или по наредбите на униформираните полициски службеници или на други овластени службени лица.

(2) Униформираниот полициски службеник, односно овластеното службено лице од ставот (1) на овој член, е должен при давањето знаци да се постави на патот така што учесниците во сообраќајот, на кои знаците им се наменети да можат лесно и од доволна оддалеченост да го воочат.

(3) Знаците од ставот (1) на овој член, можат да се даваат и од возило.

(4) За прекршокот од ставот (1) на овој член, записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лицето учесник во сообраќајот.

### Член 212

(1) Знаците што на учесниците во сообраќајот им ги дава униформиран полициски службеник се знаци што се даваат со раце и со положба на телото, звучни знаци и светлосни знаци.

(2) Знаците од ставот (1) на овој член, задолжително треба да се даваат, така што, нивното значење за учесниците во сообраќајот да биде јасно и недвосмислено.

**Член 213**

Родител или наставник кој води организирана колона на деца може да го запре сообраќајот со давање на знак со рака, заради безбедно поминување на колоната преку коловозот.

V. ДОЛЖНОСТИ ВО СЛУЧАЈ НА СООБРАЌАЈНА НЕЗГОДА

**Член 214**

Лицето кое ќе се затекне или ќе наиде на место на сообраќајна незгода во која има повредени лица, во рамките на своите знаења и способности им укажува помош на лицата повредени во сообраќајната незгода.

**Член 215**

(1) Учесникот во сообраќајна незгода во која е загинато или повредено лице или настанала голема материјална штета, како и во случај кога настанала мала материјална штета, а не се исполнети условите за пополнување на Европски извештај согласно со членот 220 од овој закон, е должен:

- да остане на местото на сообраќајната незгода, со тоа што може привремено да се оддалечи само заради давање помош на лицата повредени во сообраќајната незгода или ако нему му е потребна лекарска помош,
- да преземе соодветни мерки заради отстранување на нови опасности кои можат да настанат на местото на сообраќајната незгода, а особено да го постави посебниот знак за означување на запрено возило на коловозот или со други соодветни знаци да ги извести учесниците во сообраќајот за настанатата опасност, да го обезбеди возилото од самотргнување, да го обезбеди товарот на возилото да не падне или да не се растури по коловозот, да преземе мерки за спречување на избувнување пожар или експлозија и слично и
- за сообраќајната незгода да го извести Министерството за внатрешни работи и да се врати на местото на сообраќајната незгода и да го пречека доаѓањето на полицискиот службеник кој врши увид.

(2) Учесникот во сообраќајна незгода при преземање на дејствијата од ставот (1) на овој член, е должен да настојува да не се промени состојбата на местото на сообраќајната незгода со цел да се зачуваат постојните траги, само под услов со тоа да не се загрозува безбедноста на сообраќајот.

(3) Министерството за внатрешни работи за сообраќајната незгода во која е загинато или повредено лице, е должно веднаш да ја извести најблиската здравствена установа.

(4) За прекршокот од ставот (1) алинеја 2 на овој член, записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лицето учесник во сообраќајна незгода.

(5) За прекршокот од ставот (1) алинеи 1 и 3 на овој член, записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лицето учесник во сообраќајна незгода.

**Член 216**

(1) Возачот кој ќе се затекне или ќе наиде на место на сообраќајна незгода е должен на барање од полицискиот службеник на Министерството за внатрешни работи, да го превезе лицето повредено во сообраќајната незгода до најблиската здравствена установа.

(2) Возачот е должен да постапи согласно си одредбата од ставот (1) на овој член, и пред доаѓањето на полицискиот службеник на Министерството за внатрешни работи, освен ако незгодата се случила на место на кое може да очекува брзо доаѓање на возило на брза помош или ако возачот заклучи дека со нестручен и несоодветен начин на превоз, состојбата на повреденото лице може да се влоши.

(3) За прекршокот од ставот (1) на овој член, записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возач.

## Член 217

(1) Во случај кога здравствената установа е известена за сообраќајна незгода или примила на лекување лице повредено во сообраќајна незгода, е должна за тоа веднаш да го извести Министерството за внатрешни работи.

(2) Во случај кога лицето повредено во сообраќајна незгода почине од добиените повреди во рок од 30 дена, здравствената установа е должна за тоа веднаш да го извести Министерството за внатрешни работи.

(3) На здравствената установа што постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, ќе и се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во здравствената установа во износ од 500 евра во денарска противвредност.

## Член 218

(1) Полициските службеници на Министерството за внатрешни работи, се должни да излезат на местото на сообраќајната незгода во која има загинати или повредени лица или настанала голема материјална штета и да состават записник за увидот.

(2) Присутниот возач - учесник во сообраќајната незгода од ставот (1) на овој член, е должен на барање на оправдано отсутниот сопственик, односно на носителот на правото на користење на другото возило да му го достави своето име, презиме и адреса на живеалиштето, односно престојувалиштето.

(3) Во случај кога возачот во сообраќајна незгода во која настанала мала материјална штета на другото возило, поради отсуство на возачот на другото возило, не е во можност да ги даде личните податоци и податоците за осигурување на возилото, е должен за таа незгода да го извести Министерството за внатрешни работи и да му ги даде своите лични податоци и податоците за оштетеното возило.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на присутниот возач-учесник во сообраќајна незгода кој постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возач кој постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член.

**Член 219**

(1) Возачите-учесници во сообраќајна незгода во која е предизвикана мала материјална штета се должни откако ќе го пополнат и потпишат Европскиот извештај за сообраќајна незгода, веднаш да ги отстранат возилата од коловозот и да овозможат непречено одвивање на сообраќајот.

(2) Возачите-учесници во сообраќајната незгода во која е предизвикана мала материјална штета кои пополниле и потпишале Европски извештај за сообраќајна незгода, не се должни за истата да го известат Министерството за внатрешни работи.

(3) Европскиот извештај за сообраќајна незгода не се пополнува и потпишува во случај на сообраќајна незгода во која има повредени лица, загинати лица и односно настанала голема материјална штета.

(4) Европскиот извештај за сообраќајна незгода од ставот (1) на овој член, го прави достапен за учесниците во сообраќајот Националното биро за осигурување на Република Северна Македонија.

(5) Друштвото за осигурување при склучување на договор за задолжително осигурување (полиса), е должно на сопственикот на возило да му издаде Европски извештај за сообраќајна незгода согласно со моделот на извештај издаден од Европскиот комитет за осигурување.

(6) На друштвото за осигурување кое постапува спротивно на одредбата од ставот (5) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност.

(7) На одговорното лице во друштвото за осигурување кое постапува спротивно на одредбата од ставот (6) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(8) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот-учесник во сообраќајна незгода кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 220**

Полициските службеници на Министерството за внатрешни работи, се должни да излезат на местото на сообраќајната незгода во која е предизвикана мала материјална штета и да извршат увид, ако тоа го бара едниот од учесниците во сообраќајната незгода и тоа во случаи кога:

- едно од возилата нема регистарски таблици или истото не е осигурано,
- едно од возилата има странска регистарска таблица,
- еден од возачите е очигледно под дејство на алкохол, дрога или други психотропни супстанци,
- еден од возачите не поседува возачка дозвола од соодветна категорија,
- на еден од возачите му е изречена прекршочна санкција-забрана на управување со моторно возило,
- еден од возачите одбива да ги даде своите лични податоци, односно податоците за возилото,
- еден од возачите го напуштил местото на сообраќајната незгода или
- ако возачот сам учествува во сообраќајна незгода.

**Член 221**

(1) Лицето кое учествувало во сообраќајна незгода, не смее да зема алкохолни пијалоци, опојни droги, психотропни супстанци и лекови за кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време на возењето додека не се изврши увид.

(2) Полицискиот службеник на Министерството за внатрешни работи кој врши увид на местото на сообраќајната незгода во која има повредени лица или настанала голема материјална штета, ќе ги подложи непосредните учесници во незгодата на испитување со помош на соодветни средства и апарати или ќе ги упати на стручен преглед заради проверување на присуство на алкохол, опојни дроги, психотропни супстанци и лекови за кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време на возењето во организмот.

(3) Во случај кога со испитувањето од ставот (2) на овој член, се утврди дека непосредните учесници во сообраќајната незгода имаат алкохол, опојни дроги, психотропни супстанци и лекови за кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време на возењето во организмот, полицискиот службеник на Министерството за внатрешни работи кој врши увид, ќе определи да им се земе крв или урина заради анализа.

(4) Во случај кога во сообраќајната незгода има загинати лица, полицискиот службеник на Министерството за внатрешни работи кој врши увид, ќе определи на непосредните учесници во незгодата да им се земе крв и урина заради утврдување дали се под влијание на алкохол, опојни дроги, психотропни супстанци и лекови за кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време на возењето.

(5) Во случаите од ставовите (2) и (3) на овој член, лекарот може да одлучи крв и  крв и урина да не се земат ако со тоа би настанале штетни последици по здравјето на учесниците во сообраќајната незгода само во животозагрозувачка состојба на повредениот.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лицето-учесник во сообраќајна незгода кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 222**

(1) Полицискиот службеник на Министерството за внатрешни работи кој врши увид, е должен да организира попис на имотот што на местото на настанот останува од лицето кое во сообраќајната незгода загинало или е тешко повредено, да го извести правното лице што отстранува возила и предмети од патот или заинтересираното лице и да даде помош заради заштита на имотот, ако на местото на настанот нема лице кое тој имот може да го преземе.

(2) Во случаите на сообраќајна незгода во која учествуваат странски државјани, возило со странски регистарски ознаки или возило кое превезува стока која се наоѓа под царински надзор, дејствијата во врска со заштитата на имотот и возилото од ставот (1) на овој член, го врши Царинската управа.

**Член 223**

Возачот кој со возилото учествувал во сообраќајна незгода во која има повредени или загинати лица, како и друго лице кое непосредно учествувало во таква незгода, имаат право да бараат име и презиме, адреса на живеалиште, односно престојувалиште, како и други податоци кои се релевантни за незгодата од лицата кои биле присутни кога се случила незгодата.

### Член 224

(1) Во случај кога возилото заради сообраќајна незгода или неисправност е онеспособено за натамошно движење на патот, возачот или сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото, е должен возилото, товарот, предметите или другиот материјал расфрлен на патот, веднаш да ги отстрани од коловозот.

(2) Во случај кога возачот или сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото не е во состојба да постапи согласно со одредбата од ставот (1) на овој член, полицискиот службеник на Министерството за внатрешни работи, кој ќе се затекне на местото на незгодата или во случај на неисправност на возилото, ќе побара од правното лице надлежно за одржување на патот на сигурно место да ги отстрани од коловозот возилото, товарот, предметите или другиот растурен материјал.

(3) Правното лице надлежно за одржување на патот е должно на барање на полицискиот службеник итно да ги преземе сите потребни мерки за отстранување и чување на возилото со товарот, предметите или другиот растурен материјал од коловозот и да обезбеди проодност на патот.

(4) Во случај кога правното лице надлежно за одржување на патот не постапи согласно со одредбата од ставот (3) на овој член, а поради онеспособеноста на возилото или создадените пречки на коловозот од товарот, предметите или другиот материјал им е оневозможено движењето на другите учесници во сообраќајот, Министерството за внатрешни работи ќе преземе други соодветни мерки со цел да се овозможи нормално одвивање на сообраќајот.

(5) На правното лице надлежно за одржување на патот, кое постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(6) За прекршокот од ставот (5) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

## VI. КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ, ВОЗАЧИ, АВТОШКОЛИ, ИСПИТНИ ЦЕНТРИ И ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ

### 1. Услови за управување со моторно возило

### Член 225

(1) Со моторно возило или со возило на моторен погон во сообраќајот на патот самостојно може да управува само лице кое има важечка возачка дозвола издадена во Република Северна Македонија, странска возачка дозвола или меѓународна возачка дозвола, во која е впишана категоријата во која припаѓа моторното возило.

(2) Возач на кого во возачката дозвола му е впишано ограничување за управување со моторно возило со автоматски менувач, во сообраќајот на патот смее да управува само со возило со автоматски менувач.

(3) Трактор во сообраќајот на пат, може да управува лице кое има важечка возачка дозвола од категориите ,,Б", ,,БЕ", „Ц1", „Ц1Е", „Ц", ,,ЦЕ", ,,Д1", ,,Д1Е", „Д" и ,,ДЕ" и националната категорија „Ф".

(4) Туристички воз во сообраќајот на пат, може да управува лице кое има важечка возачка дозвола од категориите „Д“ и „ДЕ“.

(5) Со моторно возило или со возило на моторен погон во сообраќајот на патот не смее да управува возач на кој му е истечен рокот на важноста на возачката дозвола.

(6) Возачот е должен за време на управувањето со моторното возило или со возилото на моторен погон да ги користи помагалата што се запишани во возачката дозвола.

(7) На правното лице кое ќе нареди или дозволи управување со моторно возило или со возило на моторен погон спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(8) За прекршокот од ставот (7) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(9) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член.

(10) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставот (5) на овој член.

(11) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (6) на овој член.

### Член 226

(1) Возачот кој во толкава мера е уморен или болен или се наоѓа во таква психичка состојба што е неспособен за сигурно управување со возилото, како и возачот под дејство на лекови на кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред или за време на возењето, не смее да управува со возило во сообраќајот на пат.

(2) На правното лице кое ќе нареди или дозволи управување со возило спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член. Покрај утврдениот износ на глоба, на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на управување со моторно возило од три до 12 месеци, под услови и постапка утврдени со закон.

**Член 226-а**

(1) Возачот кој е под дејство на опојни droги и психотропни супстанци не смее да управува со возилото во сообраќајот на пат, ниту да започне да управува со возило.

(2) Ќе се смета дека е под дејство на опојни droги или психотропни супстанци, лицето за кое со анализа на крвта или на крвта и урината или со друг метод за мерење ќе се утврди присуство на овие средства во неговиот организам.

**Членот 227 е избришан, види**: Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РСМ" бр.193/25).

**Член 228**

(1) Возачот не смее да управува со возило во сообраќајот на патот, ниту да започне да управува со возило ако е под дејство на алкохол.

(2) Ќе се смета дека е под дејство на алкохол лицето за кое со анализа на крвта или на крвта и урината или со друг метод за мерење на количеството на алкохол во организмот, ќе се утврди дека содржината на алкохолот во крвта изнесува повеќе од 0.50 g/kg или ако присуството на алкохол во организмот е утврдено со соодветни средства или со апарати за мерење на алкохолизираноста (алкометар и друго), што одговара на количества поголеми од 0.50 g/kg или кај кое без оглед на содржината на алкохол во крвта, со стручен преглед ќе се утврди дека покажува знаци на алкохолна растроеност.

(3) Не смее да управува со возило, односно да започне управување со возило, ако во организмот има алкохол или ако покажува знаци на алкохолна растроеност:

- возач-почетник, согласно со одредбите од овој закон,
- возачот на моторно возило од категориите: „АМ", „А1", А2", „А", „БЕ", „Ц1", „Ц1Е", „Ц", „ЦЕ", „Д1", „Д1Е", „Д" и „ДЕ" - додека управува со возило од таа категорија,
- возачот на возило со кое се врши јавен превоз - додека со тоа возило врши јавен превоз,
- возачот на возило на кого управувањето со возило му е основно занимање - додека управува со возилото вршејќи ги работите од ова занимање,
- возачот- инструктор и кандидатот за возач - за време на оспособување во практичното управување со возило,
- претседателот и членовите на испитната комисија - додека спроведуваат практичен дел на возачкиот испит и
- возач кој не поседува возачка дозвола,.

(4) Прекршочен платен налог со глоба во износ од 225 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возач кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член и кај кого ќе се утврди содржина на алкохол во крвта од 0,51 g/kg до 1,00 g/kg. Покрај утврдениот износ на глоба, на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило од три до шест месеци, под услови и постапка утврдени со закон.

(5) Прекршочен платен налог со глоба во износ од 275 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возач кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, кај кого ќе се утврди содржина на алкохол во крвта од 1,01 g/kg до 1,50 g/kg. Покрај утврдениот износ на глоба на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило од шест до девет месеци, под услови и постапка утврдени со закон.

(6) Прекршочен платен налог со глоба во износ од 375 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возач кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (3) на овој член и кај кого ќе се утврди содржина на алкохол во крвта до 1,50 g/kg.Покрај утврдениот износ на глоба, на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило од 12 месеци, под услови и постапка утврдени со закон.

## 2. Автошколи

### 2.1. Основање и работа на автошколи

**Член 229**

(1) Спроведувањето на оспособување на кандидат за возач го врши правно лице по добивање на лиценца за автошкола од Министерството за внатрешни работи.

(2) Спроведувањето на оспособување на кандидат за возач може да го врши и подружница на автошкола по издавање на лиценца на автошколата за подружницата од Министерството за внатрешни работи.

(3) Лиценцата од ставовите (1) и (2) на овој член, врз основа на поднесено барање ја издава Министерството за внатрешни работи во рок од 90 дена од денот на приемот на барањето, доколку автошколата односно подружницата ги исполнува условите утврдени во членот 231 од овој закон.

(4) По издавањето на лиценцата од ставот (3) на овој член, автошколата односно подружницата се запишува во Регистарот на автошколи на Министерството за внатрешни работи.

**Член 230**

(1) Автошколата може да започне со работа по нејзиниот упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(2) Со барањето за упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија, се поднесува и лиценцата за автошкола издадена од Министерството за внатрешни работи, како доказ дека се исполнети пропишаните услови за работа на автошколата.

(3) Автошколата од членот 229 став (1) од овој закон, по донесување на одлука за промена во однос на основачот, стручниот кадар, адресата или одговорното лице во автошколата, е должна во рок од осум дена од денот на настанатата промена за истата писмено да го извести Министерството за внатрешни работи.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член на автошколата ќе и се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(5) За прекршокот од ставот (4) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во автошколата во износ од 500 евра во денарска противвредност.

**Член 231**

За оспособување на кандидати за возачи, автошколата задолжително треба да ги исполнува следниве услови:

- да има стручен кадар;
- да има опремена просторија (училница) од најмалку 20м2 опремена со соодветен уред (камера со сопствен уред за напојување) кој овозможува видео и аудио запис со можност за архивирање и документирање на снимените податоци кои се чуваат во автошколата 90 дена од денот на издавањето на потврдата за оспособеност на кандидатот за возач,

- да има уреден простор за прием на кандидати за возачи и за работа на стручниот раководител на автошколата;
- да има сообраќаен автодром (полигон) во сопственост на автошколата или под закуп кој ги исполнува пропишаните услови и соодветните сообраќајно-технички елементи;
- да има најмалку две сопствени возила од категорија ,,Б‟, а за останатите категории - по едно сопствено возило или возило под закуп;
- да располага со наставни средства, помагала и информатичка опрема за спроведување на наставната програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел), како и софтверска веб апликација и
- да има акт за организација на работа.

## Член 232

(1) Стручен кадар од членот 231 став (1) алинеја 1 од овој закон се лица кои се вработени во автошколата и тоа:
- стручен раководител;
- најмалку еден предавач и
- најмалку двајца возач-инструктори.

(2) Стручен раководител од ставот (1) алинеја 1 на овој член може да биде лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос, ги исполнува и следниве посебни услови:
- има завршено високо образование;
- има работен стаж најмалку една година на работи поврзани со оспособување на кандидати за возачи;
- е вработен во автошколата на неопределено време или на определено време со полно работно време;
- има важечка возачка дозвола од категориите за кои автошколата врши оспособување на кандидати за возачи;
- има дозвола за возач-инструктор од најмалку „Б‟ категорија;
- поседува лиценца за предавач по наставната програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и
- поседува лиценца за возач-инструктор.

(3) Предавач од ставот (1) алинеја 2 на овој член може да биде лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос, ги исполнува и следниве посебни услови:
- има завршено високо образование;
- е вработен во автошколата на неопределено време или на определено време со полно работно време
- има дозвола за возач-инструктор од најмалку „Б‟ категорија и
- поседува лиценца за предавач по наставната програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел).

(4) Возач-инструктор од ставот (1) алинеја 3 на овој член може да биде лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос, ги исполнува и следниве посебни услови:
- има завршено најмалку средно образование;
- има дозвола за возач-инструктор од категориите за кои врши оспособување и
- поседува лиценца за возач-инструктор.
- е вработен во автошколата на неопределено време или на определено време со полно работно време.

(5) Предавач по наставната програма укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода, може да биде доктор по медицина оспособен за изведување на настава од таа наставна програма, според програма донесена од министерот за здравство.

(6) Стручниот раководител од ставот (2) на овој член, може истовремено да биде и предавач во автошколата.

(7) Во случај кога автошколата има предавач кој не е стручен раководител, истиот може да врши практично оспособување на кандидатите за возачи најмногу до десет наставни часа неделно, согласно со прописите донесени врз основа на овој закон.

**Член 233**

(1) Возилата од членот 231 став (1) алинеја 5 од овој закон, задолжително треба да бидат:

- регистрирани во Република Северна Македонија;
- опремени со двојни команди, освен возилата од категориите „А", „А1", „А2", „Д", „Д1" „Ф"и возилата за лицата со посебни потреби;
- опремени со соодветен уред (камера со двострано снимање со сопствен извор на напојување) кој овозможува видео и аудио запис со можност за архивирање и документирање на снимените податоци кои се чуваат во автошколата 90 дена од денот на издавањето на потврдата за оспособеност на кандидатот за возач, освен за категориите „А1", „А2", „А" и националната категорија „Ф" за кои камерата се поставува во возилото управувано од возачот-инструктор кој ја спроведува обуката и
- опремени со две возачки огледала поставени на двете надворешни страни на предниот дел на возилото.

(2) Во случај кога се врши оспособување на кандидати за возачи за управување со возило со автоматски менувач, автошколата треба да има најмалку едно возило со автоматски менувач во сопственост на автошколата или под закуп опремено со соодветен уред (камера) од ставот (1) алинеја 3 на овој член.

(3) Оспособување на лице со посебни потреби, може да се врши на негово возило кое е приспособено на неговите потреби и кое ќе биде означено со посебни таблици со буквата ,,L".

(4) На автошколата која постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, ќе и се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(5) За прекршокот од ставот (4) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во автошколата во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на возачот-инструктор кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

## 2.2. Видови лиценци за работа во автошкола

**Член 234**

На физичко лице за вршење на работи во автошкола му се издава лиценца и тоа:

1) лиценца за предавач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) (во натамошниот текст: „лиценца за предавач") и

2) лиценца за возач-инструктор.

**Член 235**

(1) Лиценците од членот 234 од овој закон се со важност од пет години.

(2) По истекот на рокот од ставот (1) на овој член се спроведува постапка за добивање лиценца под услови и на постапка утврдени со овој закон.

(3) На автошколата во која стручниот кадар поседува неважечка лиценца, ќе и се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во автошколата во износ од 500 евра во денарска противвредност.

### 2.2.1. Услови за стекнување со лиценца во автошкола

#### Член 236

(1) Лиценца за предавач се издава на физичко лице кое ги исполнува следниве услови:

1) има завршено најмалку високо образование;

2) има живеалиште во Република Северна Македонија;

3) поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение;

**Точката 4 е избришана,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.83/18).

5) има положено стручен испит за предавач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и

6) поседува дозвола за возач-инструктор.

(2) Лиценца за возач-инструктор се издава на физичко лице кое ги исполнува следниве услови:

1) има живеалиште во Република Северна Македонија;

2) поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение;

**Точката 3 е избришана,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.83/18).

4) има положено стручен испит за возач-инструктор и

5) поседува дозвола за возач-инструктор.

(3) Во случај на одземање на лиценците од ставовите (1) и (2) на овој член, физичките лица може повторно да се стекнат со лиценца по истекот на една година од одземањето на лиценцата, под услови и во постапка утврдени со овој закон.

### 2.2.2. Надзор над работа на автошкола и одземање на лиценца

#### Член 237

(1) Надзор над работата на автошколата во однос на исполнувањето на пропишаните услови за работа, начинот на оспособување на кандидатите за возачи и обврската за воспоставување и водење на евиденциите утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, врши Министерството за внатрешни работи.

(2) Во случај кога при вршењето на надзорот од ставот (1) на овој член се утврди дека автошколата не ги исполнува пропишаните услови за работа, кандидатите за возачи не ги оспособува според наставниот план или на пропишан

начин или не ги води евиденциите утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, Министерството за внатрешни работи со решение забранува вршење на оспособување на кандидати за возачи во времетраење од 30 дена, во кој период автошколата треба да ги отстрани утврдените недостатоци.

(3) Кога при вршењето на повторен надзор ќе се утврди дека автошколата во определениот рок не ги отстранила утврдените недостатоци или не ја почитува забраната од ставот (2) на овој член, Министерството за внатрешни работи со решение ја одзема лиценцата за автошкола.

(4) Во случај кога при вршењето на надзорот од ставот (1) на овој член се утврди дека автошколата издала документ за спроведено оспособување на кандидат за возач без да спроведе постапка утврдена со овој закон, Министерството за внатрешни работи со решение ја одзема лиценцата за автошкола и забранува вршење на оспособување на кандидати за возачи, во период од две години од денот на одземањето на лиценцата.

(5) Автошколата не може да оспособува кандидати за возачи во периодот додека трае забраната од ставовите (2) и (4) на овој член.

(6) Во случај кога е одземена лиценцата за автошкола согласно со ставот (3) на овој член, Министерството за внатрешни работи по службена должност го известува Централниот регистар.

(7) Решението од ставовите (2), (3) и (4) на овој член, е конечно и против него може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

(8) Поведувањето на управен спор од ставот (7) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(9) Во случај кога автошколата постапува спротивно на одредбите од ставовите (2) и (4) на овој член, ќе и се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(10) На одговорното лице во автошколата кое постапува спротивно на одредбата од ставот (9) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност.

## Член 238

(1) Во случај кога при вршењето на надзорот од членот 237 став 1 од овој закон се утврди дека стручниот раководител, предавачот или возачот инструктор не ги почитуваат пропишаните правила, односно кандидатите за возачи не ги оспособуваат според наставниот план или на пропишан начин, Министерството за внатрешни работи со решение ќе им ја одземе соодветната лиценца за работа.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член, Министерството за внатрешни работи на стручниот раководител ќе му ја одземе лиценцата за предавач.

(3) Решението од ставот (1) на овој член, е конечно и против него може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

(4) Поведувањето на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе им се издаде на лицата од ставот (1) на овој член.

## Член 239

(1) Министерот за внатрешни работи може да забрани оспособување на кандидати за возачи на определен пат, трајно или за одредено време, ако тоа го налагаат причините на безбедност на сообраќајот на патиштата.

(2) Во случај кога при вршењето на надзорот од членот 237 став (1) од овој закон се утврди дека определениот уреден простор (полигон) не ги исполнува пропишаните услови и соодветните сообраќајно-технички елементи, Министерството за внатрешни работи на сопственикот со решение ќе му забрани да се врши оспособување на кандидати за возачи и спроведување на прв практичен дел од возачкиот испит во времетраење од 30 дена, во кој рок треба да се отстранат утврдените недостатоци.

(3) Во случај кога при вршењето на повторен надзор над уредениот простор од ставот (2) на овој член, се утврди дека не се отстранети недостатоците во утврдениот рок, Министерството за внатрешни работи со решение ќе го одземе одобрението на уредениот простор за оспособување и полагање на кандидати.

(4) Решението од ставовите (2) и (3) на овој член, е конечно и против него може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

(5) Поведувањето на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

(6) На правното лице кое ќе нареди или дозволи оспособување на кандидати за возачи и спроведување на прв практичен дел од возачкиот испит спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(7) За прекршокот од ставот (6) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(8) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност согласно со одредбите од овој закон, ќе му се издаде на возачот-инструктор кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

## 3. Испитен центар

### 3.1. Основање и работа на испитен центар

### Член 240

(1) Работите на организирање и спроведување на возачкиот испит за кандидат за возач, ги врши правно лице по добивање лиценца за испитен центар од Министерството за внатрешни работи, за временски период од 10 години.

(2) Лиценцата од ставот (1) на овој член, Министерството за внатрешни работи ја издава доколку правното лице ги исполнува условите од членот 244 став (1) од овој закон.

(3) По издавањето на лиценцата од ставот (1) на овој член, Министерството за ватрешни работи го запишува испитниот центар во Регистарот на испитни центри во ова министерство.

(4) Испитниот центар од ставот (1) на овој член, работите на организирање и спроведување на возачкиот испит ги врши согласно со организацијата на соодветните организациски единици на Министерството за внатрешни работи.

(5) Испитниот центар од ставот (1) на овој член, може да организира и спроведува возачки испит за кандидат за возач и во подружница, надвор од местото на неговото седиште, доколку ги исполнува условите од членот 244 став (2) од овој закон.

**Член 241**

(1) Постапката за добивање на лиценца од членот 240 став (1) од овој закон, се спроведува врз основа на јавен конкурс кој го распишува Министерството за внатрешни работи.

(2) На јавниот конкурс од ставот (1) на овој член, може да се пријави правно лице што ги исполнува условите од членот 244 став (1) од овој закон и има банкарска гаранција за извршување во износ од 10% од просечниот годишен приход остварен од испитниот центар на тоа подрачје во последните три години. Во однос на условот од членот 244 став (1) алинеја 1 од овој закон, на јавниот конкурс правното лице доставува договори со физичките лица за идно вработување на работните позиции од членот 245 од овој закон на неопределено време или на определено време со полно работно време, кои ќе засноваат работен однос по добивање на лиценцата за испитен центар и пред уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(3) Во случај кога на јавниот конкурс од ставот (1) на овој член, за определено подрачје не се пријави ниту едно правно лице, односно ниту едно од пријавените правни лица не ги исполнува условите утврдени со овој закон, јавниот конкурс за тоа подрачје се повторува.

**Член 242**

(1) Испитниот центар и подружниците од членот 240 од овој закон, можат да започнат со работа по нивниот упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(2) Со барањето за упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија, се поднесува и лиценцата за испитен центар издадена од Министерството за внатрешни работи, како доказ дека се исполнети пропишаните услови за работа на испитниот центар.

(3) Испитниот центар и подружниците со свои акти го уредуваат начинот на организација и вршење на работите на организација и спроведување на возачки испит на кандидат за возач, во согласност со посебен закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

**Член 243**

(1) Испитниот центар од членот 240 став (1) од овој закон, по донесување на одлука за промена во однос на основачот, стручниот кадар, адресата или одговорното лице во испитниот центар, е должен во рок од осум дена од денот на настанатата промена за истата да го извести Министерството за внатрешни работи.

(2) За прекршокот од ставот (1) на овој член на испитниот центар ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во испитниот центар во износ од 500 евра во денарска противвредност.

**Член 244**

(1) За вршење на работите на организирање и спроведување на возачкиот испит за кандидат за возач, испитниот центар задолжително треба да ги исполнува следниве услови за работа:

- да има стручен кадар;
- да има организација на работа;

- да има уредени простории опремени со посебен уред (камери) и материјално-технички капацитети;

- да има информатичка опрема за вршење на потребните работи и

- да има возила (сопствени или под закуп) од категориите за кои испитниот центар е овластен да врши испитување на кандидати за возачи согласно со одредбите од овој закон.

(2) Подружницата на испитниот центар задолжително треба да ги исполнуваат следниве услови за работа:

- да има уредни простории опремени со посебен уред (камери) и материјално-технички капацитети;

- да имаат информатичка опрема за вршење на работи.

**Ставот 3 е укинат,** види: Одлука на Уставниот суд У.бр.59/2018 ("Службен весник на РМ" бр.70/19).

**Ставот 4 е укинат,** види: Одлука на Уставниот суд У.бр.59/2018 ("Службен весник на РМ" бр.70/19).

(5) Министерството за внатрешни работи го определува бројот и местото на подружниците на испитниот центар со пријавно и испитно место, според бројот на кандидати за возачи.

**Член 244-а**

(1) Полагањето на првиот практичен дел од возачкиот испит, испитниот центар задолжително го спроведува на сообраќаен автодром (полигон) кој ги исполнува пропишаните услови и сообраќајно – технички елементи.

(2) Испитниот центар од ставот (1) на овој член, ги користи сите сообраќајни автодроми (полигони) на подрачјето за кое му е издадена лиценцата, без оглед дали се во негова сопственост или под закуп или се во сопственост или под закуп на автошколите или на други физички и правни лица.

(3) Автошколите и лицата од ставот (2) на овој член, се должни да го овозможат користењето на сообраќајните автодроми (полигони) од страна на испитните центри.

(4) Највисокиот износ на надоместокот за користење на сообраќајните автодроми (полигони) од страна на испитните центри го утврдува министерот за внатрешни работи.

(5) На автошколата или на правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микротрговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(6) За прекршокот од ставот (5) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во автошколата или во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(7) На физичко лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност.

**Член 244-б**

Заради зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, како и заради модернизација на уредите и опремата во областа на сообраќајот, 15% од цената за полагање на возачки испит испитните центри се должни да ги уплатуваат на буџетската сметка на Министерството за внатрешни работи.

### Член 245

Соодветен стручен кадар од членот 244 став (1) алинеја 1 од овој закон, се лица кои се вработени во испитниот центар на неопределено време или определено време со полно работно време, и тоа:

- раководител на испитен центар;
- контролор;
- претседател на испитна комисија;
- испитувач по наставната програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и
- испитувач по наставната програма управување со моторно возило (практичен дел).

### Член 246

(1) Раководител на испитен центар од членот 245 став (1) алинеја 1 од овој закон може да биде лице, кое ги исполнува следните услови:

- има завршено високо образование;
- има живеалиште во Република Северна Македонија;
- поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение;
- да е вработен во испитниот центар на неопределено време или на определено време со полно работно време;
- поседува дозвола за возач-инструктор;
- поседува лиценца за испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел);
- поседува лиценца за испитувач по наставна програма управување со моторно возило (практичен дел) и
- да има работен стаж од најмалку пет години во оспособување или испитување на кандидати за возачи, или работен стаж како и контролор или раководител на испитен центар.

(2) Контролор од членот 245 став (1) алинеја 2 од овој закон може да биде лице, кое ги исполнува следните услови:

- има завршено високо образование;
- има живеалиште во Република Северна Македонија;
- поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение;
- да е вработен во испитниот центар на неопределено време или на определено време со полно работно време;
- поседува дозвола за возач-инструктор;
- лиценца за контролор и
- да има работен стаж од најмалку три години во оспособување или испитување на кандидати за возачи, или работен стаж како контролор или раководител на испитен центар.

(3) Претседател на испитната комисија од членот 245 став (1) алинеја 3 од овој закон, може да биде лице кое ги исполнува следните услови:

- да има завршено високо образование;
- има живеалиште во Република Северна Македонија;
- поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение;
- да е вработен во испитниот центар на неопределено време или на определено време со полно работно време;

- поседува дозвола за возач-инструктор од категориите за кои испитната комисија врши испитување на кандидати за возачи;
- да поседува лиценца испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел);
- да поседува лиценца испитувач по наставна програма управување со моторно возило (практичен дел) и
- да има работен стаж од најмалку три години во оспособување или испитување на кандидати за возачи, или работен стаж како контролор или раководител на испитен центар.

(4) Испитувач по наставната програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) од членот 245 став (1) алинеја 4 од овој закон, може да биде лице кое ги исполнува следните услови:
- има завршено високо образование;
- има живеалиште во Република Северна Македонија;
- поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение;
- да е вработен во испитниот центар на неопределенео време или на определено време со полно работно време;
- поседува дозвола за возач-инструктор;
- да поседува лиценца за испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и
- да има работен стаж од најмалку три години во оспособување или испитување на кандидати за возачи.

(5) Испитувач по наставната програма управување со возило (практичен дел) од членот 245 став (1) алинеја 5 од овој закон, може да биде лице кое ги исполнува следните услови:
- има завршено најмалку средно образование;
- има живеалиште во Република Северна Македонија;
- поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение;
- да е вработен во испитниот центар на неопределено време или на определено време со полно работно време;
- поседува дозвола за возач-инструктор од категориите за кои испитната комисија врши испитување на кандидати за возачи;
- да поседува лиценца за испитувач по наставна програма управување со возило (практичен дел) и
- да има работен стаж од најмалку три години во оспособување или испитување на кандидати за возачи.

**Член 247**

(1) Сообраќајниот автодром (полигон) од членот 244-а од овој закон, треба да биде опремен со соодветен уред (камера), кој ќе овозможува видео и аудио запис со можност за архивирање и документирање на снимените податоци кои се чуваат во испитниот центар 90 дена од денот на полагањето на испитот на кандидатот за возач.

**Член 248**

(1) Возилата од членот 244 став (1) алинеја 5 од овој закон, треба да ги исполнуваат условите од членот 233 ставови (1), (2) и (3) од овој закон.

(2) На испитниот центар кој постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во испитниот центар во износ од 500 евра во денарска противвредност.

## 3.2. Видови лиценци за работи во испитен центар

### Член 249

(1) Министерството за внатрешни работи на физичко лице за вршење на работи во испитен центар му издава лиценца и тоа:

- лиценца за контролор;
- лиценца за испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и
- лиценца за испитувач по наставна програма управување со возило (практичен дел).

(2) Лиценците од ставот (1) на овој член, врз основа на поднесено барање, ги издава Министерството за внатрешни работи во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

### Член 250

(1) Лиценците од членот 249 од овој закон се со важност од пет години.

(2) По истекот на рокот од ставот (1) на овој член се спроведува постапка за добивање лиценца под услови и на начин утврдени со овој закон.

(3) На испитниот центар во кој стручниот кадар поседува неважечка лиценца, ќе му се изрече глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во испитниот центар во износ од 500 евра во денарска противвредност.

## 3.2.1. Услови за стекнување со лиценца во испитен центар

### Член 251

(1) Лиценца за контролор се издава на физичко лице кое ги исполнува следниве услови:

1) има завршено најмалку високо образование;

2) има живеалиште во Република Северна Македонија;

3) поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение не постаро од осумнаесет месеци;

**Точката 4 е избришана,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.83/18).

5) да има положено стручен испит за контролор и

6) да поседува дозвола за возач-инструктор.

(2) Лиценца за испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) се издава на физичко лице кое ги исполнува следниве услови:

1) има завршено најмалку високо образование;

2) има живеалиште во Република Северна Македонија;

3) поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение не постаро од осумнаесет месеци;

**Точката 4 е избришана,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.83/18).

5) да има положено стручен испит за испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи и

6) да поседува дозвола за возач-инструктор.

(3) Лиценца за вршење на работи на испитувач по наставна програма управување со возило (практичен дел) се издава на физичко лице, кое ги исполнува следниве услови:

1) има завршено најмалку средно образование;

2) има живеалиште во Република Северна Македонија;

3) поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение не постаро од осумнаесет месеци;

**Точката 4 е избришана,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.83/18).

5) да има положено стручен испит за испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи и

6) да поседува дозвола за возач-инструктор.

(4) Во случај на одземање на лиценците од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, физичките лица може повторно да се стекнат со лиценца по истекот на една година од одземањето на лиценцата под услови и во постапка утврдени со овој закон.

## 3.2.2. Надзор над работа на испитен центар и одземање на лиценца

### Член 252

(1) Надзор над работата на испитен центар, во однос на исполнувањето на пропишаните услови за работа, начинот на спроведување на возачкиот испит за кандидат за возач и водењето на евиденциите утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, врши Министерството за внатрешни работи.

(2) Министерството за внатрешни работи со решение ќе му ја одземе лиценцата на испитниот центар, ако:

**Алинејата 1 е укината,** види: Одлука на Уставниот суд У.бр.138/2017 ("Службен весник на РМ" бр.191/18).

- против него е поведена постапка на стечај или ликвидација и
- престанал да работи врз основа на судска одлука.

(3) Во случај кога при вршење на надзорот од ставот (1) на овој член се утврди дека испитниот центар не ги исполнува пропишаните услови за работа, не била спроведена соодветна постапка за полагање возачки испит на кандидат за возач или несоодветно ги води и чува евиденциите утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и доколку постапува спротивно на одредбата од членот 244 став (3) од овој закон, Министерството за внатрешни работи со решение ќе забрани спроведување на возачки испит на кандидат за возач во времетраење од 30 дена, во кој рок испитниот центар треба да ги отстрани утврдените недостатоци.

(4) По истекот на рокот од ставот (3) на овој член за отстранување на утврдените недостатоци се врши повторен надзор и доколку се утврди дека испитниот центар не ги отстранил утврдените недостатоци во рокот од ставот (3) на овој член Министерството за внатрешни работи ќе му ја одземе лиценцата на испитниот центар и ќе ја активира банкарската гаранција.

(5) Во случај кога при вршење на надзорот ќе се утврди дека испитниот центар издал уверение за положен возачки испит за кандидат за возач без да спроведе соодветна постапка утврдена со овој закон, Министерството за внатрешни работи со решение ја одзема лиценцата за испитен центар.

(6) Испитниот центар не може да спроведува возачки испит за кандидат за возач во периодот додека трае забраната од ставот (3) од овој закон.

(7) Во случај кога е одземена лиценцата за испитен центар согласно со ставовите (4) и (5) на овој член, Министерството за внатрешни работи по службена должност го известува Централниот регистар.

(8) Решението од ставовите (2), (3), (4) и (5) на овој член е конечно и против него може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

(9) Поведувањето на управниот спор од ставот (8) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(10) Во случај кога испитниот центар постапува спротивно на одредбите од ставовите (3), (4) и (5) на овој член, ќе му се издаде прекршочен платен налог со глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност.

(11) На одговорното лице во испитниот центар кое постапува спротивно на одредбата од ставот (10) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност.

**Член 253**

(1) Во случај кога при вршењето на надзорот од членот 252 став (1) од овој закон се утврди дека претседателот на комисијата, испитувачот по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и на испитувачот по наставна програма управување со возило (практичен дел) не го спровеле возачкиот испит на начин утврден со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, Министерството за внатрешни работи со решение ќе им ги одземе соодветните лиценци кои ги поседуваат.

(2) Во случај кога при вршењето на надзорот од ставот (1) на овој член се утврди дека раководителот и контролорот на испитниот центар, согласно делокругот на нивната организациска надлежност утврдена во актот за организација и работа од член 244 став (1) алинеја 2 овозможиле возачкиот испит да се спроведе спротивно на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, Министерството за внатрешни работи со решение ќе им ги одземе соодветните лиценци кои ги поседуваат.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, Министерството за внатрешни работи на раководителот на испитниот центар и претседателот на комисијата со решение ќе му ја одземе лиценцата која ја поседуваат за делот од испитот кој не е спроведен согласно со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(4) Решението од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е конечно и против него може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на раководителот во испитниот центар кој постапува спротивно на ставовите (1) и (2) на овој член.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе им се издаде на контролорот, претседателот на испитната комисија, испитувачот по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и на испитувачот по наставна програма управување со возило (практичен дел) кои постапуваат спротивно на ставовите (1) и (2) на овој член.

## 4. Полагање на стручен испит за вршење работи во автошкола и испитен центар и на испит за возач-инструктор

### 4.1. Стручен испит

**Член 254**

(1) Кандидатите за вршење работи на предавач и возач-инструктор во автошколата, контролор, испитувач по наставна програма од сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и испитувач по наставна програма од управување со возило (практичен дел) во испитен центар, треба да положат стручен испит за оспособеност за работа.

(2) Стручниот испит за вршење работи на предавач и возач-инструктор во автошкола се врши согласно Програма за проверка на стручно оспособување за добивање на лиценца за оспособување на кандидат за возач.

(3) Стручниот испит за вршење работи на контролор, испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и испитувач по наставна програма управување со возило (практичен дел) во испитен центар се врши согласно со Програма за проверка на знаење на кандидат за возач.

(4) Стручниот испит од ставот (1) на овој член се полага пред комисија формирана од страна на министерот за внатрешни работи која е составена од претседател и три члена, од кои претседателот и два члена имаат најмалку 10 години работно искуство во областа на сообраќајот и еден член има најмалку 10 години работно искуство во областа на информатичката технологија.

(5) На кандидатите од ставот (1) на овој член кои успешно го положиле стручниот испит комисијата им издава уверение за положен испит.

(6) Министерството за внатрешни работи води евиденција на издадени уверенија за положен стручен испит, која содржи: реден број, датум на полагање на стручниот испит, датум на издавање на уверението, категорија, лично име, адреса на живеалиште, број на лична карта и забелешка. Податоците содржани во евиденцијата се чуваат трајно.

(7) На лицата од ставот (1) на овој член, врз основа на издаденото уверение од ставот (5) на овој член, по поднесено барање, Министерството за внатрешни работи им издава лиценца за работа во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

(8) За издавање на лиценцата за работа од ставот (7) на овој член, лицата плаќаат надоместок за трошоци во висина на реално направените трошоци за нејзино издавање.

(9) Кандидатот кој не го положил испитот ќе се упати на повторно полагање во рок од 30 дена од денот на добивање на резултатите од испитот.

(10) Во периодот до повторно полагање на стручниот испит кандидатот нема право да извршува работи за кои е потребен стручен испит.

(11) Трошоците за повторно полагање на стручниот испит се на товар на барателот од ставот (1) на овој член.

**Член 255**

(1) Стручниот испит го полага лице кое ги исполнува условите од членовите 236 и 251 од овој закон врз основа на кои му е одобрено барањето за полагање на стручниот испит.

(2) Стручниот испит се состои од теоретски дел со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите, се полага писмено по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(3) По исклучок од ставовите (2) и (3) на овој член, во случај кога единствениот електронски систем за полагање на испитите не е во функција како резултат на настани кои не можеле да се предвидат, а поради крајна итност за да не дојде до застој во континуираното вршење на работите во автошколите и испитните центри, испитите од членот 254 став (2) и став (3) од овој закон, ќе се спроведат во хартиена форма.

(4) Прашањата за испитите од ставот (2) на овој член ги подготвува Комисијата за спроведување стручен испит за оспособеност за работа на кандидатите за вршење работи на предавач и возач- инструктор во автошкола, контролор, испитувач по наставна програма од сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и испитувач по наставна програма од управување со возило (практичен дел) во испитен центар.

(5) Базите на прашања за стручниот испит ги изготвуваат двајца универзитетски професори од областа на патниот сообраќај и претставници на Министерството за внатрешни работи со најмалку десет години работно искуство од областа на патниот сообраќај.

(6) Прашањата од испитот ги верификува Комисија за полагање на стручниот испит од членот 254 став (4) од овој закон, која воедно врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања најмалку еднаш годишно и истите се објавуваат на веб страницата на Министерството за внатрешни работи.

(7) Стручниот испит се спроведува во Министерството за внатрешни работи. Стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит ги врши Министерството за внатрешни работи.

(8) При ревизија Комисијата од ставот (6) на овој член особено ги има предвид измените на прописите на кои се засновани прашањата, бројот на кандидати кои ги одговориле, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат врз подобрувањето на квалитетот на базата на прашања за стручниот испит.

(9) Членовите на Комисијата од ставот (6) на овој член имаат право на паричен надоместок што го определува министерот за внатрешни работи.

(10) Годишниот паричен надоместок не го надминува износот од три просечни месечни плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година објавени од Државниот завод за статистика.

(11) Начинот на спроведување на испитот од ставот (3) на овој член го пропишува министерот за внатрешни работи.

**Член 256**

(1) На кандидатот на кој му е одобрено барањето за полагање на стручниот испит, му се определува времето и местото за полагање на испитот, а кандидатот се известува најдоцна во рок од осум дена пред полагање на испитот.

(2) На кандидатот му се овозможува да започне да го полага стручниот испит во првиот нареден термин од денот на одобреното барање за полагање на испитот.

(3) Стручниот испит се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(4) Јавноста се информира за датумот и времето на полагањето на стручниот испит најмалку три дена пред одржувањето на испитот.

(5) Полагањето на стручниот испит се снима, а снимките од одржаниот испит и материјалите од одржаниот испит, односно хартиените верзии од теоретскиот дел специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот се чуваат во Министерството за внатрешни работи една година од денот на одржување на испитот.

(6) Во просторијата за полагање на стручниот испит, за време на полагањето присутни се претседателот и членовите на комисијата за полагање на испитот, во полн состав.

**Член 257**

(1) Пред почетокот на полагањето на стручниот испит, претставник од Министерството за внатрешни работи кој го организира испитот го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во лична карта.

(2) На кандидатот за време на полагањето на стручниот испит не му се дозволува користење на закон и подзаконски прописи, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

(3) На кандидатот за време на полагањето на стручниот испит не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со членот на комисијата од областа на информатичка технологија, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(4) Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети за пет минути стручниот испит продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок стручниот испит само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(5) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и тие не бидат отстранети во рок од пет минути, стручниот испит се прекинува за сите кандидати што го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(6) Доколку кандидатот при полагањето на стручниот испит постапува спротивно од ставовите (2) и (3) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во тој утврден термин.

(7) Во случаите од ставот (6) на овој член се смета дека кандидатот не го положил стручниот испит и истото се констатира во записникот за полагање на стручниот испит.

(8) Овластените претставници од Министерството за внатрешни работи кои го организираат испитот, за време на полагањето на стручниот испит не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

**Член 258**

Испитот се полага за секоја соодветна област и содржи најмалку 50 прашања со три опции за заокружување од кои една е точна, една е слична и една не е точна.

**Член 259**

(1) Полагањето на стручниот испит се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер или тест во хартиена форма.

(2) Прашањата од тестот зависно од тежината се вреднуваат со поени определени во тестот.

(3) Прашањата содржани во тестовите за полагање на стручниот испит и нивните одговори се чуваат во база содржана во електронскиот систем на организациската единица за информатичка технологија во Министерството за внатрешни работи.

(4) Електронскиот систем од ставот (3) на овој член содржи и јавно достапна база која содржи прашања за секоја област.

(5) На веб- страницата на Министерството за внатрешни работи е содржано и посочување на прописите и литературата во кои се содржани одговорите на прашањата од испитот.

(6) Резултатите од полагањето на стручниот испит овој закон му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување, а спроведените испити во хартиена форма резултатите се објавуваат на веб-страницата на Министерството за внатрешни работи најдоцна во рок од три работни дена по одржувањето на испитот, по извршен преглед од комисијата за спроведување на стручниот испит.

**Член 260**

(1) На денот на полагањето на стручниот испит претставник на Министерството за внатрешни работи на кандидатот му дава пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 259 став 3 од овој закон.

(2) По одобрувањето на пристапот кандидатот добива електронски тест за испитот, компјутерски генериран или тест во хартиена форма, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем, од базата од членот 259 став (4) од овој закон.

(3) Стручниот испит содржи упатство за начинот на решавање на истиот за кое претставник на Министерството за внатрешни работи дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

(4) Електронскиот систем за полагање на стручниот испит не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест како и тест во хартиена форма за испитот во еден термин за повеќе од еден кандидат.

**Член 261**

(1) Во случај на спреченост на спроведување на стручниот испит, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем од членот 259 став (3) од овој закон, полагањето на стручниот испит се прекинува.

(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на стручниот испит, истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.

(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (2) на овој член полагањето на стручниот испит се презакажува за друг термин.

**Член 262**

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од тестот за полагање на стручниот испит изнесува 120 минути.

(2) Се смета дека стручниот испит го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

**Член 263**

(1) На кандидатите кои го положиле стручниот испит им се издава уверение за положен испит во рок од 15 дена од денот на полагањето на испитот.

(2) На барање на кандидатот кој полагал стручен испит, Министерството за внатрешни работи го информира за направените грешки во тестот за полагање на стручниот испит, со овозможување на непосреден увид во тестот.

**Член 264**

Материјалите од одржаните испити, хартиените верзии од тестовите, решение за одбивање за полагање на стручниот испит и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот, како и снимките од одржаните испити се чуваат во Министерството за внатрешни работи.

**Член 265**

(1) Трошоците за полагањето на стручен испит и за издавање на лиценца, се на товар на кандидатот во висина на реално направените трошоци за проверката на стручноста на кандидатот.

(2) Реално направени трошоци за проверка на стручноста на кандидатот од ставот (1) на овој член се:

- трошоците за издавање на лиценца;
- надоместок за члeновите на комисиите од членот 254 став (4) од овој закон и
- слични трошоци во врска со спроведувањето на стручниот испит.

**Член 266**

(1) Трошоците од членот 265 од овој закон се уплатуваат на посебна сметка на сопствени приходи на Министерството за внатрешни работи.

(2) Ако трошоците не се уплатени на сметка на Министерството за внатрешни работи најдоцна 15 дена пред денот определен за спроведување на испитот, на кандидатот не му се дозволува полагање на испитот.

(3) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага испитот, уплатените средства се враќаат согласно со закон.

**4.2. Испит за возач-инструктор**

**Член 267**

(1) Испитите за возач-инструктор се полагаат во овластена образовна институција, пред испитна комисија формирана од министерот за образование и наука.

(2) За спроведените испити, образовната институција од ставот (1) на овој член, води евиденција согласно со закон.

(3) На лицето кое ги положило испитите за возач-инструктор овластената образовна институција од ставот (1) на овој член му издава диплома за завршено специјалистичко образование за занимање возач-инструктор.

**Член 268**

(1) Врз основа на дипломата од членот 267 став (3) од овој закон и по поднесено барање, Министерството за внатрешни работи издава дозвола за возач-инструктор, според местото на живеење на лицето, со рок на важење од пет години.

(2) Дозволата од ставот (1) на овој член се издава во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(3) Во дозволата од ставот (1) на овој член се впишуваат категориите на возила за кои кандидатот има положено испити за возач-инструктор.

(4) Со приложување на диплома за завршено специјалистичко образование за занимање возач - инструктор од категоријата „А" во дозволата за возач - инструктор покрај категоријата „А" ќе му бидат запишани и категориите „А1" и „А2".

(5) Со приложување на диплома за завршено специјалистичко образование за занимање возач - инструктор од категоријата „А2" во дозволата за возач - инструктор покрај категоријата „А2" ќе му биде запишана и категоријата „А1".

(6) Со приложување на диплома за завршено специјалистичко образование за занимање возач - инструктор од категоријата „Ц" во дозволата за возач - инструктор покрај категоријата „Ц" ќе му биде запишана и категоријата „Ц1".

(7) Со приложување на диплома за завршено специјалистичко образование за занимање возач - инструктор од категоријата „Д" во дозволата за возач - инструктор покрај категоријата „Д" ќе му биде запишана и категоријата „Д1".

(8) Со приложување на диплома за завршено специјалистичко образование за занимање возач - инструктор од категоријата „ЦЕ" во дозволата за возач - инструктор покрај категоријата „ЦЕ" ќе му биде запишана и категоријата „Ц1Е".

(9) Со приложување на диплома за завршено специјалистичко образование за занимање возач - инструктор од категоријата „ДЕ" во дозволата за возач - инструктор покрај категоријата „ДЕ" ќе му биде запишана и категоријата „Д1Е".

(10) Со приложување на диплома за завршено специјалистичко образование за занимање возач - инструктор од категориите „Б" и „ЦЕ" во дозволата за возач - инструктор покрај категориите „Б" и „ЦЕ" ќе му бидат запишани и категориите „БЕ" и „Ц1Е".

(11) Со приложување на диплома за завршено специјалистичко образование за занимање возач - инструктор од категориите „ЦЕ" и „Д" во дозволата за возач - инструктор ќе му бидат запишани категориите „Д1Е" и „ДЕ".

(12) Министерството за внатрешни работи води евиденција на издадени дозволи за возач - инструктор, во хартиена и во електронска форма.

(13) Евиденцијата од ставот (11) на овој член, ги содржи следните податоци: реден број, лично име, име на родител, датум и место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, ознака на категориите на возила со кои возачот - инструктор има право да управува, датум и место на полагање на возачки испит и забелешки.

## Член 269

(1) Дозволата за возач-инструктор престанува да важи:

- со истекот на рокот на нејзината важност утврден во членот 268 став (1) од овој закон;
- во случаите во кои е предвидено престанување на важност на возачката дозвола за категоријата за која е изречена прекршочната санкција и
- во случај кога е изречена прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило за категоријата за која е изречена прекршочната санкција сметано од денот на впишување на истата.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот-инструктор кој врши оспособување на кандидати за возачи по истекот на рокот на важност на дозволата за возач инструктор од ставот (1) на овој член.

**Член 270**

(1) Трошоците за специјалистичко образование за возач-инструктор, се на товар на кандидатот за возач-инструктор, во висина на реално направените трошоци за завршување на специјалистичкото образование.

(2) Висината на трошоците од ставот (1) на овој член ја утврдува министерот за образование и наука.

(3) Реално направени трошоци за специјалистичко образование за возач-инструктор се:

- трошоци за тестови;
- трошоци за диплома за завршено специјалистичко образование за возач-инструктор;
- паричен надоместок за членовите на комисијата за спроведување на испит за возач-инструктор и
- слични трошоци за полагање на испитот за возач-инструктор.

## 4.2.1. Одземање на дозвола за возач-инструктор

**Член 271**

(1) Дозволата за возач-инструктор ќе се одземе во случаите кога е утврдено дека полагањето е извршено врз основа на лажна исправа, неточни податоци во пријавата за полагање или испитот е спроведен спротивно на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Покрај случаите од ставот (1) на овој член, дозволата ќе се одземе и во случај на правосилна судска одлука за кривично дело загрозување на безбедноста во сообраќајот, како и во случаите кога на возач-инструктор ќе му се изрече казна, односно прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност.

(3) Решението за одземање на дозволата за возач-инструктор го донесува Министерството за внатрешни работи.

(4) Решението од ставот (3) на овој член, е конечно и против истото може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

## 5. Услови за стекнување право на управување со возило

**Член 272**

(1) Право на управување со возило може да стекне лице кое ги исполнува следниве услови:

- да наполнило минимум години возраст за возилото утврдени со овој закон,
- да е здравствено и психофизички способно да управува со моторно возило,
- да има завршено најмалку основно образование,
- да положило возачки испит за управување со моторно возило од определена категорија и
- со одлука на надлежен државен орган или друг орган да не му е забрането управување со моторно возило или група на возила.

(2) Минимална возраст за управување со возило за одредени категории е:

- 16 години за управување со моторни возила од категориите: „АМ" и „А1" и националната категорија „Г,
- 17 години за управување со возила од националната категорија „Ф";
- 18 години за управување со моторно возило од „Б" категорија,

- 18 години за управување со моторно возило од категориите: „А2", „БЕ", „Ц1" и „Ц1Е",

- 21 години за управување со моторно возило од категориите: „А", „Ц",„ЦЕ",„Д1" и „Д1Е" и

- 24 години за управување со возила од категориите: „Д",„ДЕ" и националната категорија „Т".

(3) Право на управување со моторно возило од категориите „Ц1" и „Ц", може да стекне возач кој најмалку една година поседува возачка дозвола од категоријата ,,Б".

(4) Право на управување со моторно возило од категоријата ,,Д" може да стекне возач кој најмалку две години поседува возачка дозвола од категоријата ,,Ц", а право на управување со моторни возила од категоријата ,,Д1" возач кој најмалку две години поседува возачка дозвола од категориите „Ц1" и „Ц".

(5) Право на управување со моторно возило од категориите ,,БЕ", ,,ЦЕ" и ,,ДЕ" може да стекне возач кој најмалку една година поседува возачка дозвола од категориите ,,Б", ,,Ц" и ,,Д", а право на управување со моторно возило од категориите ,,Ц1Е" и ,,Д1Е" може да се стекне возач кој најмалку една година поседува возачка дозвола од категориите ,,Ц1" и ,,Д1".

(6) Право на управување со возило на моторен погон од „А" категорија може да стекне возач по навршени 21 година кој две години поседува возачка дозвола од категоријата „А2" или лице со навршени 24 години возраст.

**Член 273**

(1) Велосипед на пат може да управува лице кое наполнило десет години возраст.

(2) Во зона на смирен сообраќај, зона школо и зона 30 велосипед може да управува лице до десет години возраст во придружба на лице постаро од 16 години.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на родителот, односно старателот на лицето од ставовите (1) и (2) на овој член, кои постапуваат спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 274**

(1) Со запрежно возило на магистрален и регионален пат, може да управува лице кое наполнило 15 години возраст, а на другите патишта, лице кое наполнило 12 години возраст.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на родителот, односно старателот на лицето од ставот (1) на овој член, кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 275**

(1) Со трактор може да управува лице кое ги исполнува следниве услови:

- да наполнило 17 години возраст,

- да е здравствено и психофизички способно за управување со трактор,

- да положило испит за управување со трактор или да поседува возачка дозвола од категориите ,,Б", „БЕ", ,,Ц1", „Ц1Е", ,,Ц", „ЦЕ", ,,Д1", „Д1Е", ,,Д" или „ДЕ" и

- со одлука на надлежен државен орган да не му е забрането управување со трактор.

(2) Здравствената и психофизичката способност за управување со трактор, се докажува со уверение издадено од здравствена установа овластена од Министерството за здравство.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 276**

(1) Со мобилна машина, трицикл, лесен четирицикл, мотокултиватор, велосипед со помошен мотор и мопед може да управува лице кое ги исполнува следниве услови:

- да наполнило 16 години возраст, за управување со мобилна машина, трицикл, лесен четирицикл, мотокултиватор, велосипед со помошен мотор и мопед,
- да е здравствено и психофизички способно за управување со мобилна машина, трицикл, лесен четирицикл, мотокултиватор, велосипед со помошен мотор и мопед и
- да положило возачки испит за познавање на сообраќајните знаци и правилата на сообраќајот за управување со мобилна машина, лесен четирицикл ,мотокултиватор, велосипед со мотор и мопед.

(2) Здравствената и психофизичката способност за управување со мобилна машина, трицикл, лесен четирицикл, мотокултиватор, велосипед со помошен мотор и мопед се докажува со уверение и изјава на негов родител односно старател, ако лицето не наполнило 18 години возраст.

(3) Уверението од ставот (2) на овој член, го издава здравствена установа овластена од Министерството за здравство.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лицето кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 277**

(1) Возач - почетник кој поседува возачка дозвола од категориите ,,А1‟, „А2‟, ,,А‟, ,,Б‟, ,,Ц1‟, „Ц‟,ЦЕ и Ц1Е не смее да управува со возило со брзина поголема од 60 km/h на јавен пат, односно со брзина поголема од 80 km/h на пат наменет исклучиво за сообраќај на моторни возила, односно со брзина поголема од 100 km/h на автопат, а со велосипед со мотор повеќе од 40 km/h, ниту смее со возилото да влече приклучно возило или да врши организиран превоз на деца, во рок од две години од денот на издавање на возачката дозвола.

(2) Возач - почетник од категориите „АМ‟, „А1‟, „А2‟, „А‟ и „Б‟ не смее да управува возило во патниот сообраќај во времето од 23,00 часот до 5,00 часот, освен возач - почетник од категоријата Б ако со него во возилото на предното седиште се наоѓа лице - возач, од соодветната категорија кое е постаро од 25 години и за кое не трае прекршочна санкција забрана на управување со моторно возило.

(3) Возачот од ставот (1) на овој член, кој поседува возачка дозвола од „А‟ категорија, не смее да управува со возило чија сила на моторот е поголема од 40 киловати, а доколку поседува возачка дозвола од „А2‟ категорија, не смее да управува со возило чија сила на моторот е поголема од 25 киловати.

(4) Возачот од ставот (1) на овој член кој поседува возачка дозвола од ,,Б” категорија не смее да управува со возило чија сила на моторот е поголема од 77 киловати.

(5) На правното лице кое ќе нареди или дозволи на возач - почетник да постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за

микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(6) За прекршокот од ставот (5) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбите од ставовите од (1) до (4) на овој член.

## 5.1. Оспособување на кандидат за возач

### Член 278

(1) Кандидатот за возач кој се подготвува за полагање на возачки испит, може заради оспособување и пред положениот возачки испит да управува на патот со возило од онаа категорија за која го подготвува испитот, ако со возилото управува под надзор на возач-инструктор.

(2) За време на управувањето со моторно возило, кандидатот за возач е должен кај себе да има лична карта или друг документ за идентификација и уверение за здравствена и психофизичка способност за управување со моторно возило.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лицето, кандидат за возач кое постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

### Член 279

(1) На пат со возило може да се оспособува за управување и кандидат за возач кој има до шест месеци помалку од годините на возраст, пропишани за издавање возачка дозвола за категоријата на возила во која спаѓа возило на кое се врши оспособувањето.

(2) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот-инструктор кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

### Член 280

(1) Возило на кое на пат кандидатот за возач се оспособува во практичното управување со возилото, е означено со посебни таблици.

(2) Таблиците од ставот (1) на овој член, имаат форма на квадрат, по боја се сини и на нив со бела боја е напишана буквата „L“.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот-инструктор кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

### Член 281

(1) Оспособувањето на кандидат за возач е наставен процес кој задолжително се спроведува според Наставен план за обука на кандидати за возачи.

(2) Оспособувањето од ставот (1) на овој член задолжително се спроведува за секој кандидат за возач.

(3) Наставниот план од ставот (1) на овој член, задолжително ги опфаќа следниве наставни програми:

- сообраќајни правила и прописи (теоретски дел),
- управување со возило (практичен дел) и
- укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода.

(4) Оспособување на кандидати за возачи согласно со наставните програми од став (3) алинеите 1 и 2 на овој член, го спроведуваат автошколи.

(5) Наставната програма од ставот (3) алинеја 1 на овој член, автошколата ја спроведува организирано од страна на стручни предавачи по пат на предавања, презентации и слично.

(6) Оспособување на кандидати за возачи согласно со наставната програма од став (3) алинејата 3 на овој член, врши Црвениот крст на Република Северна Македонија, за што издава потврда за оспособеност за укажување на прва помош.

(7) За добивање на овластувањето согласно со ставот (6) на овој член, Црвениот крст на Република Северна Македонија задолжително треба да ги исполнува следниве услови за работа:

- просторија од најмалку 20 $m^2$ опремена со соодветен уред (камера) кој овозможува видео и аудио запис со можност за архивирање и документирање на снимените податоци кои се чуваат 90 дена од денот на спроведување на наставната програма за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода на кандидатот за возач;
- стручен кадар оспособен за изведување на настава од наставната програма согласно со членот 232 став (5) од овој закон и
- соодветна опрема за спроведување на теоретскиот и практичнот дел од наставната програма за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода (фантоми, санитетски материјали и прирачници).

(8) За издадените потврди за оспособеност за укажување на прва помош, Црвениот крст на Република Северна Македонија води посебна евиденција.

(9) На автошколата која постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) алинеи 1 и 2 на овој член, ќе и се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(10) За прекршокот од ставот (9) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(11) На Црвениот крст на Република Северна Македонија ќе му се изрече глоба од 4.000 евра во денарска противвредност ако постапи спротивно на одредбите од ставовите (7) и (8) на овој член.

(12) За прекршокот од ставот (11) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во Црвениот крст на Република Северна Македонија во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(13) Надзор над работата на Црвениот крст на Република Северна Македонија во однос на исполнувањето на пропишаните услови за работа, начинот на оспособување на кандидатите за возачи и обврската за воспоставување и водење на евиденциите утврдени со овој закон, врши Министерството за здравство.

(14) Во случај кога при вршењето на надзорот од ставот (13) на овој член се утврди дека Црвениот крст на Република Северна Македонија не ги исполнува пропишаните услови за работа, кандидатите за возачи не ги оспособува според

наставниот план или на пропишан начин или не ги води евиденциите утврдени со овој закон, Министерството за здравство со решение го одзема овластувањето за вршење на оспособување на кандидати за возачи- укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода.

(15) Решението од ставот (14) на овој член, е конечно и против него може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

(16) Поведувањето на управен спор од ставот (15) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

**Член 281-а**

(1) Трошоците за оспособување на кандидатите за возачи од членот 281 став (6) од овој закон и издадената потврда за оспособеност за укажување на прва помош се на товар на кандидатот кој треба да биде оспособен, во висина на реално направените трошоци.

(2) Реалните трошоци од ставот (1) на овој член се состојат од трошоци за:
- стручниот кадар;
- работните простории;
- опремата за спроведување на наставната програма и
- издавање на потврдата за оспособеност за укажување на прва помош.

(3) Висината на трошоците од ставот (2) на овој член ја утврдува министерот за здравство во согласност со министерот за внатрешни работи.

(4) Црвениот крст на Република Северна Македонија е должен наплатата на средствата од кандидатите за возачи да ја врши согласно утврдената висина на реални трошоци.

(5) На Црвениот крст на Република Северна Македонија ќе му се изрече глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ако постапи спротивно на одредбата од ставот (4) на овој член.

(6) За прекршокот од ставот (5) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во Црвениот крст на Република Северна Македонија во износ од 500 евра во денарска противвредност.

## 5.2. Пробен тест

**Член 282**

(1) Оспособување на кандидат за возач за практично управување со возило на пат автошколата врши откако претходно ќе изврши проверка дали кандидатот за возач поседува потребно знаење од правилата за сообраќајот на патиштата и сообраќајните знаци.

(2) Проверката од ставот (1) на овој член, ја спроведува предавачот од автошколата писмено на претходно изработен пробен тест од Министерството за внатрешни работи во согласност со Министерството за образование и наука.

(3) Тестот од ставот (2) на овој член, е изработен на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а за овластените испитни центри од членот 291 став (2) од овој закон, кои се лоцирани во единиците на локална самоуправа во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и на тој службен јазик и писмо.

(4) По спроведената проверка на потребното знаење согласно со ставот (1) на овој член, автошколата издава потврда дека кандидатот поседува потребно знаење од правилата за сообраќајот на патиштата и сообраќајните знаци.

(5) Потврдата од ставот (4) на овој член, ги содржи следниве податоци име и презиме на кандидатот за возач, година на раѓање, времетраење на наставата која ја посетувал кандидатот за возач, датум кога е извршена проверката на потребното знаење согласно со ставот (1) на овој член, потпис на стручниот раководител на автошколата.

(6) На автошколатата која постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе и се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(7) За прекршокот од ставот (6) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во автошколата во износ од 500 евра во денарска противвредност.

## 5.3. Практично оспособување на кандидат за возач

### Член 283

(1) Оспособување на кандидатот за возач на моторно возило или трактор, се врши на уреден простор - автодром (полигон) што за таа цел ќе го одобри Министерството за внатрешни работи во рок од 90 дена од денот на приемот на барањето, врз основа на поднесено барање, како и правосилно одобрение за градба и правосилно решение за утврден режим на сообраќај издадени од надлежен орган, имајќи ги предвид и сообраќајно техничките елементи што треба да ги исполнува полигонот, согласно со прописите што ја регулираат оваа материја.

(2) На автошколата која постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе и се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во автошколата во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот-инструктор кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

### Член 284

(1) Автошколата е должна за време на оспособувањето на кандидатот за возач, да има вклучено камера во:

- просторијата од членот 231 алинеја 2 од овој закон и
- возилото од членот 231 став (1) алинеја 5 од овој закон.

(2) Автошколата е должна за време на оспособувањето на кандидатот за возач, во случај кога во просторијата и возилото од ставот (1) на овој член, не се вклучени камерите или истите се исклучиле, односно не постои соодветен доказ дека е спроведено оспособување, истото по тој наставен час од програмата ќе се повтори на товар на автошколата.

(3) На автошколата која постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, ќе и се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во автошколата во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на предавачот и на возачот-инструктор кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 285**

(1) Автошколата е должна да се придржува кон наставниот план и уредно да ги води пропишаните евиденции за оспособување на кандидати за возачи во рачна и електронска форма.

(2) На секој кандидат за возач автошколата му издава потврда за оспособеност на кандидат за возач на возило.

(3) На кандидатот за возач кој се оспособувал за управување на возило со автоматски менувач му се издава потврда од ставот (2) на овој член со забелешка за оспособеност за управување со возило со автоматски менувач. Потврдата содржи податоци за автошколата, реден број на матична книга, име, име на еден родител односно старател, презиме, година на раѓање, адреса на живеалиште односно престојувалиште, времетраење на наставата, категорија на возило, број на наставни часови, име и презиме на предавачот односно возачот-инструктор, име и презиме на стручен раководител.

(4) Автошколата е должна да овозможи постојан увид во евиденциите од ставот (1) на овој член, како и увид и надзор над користењето на возилата со кои се врши оспособување на кандидати за возачи и на посебните таблици со кои се означува возилото со кое се врши оспособување на кандидат за возач.

(5) На автошколата која постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (3) и (4) на овој член, ќе и се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(6) За прекршокот од ставот (5) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во автошколата во износ од 500 евра во денарска противвредност.

**Член 286**

(1) За време на оспособувањето на кандидатот за возач, во возилото се наоѓаат само кандидатот за возач и возачот-инструктор, а по потреба и лицето кое е овластено да врши надзор над оспособувањето на кандидатот за возач.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот-инструктор кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 287**

(1) За време на оспособувањето на кандидатот за возач, возачот-инструктор не смее да биде под дејство на опојни дроги, психотропни супстанци или лекови на кои е означена забрана за употреба пред возење, изморен, болен или во таква психичка состојба што не е способен да врши сигурен надзор над кандидатот кој го оспособува.

(2) Возачот-инструктор не смее да оспособува кандидат за возач за управување со моторно возило или трактор, кој е под дејство на опојни дроги, психотропни супстанции или лекови на кои е означена забрана за употреба пред возење, изморен, болен или е во таква психичка состојба што не е способен сигурно да управува со возилото на пат.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот-инструктор кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член. Покрај утврдениот износ на глоба на возачот-инструктор ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на управување со моторно возило во период од шест до 12 месеци.

(4) Министерството за внатрешни работи на возачот-инструктор со решение ќе му ја одземе лиценцата за оспособување на кандидати за возачи во времетраење на прекршочната санкција од ставот (3) на овој член.

(5) Решението од ставот (4) на овој член е конечно и против него може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

**Член 288**

(1) Возачот-инструктор во автошколата, не смее непрекинато повеќе од два наставни часа да врши оспособување за практично управување со возило, а вкупно со прекините за одмор најдолго девет часа во текот на 24 часа.

(2) Како непрекинато оспособување од ставот (1) на овој член, се смета времето во кое возачот-инструктор немал прекин од најмалку 30 минути.

(3) Возачот - инструктор кога оспособува кандидат за возач на пат, е должен со себе да ги носи и истите да ги покаже на барање на униформиран полициски службеник:

- возачката дозвола;
- дозволата за возач-инструктор;
- лиценцата;
- потврдата за задолжени посебни (L) таблици;
- потврдата за извршена проверка за познавање на правилата на сообраќајот на патиштата и сообраќајните знаци за онаа категорија за која истата е предвидена согласно одредбите од овој закон;
- картонот за евидентирање за оспособување на кандидатите за возачи од практичниот дел и
- наставниот план и програма за оспособување на кандидатите за возачи од практичниот дел.

(4) Оспособување на кандидат за возач на трактор, може да врши возач-инструктор од најмалку категорија ,,Б".

(5) На автошколата која постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе и се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(6) За прекршокот од ставот (5) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во автошколата во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(7) На автошколата која постапува спротивно на одредбата од ставот (4) на овој член, ќе и се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(8) За прекршокот од ставот (7) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во автошколата во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(9) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот-инструктор кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

(10) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот-инструктор кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (3) и (4) на овој член.

**Член 289**

(1) Трошоците за оспособување на кандидатот за возач се на товар на кандидатот кој треба да биде оспособен, во висина на реално направените трошоци за оспособување на кандидатот за возач.

(2) Реални трошоци за оспособување на кандидат за возач од ставот (1) на овој член , се:

- трошоци за вработените во автошколата;
- трошоци поврзани со работните простории на автошколата;
- трошоци за возилата и
- други тековни трошоци поврзани со работата на автошколата.

(3) Висината на трошоците за оспособување на кандидат за возач ја утврдува министерството за внатрешни работи на предлог на автошколите.

**Член 290**

Кандидатот за возач може по сопствено барање да го заврши веќе започнатото оспособување во друга автошкола.

## 5.4 Оспособување за управување на моторно возило на дете

**Член 290-а**

(1) Дете може да се стекне со право на оспособување за управување со возило, доколку ги исполнува следниве услови:

1) да наполнило 17 години и шест месеци возраст за „Б“ категорија, 16 години и шест месеци за националната категорија „Ф“ и 16 години возраст за категориите „АМ“, „А1“ и националната категорија „Г“;

2) да поседува лична карта;

3) да е здравствено и психофизички способно да управува со возило;

4) да има завршено најмалку основно образование и

5) да има согласност од двајцата родители, законскиот застапник или старателот, заверена на нотар.

(2) Оспособувањето за управување со возило на дете се врши согласно одредбите од овој закон, со бројот на наставни часови од теоретскиот и практичниот дел на наставната програма.

## 6. Полагање на возачки испит на кандидат за возач

**Член 291**

(1) Возачки испит може да полага само кандидат за возач кој ја има навршено возраста неопходна за добивање дозвола од категоријата за која се оспособил, поседува уверение за здравствена и психофизичка способност за управување со

моторно возило, кој се стекнал со потврда за оспособување на кандидат за возач на моторно возило и кој поседува потврда за оспособеност за укажување на прва помош согласно со членот 281 став (6) од овој закон.

(2) Кандидатот за возач го пријавува полагањето на возачки испит во испитниот центар според неговото живеалиште, односно во подружницата на испитниот центар каде има пријавено престојувалиште во последните шест месеци.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, во случај кога е одземена лиценцата на испитниот центар или кога има забрана за вршење на дејност на испитниот центар, како и во случај кога лиценцата на испитниот центар е истечена, кандидатот за возач го пријавува и полага возачкиот испит во испитен центар, надвор од неговото живеалиште, односно пријавено престојувалиште по негов избор.

(4) На испитниот центар кој постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член, ќе му се издаде записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 8.000 евра во денарска противвредност.

(5) На одговорното лице во испитниот центар кое постапува спротивно на одредбата од ставот (4) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност.

### Член 292

(1) Возачкиот испит се полага пред испитна комисија формирана во испитниот центар.

(2) Испитната комисија е составена од претседател и два члена - испитувачи и тоа испитувач по теоретски и испитувач по практичен дел.

(3) Претседателот и испитувачите од испитната комисија од ставот (2) на овој член, се лица вработени во испитниот центар.

(4) При спроведување на вториот практичен дел од возачкиот испит, на барање на кандидатот за возач, а во зависност од конструкциските карактеристики на возилото, може да присуствува и возач-инструктор од автошколата кој практично го оспособувал кандидатот за возач, кој нема право на глас.

(5) Барањето за присуство на возачот-инструктор при спроведување на вториот практичен дел од возачкиот испит, кандидатот за возач го поднесува пред започнување на спроведувањето на вториот практичен дел од возачкиот испит.

(6) По исклучок од ставовите (2) и (4) на овој член, за време на траење на Пандемијата прогласена од Светската Здравствена Организација во врска со заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, при спроведување на вториот практичен дел од возачкиот испит на кандидат за возач, во возилото се присутни претседателот на испитната комисија и испитувачот по практичен дел.

### Член 293

(1) Кандидатот за возач на моторно возило од категоријата „Ц‟ може да го полага возачкиот испит, ако најмалку една година поседува важечка возачка дозвола за управување со моторно возило од категоријата ,,Б‟.

(2) Кандидатот за возач на моторно возило од категоријата ,,Д‟ може да полага возачки испит ако најмалку две години поседува важечка возачка дозвола за управување со моторно возило од категоријата ,,Ц‟.

(3) Кандидатот за возач од категориите на возила ,,БЕ‟, „ЦЕ‟ и ,,ДЕ‟ може да полага возачки испит, ако најмалку една година поседува важечка возачка дозвола за категоријата во која спаѓа влечното возило.

**Член 294**

(1) Возачкиот испит претставува една целина и се состои од полагање на два дела од испитот и тоа сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и управување со моторни возила (практичен дел).

(2) Теоретскиот дел од возачкиот испит од ставот (1) на овој член, се полага електронски на претходно изготвен тест од Министерството за внатрешни работи во согласност со Министерството за образование и наука.

(3) Тестот од ставот (2) на овој член, е изработен на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а за овластените испитни центри, кои се лоцирани во единиците на локална самоуправа во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и на тој службен јазик и писмо.

**Член 295**

(1) За време на спроведување на возачки испит за кандидат на возач по сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и управување со моторни возила (практичен дел), испитниот центар задолжително треба да има вклучени камери во просторијата, и возилото од членот 244 став (1) алинеи 3 и 5 од овој закон и полигонот од членот 244-а од овој закон.

(2) На испитниот центар која постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се издаде прекршочен платен налог со глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во испитниот центар во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе им се издаде на претседателот и на членовите на испитната комисија кои постапуваат спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 296**

(1) За положениот возачки испит, испитниот центар издава уверение за положен возачки испит.

(2) На кандидатот за возач кој полагал на возило со автоматски менувач му се издава уверение од ставот (1) на овој член со забелешка за положен возачки испит на возило со автоматски менувач.

(3) Во случај кога кандидатот за возач не го положи возачкиот испит, има право на приговор до испитниот центар, во рок од 24 часа од спроведувањето на возачкиот испит.

(4) За издадените уверенија согласно со ставовите (1) и (2) на овој член, испитниот центар води евиденција.

(5) Евиденцијата од ставот (4) на овој член, ги содржи следниве податоци реден број, име и презиме на кандидатот за возач, име на еден од родителите, адреса на живеалиште, односно престојувалиште, датум, место и општина на раѓање, датум на полагање на возачкиот испит и по кој пат го полага возачкиот испит.

(6) Податоците содржани во евиденцијата од ставот (5) на овој член, се чуваат трајно.

**Член 297**

(1) За разгледување на приговорите согласно со членот 296 став (3) од овој закон, испитниот центар формира комисија за разгледување на приговорот.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член, е составена од претседател и два члена, од кој претседателот е раководител или контролор во испитниот центар, додека од двата члена има по еден претставник од Министерството за образование и наука и Министерството за внатрешни работи. Во работата на комисијата, на барање на кандидатот за возач, може да учествува и претставник од автошколата кој го оспособувал, без право на глас.

(3) Комисијата од ставот (1) на овој член, донесува решение во рок од пет работни дена од поднесување на приговорот.

(4) Испитниот центар по добивање на решението од ставот (3) на овој член, писмено го известува кандидатот за одлуката во рок од 24 часа и му доставува примерок од решението.

(5) Доколку комисијата од ставот (1) на овој член го усвои приговорот, на кандидатот за возач му се признава оспорениот дел од возачкиот испит за положен.

(6) Паричниот надоместок за работата на претседателот и членовите на комисијата од ставот (1) на овој член, се на товар на испитниот центар

**Член 298**

(1) Трошоците за полагање на возачкиот испит се на товар на кандидатот за возач кој го полага испитот, во рамките на реално направените трошоци за полагање на возачкиот испит.

(2) Реални трошоци за полагање на возачки испит од ставот (1) на овој член се:

- паричен надоместок за членовите на испитната комисија во испитниот центар;
- трошоци за издавање на уверение за положен возачки испит и
- други трошоци за полагање на испитот.

(3) Висината на трошоците за полагање на возачкиот испит ја утврдува министерот за внатрешни работи на предлог на испитните центри.

**Член 299**

(1) Возачкиот испит и издаденото уверение за положен возачки испит ќе се поништат, доколку се утврди дека полагањето на испитот е одобрено врз основа на лажна исправа или неточни податоци во пријавата за полагање на возачкиот испит или ако испитот е спроведен спротивно на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Решението за поништување на возачкиот испит и уверението за положен возачки испит, го донесува Министерството за внатрешни работи.

(3) Решението од ставот (2) на овој член е конечно и против него може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

## 7. Возачки дозволи

**Член 300**

(1) Возачка дозвола се издава на барање на лице кое ги исполнува условите утврдени во членовите 272, 275 и 276 од овој закон.

(2) По барањето за издавање на возачка дозвола од ставот (1) на овој член, Министерството за внатрешни работи издава возачка дозвола во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето од страна на лицето кое ги исполнува условите утврдени со овој закон.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, во случај кога барањето е поднесено во итна постапка, Министерството за внатрешни работи издава возачка дозвола во рок од два работни дена од денот на поднесувањето на барањето од страна на лицето кое ги исполнува условите утврдени со овој закон.

(4) Одредбите на ставовите од (2) и (3) на овој член не се применуваат во постапката за издавање на возачка дозвола на странец.

**Член 301**

(1) Возачката дозвола се издава за управување со моторни и приклучни возила кои се распоредуваат во категориите ,,АМ", „А1", „А2", „А", ,„Б", ,„БЕ", ,,Ц1", ,,Ц1Е", „Ц", „ЦЕ", ,,Д1", „Д1Е", „Д" и ,,ДЕ" и во националните категории ,,Ф", ,,Г" и ,,Т".

(2) Во категоријата „АМ" спаѓаат мопеди, мотокултиватор, односно возила на две или три тркала со максимална брзина која не надминува 45 km/h и лесни четирицикли.

(3) Во категоријата „А1" спаѓаат мотоцикли чија работна зафатнина на моторот не е поголема од 125 $cm^3$ и чија сила на моторот не е поголема од 11 kw и сродносот на јачината на моторот и масата на возилото не надминува 0.1 kw/kg, како и трицикли со моќност помала од 15 kw.

(4) Во категоријата „А2" спаѓаат мотоцикли со или без бочна приколка сила на мотор која не е поголема од 35 kw и сооднсот меѓу јачината на мотор и масата на возилото не е поголем од 0.2 kW/kg, но не потекнуваат од возило со двојно поголема моќност.

(5) Во категоријата ,,А" спаѓаат мотоцикли со или без бочна приколка, како и трицикли со моќност поголема од 15 kw.

(6) Во категоријата ,,Б" спаѓаат моторните возила чија најголема дозволена маса не надминува 3.500 kg, кои немаат повеќе од осум седишта не сметајќи го седиштето на возачот, на кои можат да се придодадат приклучни возила, чија најголема дозволена маса не надминува 750 kg согласно со прописите од областа на единечно одобрение на возило. Моторните возила од оваа категорија можат да се комбинираат со приклучни возила со најголема дозволена маса поголема од 750 kg, под услов најголемата дозволена маса на комбинацијата на возила да не надминува 4.250 kg.

(7) Во категоријата „БЕ" спаѓаат комбинација на возила влечени од страна на возило од категорија „Б", при што најголема дозволена маса на приклучното возило не надминува 3.500 kg согласно со прописите од областа на единечно одобрение на возила.

(8) Во категоријата „Ц1" спаѓаат моторни возила кои не спаѓаат во категориите „Д1" или „Д", чијашто најголема дозволена маса е поголема од 3.500 kg, но помала од 7.500 kg, кои се конструирани за пренос на не повеќе од осум патници покрај возачот. Моторните возила од оваа категорија можат да се комбинираат со приколка со најголема дозволена маса помала од 750 kg.

(9) Во категоријата „Ц1Е" спаѓа група на возила влечени од страна на возило од категорија „Ц1" и чија најголема дозволена маса на приклучно возило е поголема од 750 kg, притоа групата да не надминува 12.000 kg, како и група на возила влечена од страна на возило од категорија „Б" чија најголема дозволена маса на приколка надминува над 3.500 kg, без притоа групата на возила да не надминува 12.000 kg согласно со прописите од областа на единечно одобрение на возила.

(10) Во категоријата „Ц" спаѓаат моторни возила кои не спаѓаат во категориите „Д1" или „Д" чија најголема дозволена маса надминува 3.500 kg, а кои се конструирани за превоз на не повеќе од осум патници покрај возачот и истите може да се комбинираат со приколка чија најголема дозволена маса е помала од 750 kg.

(11) Во категоријата „ЦЕ" спаѓаат група на возила влечени од страна на возило кое припаѓа во категорија „Ц" на кое може да биде придодадено приклучно возило чија најголема дозволена маса е поголема од 750 kg согласно со прописите од областа на единечно одобрение на возила.

(12) Во категоријата „Д1" спаѓаат моторни возила за превоз на лица кои покрај седиштето на возачот имаат повеќе од осум, но не повеќе 16 седишта и чија вкупна должина не надминува осум метри и може да се комбинира со приколка чија најголема дозволена маса на приколката е помала од 750 kg.

(13) Во категоријата „Д1Е" спаѓаат група на возила влечени од страна на возило кое спаѓа во категоријата „Д1" со најголема доозволена маса на приколката поголема од 750 kg согласно со прописите од областа на единечно одобрение на возила.

(14) Во категоријата „Д" спаѓаат моторни возила за превоз на патници кои имаат повеќе од осум седишта, покрај седиштето на возачот и може да се комбинираат со приколка чија најголема дозволена маса е помала од 750 kg.

(15) Во категоријата „ДЕ" спаѓаат група на возила влечени од страна на возило од категорија „Д" чија најголема дозволена маса на приколката е поголема од 750 kg согласно со прописите од областа на единечно одобрение на возила.

(16) Во национална категорија ,,Ф" спаѓаат трактори со или без тракторски приколки. Со дозволата за управување на возилата од оваа национална категорија, може да се управуваат и возилата кои спаѓаат во националната категорија „Г".

(17) Во национална категорија ,,Г" спаѓаат мобилни машини. Со дозволата за управување на возилата од оваа национална категорија, може да се управуваат и мотокултиватори.

(18) Во национална категорија „Т" спаѓаат трамваи.

(19) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „А1" има право да управува и со моторни возила кои спаѓаат во категоријата „АМ".

(20) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „А" има право да управува и со моторни возила кои спаѓаат во категориите „АМ", „А1" и „А2".

(21) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „А2" има право да управува и со моторни возила кои спаѓаат во категориите „АМ" и „А1".

(22) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „Б" има право да управува и со моторни возила кои спаѓаат во категоријата „АМ" и националните категории „Ф " и „Г".

(23) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „Б" може да управува и со трицикли чија јачина на мотор не поминува 15 kw, откако ќе наполни 21 година како и со четирицикли.

(24) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „Б" има право да управува и со мотоцикли со автоматски менувач од категоријата „А1" чија работна зафатнина на моторот не е поголема од 125 $см^3$ и чија сила на моторот не е поголема од 11 kw и соодносот на јачината на моторот и масата на возилото не надминува 0.1 kw/kg, откако ќе наполни 23 години, поседува минимум пет години важечка возачка дозвола од категорија „Б" и поседува потврда за посета на четири часа сообраќајни правила и прописи за управување со мотоцикл до 125 $см^3$ (теоретска обука), само на територијата на Република Северна Македонија.

(25) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „Ц1" има право да и управува со моторни возила кои спаѓаат во категориите „АМ" и „Б" и националните категории „Ф " и „Г".

(26) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категориите „Ц1Е", „ЦЕ", „Д1Е" и „ДЕ" има право да управува и со моторни возила кои спаѓаат во категоријата „БЕ".

(27) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „Ц" има право да управува и со моторни возила кои спаѓаат во категориите „АМ", „Б", „Ц1" и националните категории „Ф " и „Г".

(28) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „ЦЕ" има право да управува и со моторни возила кои спаѓаат во категоријата „ДЕ", доколку поседува возачка дозвола од категоријата „Д".

(29) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категоријата „Д“ има право да управува и со моторни возила кои спаѓаат во категориите „АМ“, „Б“, „Ц1“, „Ц“ и „Д1“ и националните категории „Ф“ и „Г“.

(30) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категориите „ЦЕ“ и „ДЕ“ има право да управува и со моторни возила кои спаѓаат во категориите „Ц1Е“ и „Д1Е“.

(31) Возач на кого му е издадена возачка дозвола од категориите „Б“, „Ц1“, „Ц“, „Д1“ и „Д“ има право да управува и со моторни возила со приклучна приколка, доколку вкупната маса не надминува над 750 kg.

**Член 302**

Возачка дозвола издава Министерството за внатрешни работи според живеалиштето на граѓанинот, односно престојувалиштето на странецот кој има одобрен престој од најмалку шест месеци.

**Член 303**

(1) Барањето за издавање на возачка дозвола граѓанинот лично го поднесува во надлежната организациска единица на Министерството за внатрешни работи според подрачјето на кое граѓанинот има живеалиште.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, барањето за издавање на возачка дозвола граѓанинот лично го поднесува во надлежната организациска единица на Министерството за внатрешни работи според пријавеното престојувалиште, а по претходна најава на граѓанинот за местото на поднесување на барањето.

**Член304**

(1) Возачката дозвола се издава со рок на важење од десет години, а на лицата постари од 75 години, со рок на важење до пет години.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, возачка дозвола за категориите „Ц1“, „Ц1Е“„Ц“, „ЦЕ“, „Д1“, „Д1Е“, „Д“, „ДЕ“ и „Т“ се издава со рок на важење до пет години.

(3) Рокот на важење на возачката дозвола се смета од денот на нејзиното издавање.

(4) На лицата кои во време на издавањето на возачката дозвола имаат повеќе од 70 години возраст, возачка дозвола им се издава со рок на важност до денот на навршувањето на 75 години возраст.

(5) Возачка дозвола може да се издаде или нејзината важност може да се ограничи и на рокови пократки од роковите утврдени во ставовите (1), (2) и (4) на овој член, врз основа на наодот и мислењето на здравствената установа, содржани во уверението за здравствената и психофизичката способност на лицето.

**Член 305**

(1) Во возачката дозвола се запишуваат сите категории на возила со кои возачот има право да управува согласно со одредбата од членот 301 од овој закон.

(2) Возачот има право да управува само со моторно возило од онаа или од оние категории што се запишани во возачката дозвола.

(3) На правното лице кое ќе нареди или дозволи управување со возило спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

**Член 306**

(1) Возачка дозвола се издава на образец чија форма, содржина, боја, вид и квалитет на материјалот се еднообразни за територијата на Република Северна Македонија.

(2) Образецот на возачката дозвола се печати на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски јазик и неговото писмо.

(3) Податоците во образецот на возачката дозвола се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на основно латинично писмо (ICAO Doc.9303).

(4) На граѓаните кои зборуваат на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, по службена должност образецот на возачката дозвола се печати и податоците во него се запишуваат и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

(5) На граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик што го зборуваат помалку од 20% од граѓаните, на нивно лично барање, податоците за личното име што се внесуваат во возачката дозвола се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот и на основно латинично писмо (ICAO Doc.9303).[2]

(6) Во образецот на возачката дозвола, редните броеви со кои се нумерирани рубриките во кои се запишуваат податоците и интернационалните ознаки (кодови) за категориите на возила за кои важи возачката дозвола, можните ограничувања од здравствени причини за возачот, како и интернационалната ознака (код) на Република Северна Македонија, се отпечатени на основното латинично писмо (ICAO Doc.9303).

**Членот 307 е избришан, види**: Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РСМ" бр.193/25).

**Член 308**

(1) Возачката дозвола се подигнува лично од граѓанинот, кој притоа е должен да ја предаде старата возачка дозвола на Министерството за внатрешни работи заради поништување со перфорирање (дупчење). Поништената возачка дозвола се враќа на возачот.

(2) По барањето поднесено согласно со членот 303 став (2) од овој закон, возачката дозвола се подига во било која надлежна организациска единица на Министерството за внатрешни работи според пријавеното престојувалиште на граѓанинот, по претходна најава на граѓанинот за местото на подигање на возачката дозвола.

**Член 309**

(1) Возач на моторно возило кој ќе го промени личното име, живеалиштето односно престојувалиштето, е должен во рок од 15 дена да извади возачка дозвола.

[2] Одредбите од членовите 2 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РСМ" бр.122/21), кои се однесуваат на членот 306 ставови (4) и (5) ќе започнат да се применуваат од 1 јули 2021 година.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност во согласно со одредбите од овој закон, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 310**

(1) Возачот на моторно возило, е должен да бара издавање на нова возачка дозвола кога истата е изгубена, уништена или оштетена на начин што оневозможува нејзино користење.

(2) Возачката дозвола од ставот (1) на овој член се издава со рок на важност како и изгубената, уништената, односно оштетената возачка дозвола.

(3) Губењето на возачката дозвола од страна на сопственикот се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возач кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 311**

Странец кој привремено престојува во Република Северна Македонија и државјанин на Република Северна Македонија кој престојува или живее во странство и повремено доаѓа во Република Северна Македонија, врз основа на важечката странска возачка дозвола што ја издава надлежниот орган на странската држава и под услов на реципроцитет, може да управува со моторно возило на територијата на Република Северна Македонија, за време на својот привремен престој во Република Северна Македонија.

**Член 312**

Странската возачка дозвола за управување со моторни возила од категориите „Д" и „ДЕ" нема да им се признае на лицата кои немаат навршено 24 години, а странска возачка дозвола за управување со моторни возила од категориите „Ц", „ЦЕ", „Д1" и „Д1Е" нема да им се признае на лицата кои немаат навршено 21 година, а странската возачка дозвола за управување со моторни возила од категориите „Б", „БЕ", „Ц1" и „Ц1Е" на лицата кои немаат навршено 18 години.

**Член 313**

(1) Странец кому му е одобрен законски престој во Република Северна Македонија и државјанин на Република Северна Македонија кој ќе се врати од странство, односно ќе дојде во Република Северна Македонија со цел постојано да живее во неа, како и персоналот на дипломатските и конзуларните претставништва и на мисиите на странски држави и на претставништвата на меѓународни организации во Република Северна Македонија, на странски трговски, сообраќајни, културни и други претставништва и на странски дописништва, можат да управуваат со моторни возила врз основа на важечка странска возачка дозвола, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во Република Северна Македонија, односно регулирање на законскиот престој.

(2) По истекот на рокот од шест месеци на лицата од ставот (1) на овој член, кои ги исполнуваат условите од членот 272 став (1) алинеја 1 и став (2) од овој закон, освен за државјанин на Република Северна Македонија кој ќе се врати од странство, односно ќе дојде во Република Северна Македонија со цел постојано да живее во неа, без полагање на возачки испит, важечката странска возачка

дозвола ќе се замени со возачка дозвола на Република Северна Македонија за управување со онаа категорија моторни возила за кои е издадена странската возачка дозвола која се заменува, без притоа да им биде одземена странската возачка дозвола.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член и под услови на реципроцитет од персоналот на дипломатските и конзуларните претставништва и на мисиите на странски држави и на претставништвата на меѓународните организации во Република Северна Македонија, при замената на странската возачка дозвола, нема да се бараат докази за исполнување на условите од членот 272 став (1) алинеја 1 и став (2) од овој закон.

(4) На државјанин на Република Северна Македонија кој прв пат се стекнал со возачка дозвола во странство, ќе му се замени странската возачка дозвола со возачка дозвола на Република Северна Македонија, ако во земјата во која е издадена странската возачка дозвола престојувал подолго од шест месеци пред денот на издавањето на странската возачка дозвола, а во случај кога на образецот на странската возачка дозвола не е впишан датумот на издавањето потребно е да приложи доказ за престој подолг од шест месеци во странската држава.

(5) На државјанин на Република Северна Македонија не му се заменува странската возачка дозвола со возачка дозвола на Република Северна Македонија, ако претходно поседувал возачка дозвола на Република Северна Македонија, освен ако во странската возачка дозвола дополнително му се запишани нови категории различни од оние кои се запишани во возачката дозвола на Република Северна Македонија или ако се запишани забрани и ограничувања за одредена категорија на возила.

(6) Странска возачка дозвола од чиј текст не може да се заклучи за која категорија, односно за кој вид моторни возила е издадена, како и странска возачка дозвола на која не е наведен датумот на нејзиното издавање, може да се замени согласно со условите предвидени во ставот (2) на овој член, само ако подносителот на барањето приложи исправа издадена од надлежен орган од која се гледа со кои моторни возила може да управува.

(7) На државјанин на Република Северна Македонија кој ќе се врати од странство, односно ќе дојде во Република Северна Македонија со цел постојано да живее во неа, заменетата странска возачка дозвола ќе се врати на надлежниот орган во странската држава кој ја издал.

(8) Странецот од ставот (2) на овој член на кој во Република Северна Македонија му е издадена македонска возачка дозвола е должен во сообраќај на патиштата во Република Северна Македонија да ја користи исклучиво македонската возачка дозвола.

(9) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возач кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

**Член 314**

(1) Одредбите од членовите 311, 312 и 313 став (1) од овој закон за управување со моторни возила врз основа на странска возачка дозвола, соодветно се применуваат и врз управувањето со моторни возила врз основа на важечка меѓународна возачка дозвола.

(2) Меѓународната возачка дозвола ќе се признае само ако е издадена од надлежно правно лице на странска држава.

(3) Меѓународната возачка дозвола издадена во странство не може да се замени со возачка дозвола издадена во Република Северна Македонија.

**Член 315**

(1) На возачот кому му е издадена возачка дозвола на Република Северна Македонија за управување со моторно возило, по негово барање може да му се издаде и меѓународна возачка дозвола.

(2) Меѓународната возачка дозвола од ставот (1) на овој член се издава со рок на важност од три години од денот на нејзиното издавање, односно со рок на важност до денот на важење на возачката дозвола, доколку истекот на нејзината важност е помалку од три години.

(3) Меѓународните возачки дозволи ги издава Министерството за внатрешни работи или правно лице за вршење на технички преглед на возила овластено од Министерството за внатрешни работи кое ги исполнува условите во поглед на соодветен стручен кадар, просторно и материјално-технички услови.

(4) Меѓународните возачки дозволи се издава на образец чија форма, содржина, боја, вид и квалитет на материјалот е согласно со Меѓународната конвенција за патен сообраќај и истите се еднобразни за територијата на Република Северна Македонија.

(5) Образецот од ставот (4) на овој член го изработува Министерството за внатрешни работи.

(6) Податоците во образецот на меѓународната возачка дозвола се запишуваат на основното латинично писмо (ICAO Doc.9303).

(7) Меѓународна возачка дозвола не може да му се издаде на возач на кого му е изречена прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило, за категоријата на која се однесува изречената санкција, за периодот додека трае забраната.

(8) Меѓународната возачка дозвола издадена во Република Северна Македонија, не може да се користи за управување со моторни возила на територијата на Република Северна Македонија.

(9) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (3), (4) и (7) на овој член ќе му се издаде записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 6.000 евра во денарска противвредност.

(10) За прекршокот од ставот (9) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(11) Висината на цената на образецот на меѓународната возачка дозвола што Министерството за внатрешни работи ќе го издава на овластените правни лица за вршење технички преглед од ставот (3) на овој член ја утврдува министерот за внатрешни работи со решение.

**Член 316**

(1) За издадените меѓународни возачки дозволи од членот 315 од овој закон Министерството за внатрешни работи и овластеното правно за нивно издавање се должни да водат регистар во хартиена и во електронска форма.

(2) Регистарот од ставот (1) на овој член, ги содржи следниве податоци реден број, име и презиме, датум и место на раѓање на возачот, живеалиште и адреса, категорија на моторно возило за кое е издадена возачката дозвола, регистарски број, датум и орган кој ја издал возачката дозвола и сериски број на меѓународната возачка дозвола.

(3) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(5) Податоците содржани во регистарот од ставот (2) на овој член, се чуваат трајно.

**Член 317**

(1) Кога управува со моторно возило, возачот е должен кај себе да има важечка возачка дозвола и истата е должен да ја покаже на барање на полициски службеник.

(2) Сопственикот односно носителот на правото на користење на возило, не смее да го даде возилото на управување на лицето од членовите 225, 226 и 228 од овој закон, ниту на лицето кое нема право да управува со моторно возило, односно на лицето кое нема право да управува со категоријата моторни возила во која спаѓа тоа возило.

(3) Сопственикот, односно носителот на правото на користење на возило, е должен на барање на полициски службеник, да даде податоци за идентитетот на лицето на кое му го дал возилото на управување.

(4) Сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото, може да го даде возилото на управување на лице државјанин на Република Северна Македонија да го изнесе надвор од границите на Република Северна Македонија, само врз основа на одобрение за управување на туѓо моторно возило во странство издадено од сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото, преку овластено правно лице за вршење на технички преглед.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, сопственикот на возилото може да го даде возилото на управување на лице странец кој законски престојува во Република Северна Македонија да го изнесе надвор од границите на Република Северна Македонија, само врз основа на одобрение за управување на туѓо моторно возило во странство издадено од сопственикот на возилото, преку овластено правно лице за вршење технички преглед на возила.

(6) Возило во сопственост на странско правно лице со седиште во Република Северна Македонија, може да биде дадено на управување на лице странец, кој законски престојува во Република Северна Македонија, да го изнесе надвор од границите на Републиката, врз основа на доказ за регулиран законски престој и одобрение за управување со туѓо моторно возило во странство издадено од одговорното лице во правното лице со седиште во Република Северна Македонија, заверено на нотар, преку овластено правно лице за вршење технички преглед на возила.

(7) Одредбата од ставот (6) се однесува само за моторни возила од категоријата М1 (патнички моторни возила).

(8) Одобрението од ставовите (4), (5) и (6) на овој член го издава правно лице за вршење на технички преглед на возила овластено од Министерството за внатрешни работи кое ги исполнува условите во поглед на соодветен стручен кадар, просторно и материјално-технички услови.

(9) Одобрението од ставовите (4), (5) и (6) на овој член се издава на образец чија форма, содржина, боја, вид и квалитет на материјалот се еднобразни за територијата на Република Северна Македонија.

(10) Одредбите од ставот (4) на овој член, не се однесуваат за правните лица чија основна дејност е „меѓународен превоз на патници и стока", односно истите задолжително треба да поседуваат патен налог и полномошно заверено од одговорното лице во правното лице.

(11) За издаденото одобрение од ставовите (4), (5) и (6) на овој член, овластеното правно лице од ставот (4) на овој член, води евиденција.

(12) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (2) и (11) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(13) За прекршоците од ставот (12) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(14) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото, кој постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

(15) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност во согласно со одредбите од овој закон ќе му се издаде на сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото, кој постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член.

(16) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

(17) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите ставовите (3), (4), (5) и (6) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(18) За прекршокот на правното лице од ставот (17) на овој член, кој се однесува за постапување на правното лице спротивно на одредбите од ставовите (4), (5) и (6) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(19) За прекршокот на правното лице од ставот (17) на овој член, кој се однесува за постапување спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 1.500 евра во денарска противвредност.

**Член 317- а**

(1) Сопственикот, односно носителот на правото на користење на возило или друго лице, не смее да прифати вина за сторен прекршок на сметка на друго лице, кога очигледно од електронскиот запис за прекршокот јасно може да се утврди сторителот на прекршокот.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност во согласност со одредбите од овој закон, ќе му се издаде на сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото или друго лице, кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 318**

(1) Надзор над работата на овластените правни лица за издавање на меѓународни возачки дозволи и одобренија за управување со туѓо моторно возило во странство врши Министерството за внатрешни работи.

(2) Ако Министерството за внатрешни работи при вршење на надзорот утврди дека овластените правни лица од ставот (1) на овој член не ги исполнуваат условите пропишани со овој закон или не ги издаваат документите на пропишана постапка со решение ќе им го одземе овластувањето.

(3) Решението од ставот (2) на овој член е конечно и против него може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

(4) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(5) За прекршокот од ставот (4) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на физичко лице, кој постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

**Член 319**

Овластување од членот 317 став (8) од овој закон може да добие правно лице кое ги исполнува следниве минимални услови:

- соодветни просторни и материјално-технички услови;
- организација на работа и функционална поставеност кои гарантираат постојано и законито вршење на работите;
- соодветен стручен кадар и
- соодветна информатичка опрема.

**Член 320**

(1) За издадените одобренија од членот 319 став (1) од овој закон, овластеното правно лице води евиденција.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член, ги содржи следниве податоци реден број, име и презиме на корисник, адреса на живеалиште на корисникот, број на лична карта или патна исправа, орган на издавање, потпис на сопственикот и потпис на лицето на кое му е дозволено управување со возилото надвор од границите на Република Северна Македонија, сериски број на одобрението, датум на издавање, период на важност, марка, тип, регистарски број и сериски број на сообраќајна дозвола, име и презиме на сопственикот, назив на правното лице и адреса на живеалиште, односно седиште на правното лице.

(3) Податоците содржани во евиденцијата од ставот (2) на овој член, се чуваат во времетраење од три години од денот на издавање на одобрението.

### Член 321

(1) Ако овластеното правно лице од членот 319 став (2) од овој закон престанало да ги исполнува утврдените услови или издавањето на одобрението не го врши на начин утврден со овој закон, односно не води евиденции, Министерството за внатрешни работи со решение ќе му забрани вршење на работите и ќе определи рок од 30 дена за отстранување на утврдените недостатоци.

(2) Ако овластеното правно лице од членот 319 став (2) од овој закон не ги острани утврдените недостатоци во утврдениот рок од ставот (1) на овој член, Министерството за внатрешни работи со решение ќе му го одземе овластувањето.

(3) Решението од ставовите (1) и (2) на овој член е конечно и против него може да се поведе спор пред надлежен суд.

## 9. Здравствен преглед на кандидат за возач и на возач

### Член 322

(1) Кандидатите за возачи на моторни возила се должни пред почетокот на обуката да се подложат на здравствен преглед.

(2) На здравствениот преглед од ставот (1) на овој член се утврдува дали кандидатот за возач или возачот ја има потребната здравствена и психофизичка способност за управување со моторни возила.

(3) Здравственот преглед од ставот (1) на овој член го врши здравствена установа.

(4) За извршениот здравствен преглед, здравствената установа од ставот (3) на овој член, издава уверение за здравствена и психофизичка способност за управување со моторни возила.

(5) Возачите на моторни возила се должни да се подложат и на контролни здравствени прегледи.

(6) На автошколата која ќе нареди или дозволи обука на кандидати за возачи спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член ќе и се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(7) За прекршокот од ставот (6) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во автошколата во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(8) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (5) на овој член.

### Член 323

(1) Здравствената установа од членот 322 став (3) од овој закон задолжително треба да ги исполнува пропишаните критериуми во однос на кадарот и опремата за вршење на прегледите за здравствена и психофизичка способност на кандидатите за возачи и возачи на моторно возило.

(2) Исполнувањето на критериумите од ставот (1) на овој член го утврдува Министерството за здравство.

(3) Здравствената установа од членот 322 став (3) од овој закон води евиденција за извршените прегледи и за издадените уверенија за здравствена и психофизичка способност за управување со моторно возило.

(4) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (3) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(5) За прекршокот од ставот (4) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

### Член 323-а

(1) Трошоците за здравствен преглед и издаденото уверение за здравствена и психофизичка способност на кандидат за возач или возачот на товар на кандидатот за возач, односно на возачот во висина на реално направените трошоци.

(2) Реалните трошоци од ставот (1) на овој член се состојат од трошоци за:

- стручниот кадар;
- работните простории;
- опремата за вршење на прегледите и
- издавање на уверението.

(3) Здравствената установа од членот 322 став (3) од овој закон е должна наплатата на средствата од кандидатите за возачи, односно возачи наплатата да ја врши согласно утврдената висина на реални трошоци.

(4) На здравствената установа која постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член ќе и се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(5) За прекршокот од ставот (4) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во здравствената установа во износ од 500 евра во денарска противвредност.

### Член 324

Уверението за здравствена и психофизичка способност на возач и на кандидатот за возач не смее да биде постаро од 18 месеци во следните случаи:

- во времето на оспособување со моторно возило;
- при полагање на возачки испит;
- кога се поднесува барање за издавање на возачка дозвола за првпат и кога се поднесува барање за продолжување на важноста на возачката дозвола за категориите: „C1‘‘, „C1E‘‘, „C‘‘, „CE‘‘, „D1‘‘, „D1E‘‘, „D‘‘, „DE‘‘ и „T‘‘;
- кога се врши заверка на нова категорија во возачката дозвола;
- кога возачот на моторното возило навршил 75 години возраст;
- при секое продолжување на важноста на дозволата за возач - инструктор;
- при запишување на нова категорија во дозволата за возач - инструктор и
- кога на возачот на моторно возило му е издадена возачка дозвола со пократок рок на важност заради здравствена состојба.

### Член 325

(1) На контролен здравствен преглед задолжително подлежи:

- возач кој управува со моторно возило со кое се врши јавен превоз, во временски интервали што не можат да бидат подолги од три години;
- возач на кого му е издадена возачка дозвола за управување со моторни возила од категориите „Ц‘‘, „Ц1‘‘, „ЦЕ‘‘, „Ц1Е‘‘, „Д‘‘, „Д1‘‘, „ДЕ‘‘, „Д1Е‘‘ и „Т‘‘ пред секое продолжување на важноста на возачката дозвола;

- возач на моторно возило на кого му е издадена дозвола со пократок рок на важност заради здравствената состојба;
- возач на моторно возило кој наполнил 75 години возраст, во временски интервали кои не можат да бидат подолги од пет години и
- возач-инструктор пред секое продолжување на важноста на дозволата за возач-инструктор.

(2) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 326**

(1) Трошоците за контролниот здравствен преглед на возачот на моторно возило се на товар на правното или физичкото лице кај кого возачот е вработен.

(2) Трошоците за контролниот здравствен преглед другите возачи сами ги поднесуваат.

**Член 327**

(1) На контролен здравствен преглед се упатува возач на моторно возило, за кого основано ќе се посомнева дека од здравствени причини повеќе не е способен сигурно да управува со моторно возило од оние категории за кои му е издадена возачката дозвола.

(2) Барање за упатување на контролен здравствен преглед може да поднесе Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство, судот, како и правното или физичкото лице каде возачот е вработен како возач.

**Член 328**

(1) Во вршењето на контролниот здравствен преглед согласно со членот 327 став (1) од овој закон задолжително учествува лекар специјалист за болеста поради која возачот се упатува на лекарски преглед.

(2) Ако на контролниот здравствен преглед се утврди дека возачот е здравствено и психофизички способен, трошоците на прегледот се на товар на субјектот од членот 327 став (2) од овој закон, по чие барање истиот е упатен на преглед.

**Член 329**

(1) Ако при здравствен преглед на кандидатот за возач или возач на моторно возило, се утврди дека постои здравствена или психофизичка неспособност за управување со овие возила, ќе се смета дека возачот не е способен за управување со возило, додека поинаку не биде утврдено од посебна комисија, што ја формира министерот за здравство.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член одлучува и по жалбите изјавени против уверенијата за здравствена и психофизичка способност.

**Член 330**

(1) Правните и физичките лица што вработуваат возачи, не смеат да дозволат со нивните моторни возила да управува возач кој не се подложил на контролниот здравствен преглед на кој бил упатен согласно со членот 330 од овој закон.

(2) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на физичкото лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Главата VII. ОСПОСОБУВАЊЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И СТЕКНУВАЊЕ ПРАВО НА УПРАВУВАЊЕ СО МОТОРНО ВОЗИЛО И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА ЗА ДЕЦА и членовите 331, 332, 333, 334 и 335 се избришани**, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.83/18).

VIII. ПОСЕБНИ МЕРКИ НА БЕЗБЕДНОСТ

**Член 336**

(1) Полицискиот службеник може да го подложи возачот или возачот-инструктор на испитување со помош на соодветни средства и апарати (алкомер и друго) или да го одведе на стручен преглед заради проверување дали има алкохол во организмот или дали покажува знаци на алкохолна растроеност, односно дали се наоѓа под дејство на опојни дроги, психотропни супстанци или на други лекови на кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време на возењето.

(2) Возачот или возачот-инструктор од ставот (1) на овој член е должен да се подложи на испитувањето, односно на стручниот преглед на кој е упатен.

(3) Анализа на крвта или на урината се врши кај возачот или возачот-инструктор кога постојат оправдани причини од технички карактер (техничка неисправност, недостаток на уред и слично), како и кога возачот или возачот - инструктор негира дека е под дејство на алкохол, чие присуство во организмот е утврдено со соодветни средства или апарати, како и дека се наоѓа под дејство на опојни дроги, психотропни супстанци или лекови на кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време на возењето ако поради тоа не би настапиле штетни последици за неговото здравје.

(4) Ако со испитувањето спроведено согласно со одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, се утврди дека возачот или возачот-инструктор е под дејство на алкохол, опојни дроги, психотропни супстанции или лекови на кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време на возењето, трошоците на испитувањето ги поднесува возачот, односно возачот-инструктор.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на возачот, односно возачот-инструктор кај кого со стручниот преглед на кој е упатен е утврдено дека е под дејство на алкохол или покажува знаци на алкохолно растројство. Покрај утврдениот износ на глоба, на возачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на управување со моторно возило од три месеци до една година, под услови и постапка утврдени со закон.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на возачот или возачот-инструктор согласно со одредбите од овој закон, кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член. Покрај утврдениот износ на глобата, на возачот или возачот-инструктор ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на управување со моторно возило од една година, под услови и на постапка утврдени со закон.

**Член 337**

Анализа на крв или анализа на крв и урина заради утврдување на содржината на алкохол, опојни дроги, психотропни супстанции или лекови на кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време на возење во организмот на возачот или на друг учесник во сообраќајот, врши здравствена установа или Министерството за внатрешни работи, ако располага со потребната материјална опрема и кадар за вршење на такви анализи и ако има овластување од Министерството за здравство.

**Член 338**

(1) Здравствената установа од членот 337 од овој закон е должна да зема крв или крв и урина на пропишан начин заради анализа и да врши здравствен преглед заради утврдување на влијанието на алкохолот, опојните дроги, психотропните супстанци или лековите врз способноста на возачот за управување со возилото.

(2) Доколку возачот одбие да даде крв или крв и урина за анализа, односно да се подложи на здравствен преглед, стручното лице тоа посебно ќе го констатира во записник и ќе даде свое мислење врз основа на надворешните манифестации и симптоми на возачот.

(3) На здравствената установа која постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член ќе и се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во здравствената установа во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на стручното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

**Член 339**

(1) Здравствената установа е должна при прием на лице на преглед или лекување да утврди дали лицето е возач на моторно возило и тоа да го забележи во неговиот здравствен картон.

(2) Ако при преглед или лекување на кандидатот за возач, возач или возач - инструктор врз основа на медицински наод се посомнева или се утврди дека здравствено и психофизички не е способен да управува со сите или со одредени категории на моторни возила, здравствената установа е должна во рок од осум дена за истото да го извести Министерството за внатрешни работи, според живеалиштето на кандидатот за возач, возачот или возачот-инструктор.

(3) На здравствената установа од ставовите (1) и (2) на овој член, која постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, ќе и се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во здравствената установа во износ од 500 евра во денарска противвредност.

**Член 340**

(1) Ако здравствената установа од членот 339 од овој закон при прегледот на возачот или на возачот инструктор утврди дека истиот станал здравствено или психофизички неспособен за управување со моторно возило, е должна за својот наод и мислење веднаш да го извести Министерството за внатрешни работи. Министерството за внатрешни работи врз основа на наодот и мислењето ќе му ја одземе возачката дозвола на возачот или на возачот-инструктор, за времето додека таа неспособност трае.

(2) На возачот или на возачот-инструктор кој има право да управува со моторни возила од повеќе категории, а тоа право за одредени категории ќе му биде ограничено од причините предвидени во ставот (1) на овој член, ќе му се издаде нова возачка дозвола во која ќе се запишат оние категории на моторни возила со кои тој има право да управува.

(3) На возачот или на возачот-инструктор кој нема да се подложи на контролен здравствен преглед на кој е упатен, возачката дозвола ќе му се одземе за времето додека не се подложи на тој преглед.

(4) На здравствената установа која постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член ќе и се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(5) За прекршокот од ставот (4) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во здравствената установа во износ од 500 евра во денарска противвредност.

**Член 341**

(1) Полицискиот службеник на самото место привремено ќе го исклучи од сообраќај и ќе му ја одземе возачката дозвола на возачот кога:

- ќе го затече да управува со возило или што се обидува да управува со возило, ако е очигледно дека возачот е во таква психофизичка состојба (замор, болест, дејство на опојни droги или лекови на кои е означено дека не смее да се употребуваат пред и за време на возењето) што не е способен безбедно да управува со возилото,
- за кого ќе утврди дека во организмот има алкохол или дека покажува знаци на алкохолно растројство, како и кон возачот за кого ќе утврди дека е под дејство на алкохол во смисла на членот 228 ставови (2) и (3) од овој закон,

- ќе утврди дека му е изречена прекршочна санкција престанок на важење на возачка дозвола и забрана за управување со моторно возило;

- ќе го затече да управува со возило, а не користи или ги нема при себе помагалата кои се наведени во неговата возачка дозвола,

- ќе ги затече возач да управува со велосипед со помошен мотор, мопед, мотоцикл, трицикл, лесен четрицикл и четирицикл и лицата кои се превезуваат и кои со себе не носат или одбиваат да носат заштитен шлем за време на возењето на патот,

- ќе го затече да управува со возило подолго од времето пропишано со посебни прописи и не ги користи пропишаното време за одмор и

- возач почетник ќе се затече да управува со возило спротивно на членот 277 ставови (2), (3) и (4) од овој закон, како и кога влече приклучно возило или врши организиран превоз на деца.

(2) Полицискиот службеник ќе постапи на начинот од ставот (1) на овој член и кон возачот-инструктор, кога ќе го затече да оспособува кандидат за возач под дејство на алкохол во смисла на членот 228 став (3) од овој закон, или кој покажува знаци на алкохолно растројство, како и кога ќе го затече дека оспособува кандидат за возач, а нема возачка дозвола од определената категорија или во времето кога е во сила прекршочната санкција забрана на управување со моторно возило.

(3) Полицискиот службеник ќе постапи на начинот од ставот (1) на овој член, кон возачот или возачот-инструктор од членот 336 став (2) од овој закон, кој ќе одбие да се подложи на испитување, односно на стручен преглед на кој е упатен.

(4) Министерството за внатрешни работи чиј полициски службеник одзел возачка дозвола согласно со одредбите од ставот (1) алинеи 1, 2, 4, 5, 6, 7 и 8 и ставовите (2) и (3) на овој член, е должно на возачот да му ја врати дозволата штом ќе престанат причините поради кои истата е одземена, а најдоцна во рок од 24 часа од моментот на нејзиното одземање.

(5) Ако возачот не ја преземе одземената возачка дозвола во рок од три дена од денот на нејзиното одземање, а возачката дозвола не се води во евиденцијата на Министерството за внатрешни работи според местото на одземање, возачката дозвола ќе се достави до местото каде што се води во евиденција.

(6) Возачката дозвола одземена согласно со одредбата од ставот (1) алинеја 3 на овој член, се доставува до надлежната организациска единица во Министерството за внатрешни работи која истата ја издала.

(7) Полицискиот службеник кој ја одзел возачката дозвола согласно со одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, е должен за тоа да му издаде потврда на возачот, која содржи име и презиме на возачот, број на одземената возачка дозвола, ден, час и причина за нејзиното одземање, како и начин на нејзиното враќање.

(8) Ако постои основано сомнение дека возачот од ставот (1) алинеја 2 и ставот (2) на овој член ќе продолжи со вршење на прекршокот, полицискиот службеник може возачот да го задржи во полициска станица до отрезнување најдолго до 12 часа.

(9) Полицискиот службеник од ставот (8) на овој член, во случај кога ќе задржи возач во полициска станица или здравствена установа ќе повика надлежно правно лице за давање на информации и техничка помош на моторизираните учесници во сообраќајот на јавните патишта за отстранување на оштетени возила во дефект или друго правно лице надлежно за отстранување на возила.

(10) Трошоците од ставовите (8) и (9) на овој член се на товар на возачот, односно сопственикот на возилото.

**Член 342**

(1) Возачот на кого му е изречена прекршочна санкција - забрана за управување со моторно возило согласно со членот 391 од овој закон, возачот на кого му е одземена возачката дозвола односно во возачката книшка согласно со членот 340 ставови (1) и (3) од овој закон, возачот на кого му е одземена возачката дозвола односно во возачката книшка привремено на самото место согласно со членот 341 од овој закон, не смее во сообраќајот на пат да управува со моторно возило за време на траењето на забраната, односно за времето за кое возачката дозвола односно во возачката книшка му е одземена.

(2) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

**Член 343**

(1) Ако полициски службеник затече возило кое поради техничка неисправност ги загрозува или ги попречува другите учесници во сообраќајот или товарот на него е неправилно сместен, односно недоволно обезбеден или со кое без дозвола се превезува товар чии димензии, односно маса ги пречекоруваат најголемите дозволени димензии, односно маса или осно оптоварување или се движи по пат на кој е забрането движењето на возила од тој вид, ќе му нареди на возачот веднаш да го прекине движењето со возилото и да ја отстрани неисправноста или возилото да го однесе на определено место каде што може да ја отстрани неисправноста, односно со возилото да го продолжи движењето на патот на кој движењето на тој вид на возила е дозволено.

(2) Ако возачот не постапи според наредбата од ставот (1) на овој член, полицискиот службеник ќе го исклучи возилото од сообраќај.

**Член 344**

(1) Полицискиот службеник ќе го исклучи од сообраќај возилото кое не е регистрирано, за кое не е продолжен рокот на важноста на сообраќајната дозвола, за кое е утврдена техничка неисправност или кое нема пропишани регистарски таблици.

(2) Полициски службеник може да исклучи возило од сообраќај и привремено да го одземе возилото до утврдување на техничка исправност, но не подолго од три работни дена.

(3) Доколку биде утврдена техничка неисправност на возилото од ставот (2) на овој член, која се однесува на предизвикување на голема бучава или во случај кога сообраќајната дозвола за возилото е со изминат рок на важност од шест или повеќе месеци, возилото се одзема во времетраење од 90 дена.

(4) Полицискиот службеник кој го исклучил возилото од сообраќај на возачот на самото место, привремено ќе му ја одземе сообраќајната дозвола или регистарските таблици, за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(5) Министерството за внатрешни работи, чиј полициски службеник привремено ја одзел сообраќајната дозвола или регистарските таблици согласно со одредбите на овој член, е должно на возачот да му ги врати дозволата или регистарските таблици штом престанат причините поради кои истите му се одземени. Во рок од 72 часа од моментот на одземањето, сообраќајната дозвола или регистарските таблици се доставуваат во местото каде што возилото се води во евиденција.

(6) Полицискиот службеник кој привремено ја одзел сообраќајната дозвола или регистарските таблици согласно со одредбите на овој член, е должен на возачот за тоа да му издаде потврда, која содржи назив и седиште на органот што ја издал сообраќајната дозвола, име и презиме на сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото и негова адреса, име и презиме на возачот и неговата адреса, причина за одземањето, вид и регистарски број на возилото, датумот, времето, патот и местото на одземањето, начинот и времето на враќање на сообраќајната дозвола и печат и потпис на полицискиот службеник.

(7) Ако возачот не ги преземе одземената сообраќајна дозвола или регистарските таблици во рок од три дена од денот на нивното одземање, а сообраќајната дозвола и регистарските таблици не се водат во евиденцијата во местото на одземањето, истите ќе му се достават во местото каде што се води возилото во евиденција.

(8) Во случаите од ставот (3) на овој член, трошоците за лежарина/чување на возилото за целиот период, сметано по денови, паѓаат на товар на возачот од кого е одземено возилото.

(9) Висината на трошоците од ставот (8) на овој член, ја утврдува министерот за внатрешни работи со решение.

**Член 345**

(1) На технички преглед ќе се упати моторно или приклучно возило што е исклучено од сообраќај поради основано сомневање за техничка неисправност на уредот за управување или на уредот за сопирање или пневматиците, возило кое во сообраќајна незгода е толку оштетено што оправдано може да се заклучи дека на него се оштетени склоповите и уредите што се суштествени од аспект на безбедноста на сообраќајот, како и возило за кое постои основано сомневање дека на возилото е неисправен уредот за спојување на влечното и приклучното возило.

(2) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 346**

(1) Кога полициски службеник при вршењето на увид оправдано се посомнева дека на возилото што учествувало во сообраќајна незгода му се оштетени склоповите и уредите што се суштествени за безбедноста на сообраќајот, ќе го исклучи тоа возило од сообраќај и привремено ќе ги одземе регистарските таблици.

(2) Возилото од ставот (1) на овој член може да се вклучи во сообраќај по извршениот технички преглед на кој е утврдено дека се отстранети оштетувањата и недостатоците поради кои возилото е исклучено од сообраќај.

(3) Полицискиот службеник кој го исклучил возилото од ставот (1) на овој член издава потврда која ги содржи податоците од членот 341 став (7) од овој закон.

(4) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(5) За прекршокот од ставот (4) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

**Член 347**

(1) Објектите наменети за сообраќај (патишта, улици, пасажи, тротоари, велосипедски патеки, паркиралишта, гаражи и друго), не можат да се пренаменат и користат за други потреби.

(2) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се издаде записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност.

(3) За прекршокот од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

(5) За прекршокот од ставот (1) на овој член, записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на службено лице во државен орган.

**Член 348**

(1) Режимот на сообраќај на државни патишта врз основа на сообраќаен проект со решение го утврдува Министерството за транспорт по претходна согласност од Министерството за внатрешни работи и Јавното претпријатие за државни патишта, а за општински патишта и улици - општината, односно Градот Скопје, по претходна согласност од Министерството за внатрешни работи.

(2) Под режим на сообраќај од ставот (1) на овој член се подразбира, особено:

- ограничување на брзината на движење за сите или за одделни категории возила во населено место или надвор од населено место,
- управување со брзината во функција на густината на сообраќајниот ток, состојбата на коловозот и временските услови; со примена на интелигентни транспортни системи,
- утврдување на пешачки зони, зони на смирен сообраќај, зона 30, зона школо и зона со ниски емисии на штетни гасови,

- утврдување на површини за сообраќај на пешаци, велосипеди, велосипеди со помошен мотор, мопеди, туристички возови, запрежни возила, терање и водење добиток,
- определување простор за паркирање и запирање на возила, доставување стока на јавен пат, објектите од алинеја 11 на овој став и јавни паркиралишта - определување на еднонасочни патишта и улици,
- утврдување на главни и споредни патишта и улици,
- утврдување на патишта и улици на кои се забранува сообраќајот за сите или за одделни видови возила,
- утврдување на начинот на регулирање на сообраќајот на крстосници,
- утврдување на улици и површини за јавен превоз на патници и начинот на користење на сообраќајните ленти за возила на јавен превоз на патници,
- водење на транзитниот, товарниот, патничкиот, велосипедскиот и пешачкиот сообраќај,
- приклучување на придружно услужни објекти и содржини на патот на изградени државни или општински патишта и улици за кои е издадено одобрение за употреба за државни патишта кое го издава Министерството за транспорт и за општински патишта или улица кое го издава општината, односно Градот Скопје, согласно со важечкиот урбанистички план или урбанистички проект (автобуски стојалишта, стојалишта за возила, јавни паркиралишта покрај патот, одморалишта, бензински станици, автосервиси, мотели и автокампови, бази за одржување и пунктови за одржување на патот и бази за помошни информации), како и сообраќајни полигони (автодроми) и станици за технички преглед на возила,
- определување на површини на кои се вршат тест- возења, крос, спортски возења и слично,
- утврдување на безбедни правци наменети за движење на деца до училиштата,
- примена на мерки за забавување на сообраќајот, и
- приклучување на концесиони полиња и
- приклучување на градби од прва категорија утврдени со Закон за градење, на регионални патишта за потребите на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, државните органи, јавните претпријатија и други субјекти основани од Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје.

(3) За утврдување на режимот на сообраќај од ставот (2) на овој член, кон сообраќајниот проект задолжително се приложува и извод од важечкиот урбанистички план или урбанистички проект со конкретна намена на локацијата за која се бара утврдување на режим на сообраќај.

(4) За приклучување на концесионите полиња од ставот (2) алинеја 14 на овој член, кон сообраќајниот проект не се приложуваат документите од ставот (3) на овој член, а задолжително се приложува договор за концесија.

(5) По исклучок од ставот (3) на овој член, режимот на сообраќај на постојни патишта и улици кои не се предвидени или изградени согласно важечки урбанистички план или урбанистички проект, ќе се утврдува согласно одобрен основен сообраќаен проект, во кој нема да бидат прикажани приклучувањата на постојните објекти и објектите предвидени за градба.

(6) Сообраќајниот проект од ставот (1) на овој член, содржи услови и режим на сообраќајот, ситуационен план, план на сообраќајни знаци, прегледност на крстосниците, потребен простор за стациониран сообраќај, програма за работа на светлосната сигнализација, план за заштита и опрема на патот или улицата, план за хортикултурно уредување, план за регулирање на сообраќајот на раскрсниците, како и други елементи од значење за безбедноста на сообраќајот. Покрај

наведените податоци, сообраќајниот проект може да содржи и прогноза за обемот и структурата на сообраќајот, пресметка на пропусната моќ на патот и улиците, како и план за осветлување.

(7) Промена на режимот на сообраќај од ставот (2) на овој член, се врши со решение на надлежниот орган, на начин и постапка утврдени во ставот (1) на овој член.

(8) На правното лице кое го менува режимот на сообраќај спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се издаде записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност.

(9) За прекршокот од ставот (8) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(10) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на службеното лице кое врши стручни работи во областа на сообраќајот на патиштата во Министерството за транспорт, општината, односно градот Скопје кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

(11) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лице кое го менува режимот на сообраќај спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 349**

Полициски службеник ќе нареди на правно или физичко лице кое изведува работи или презема други дејствија на пат, со кои го попречува или нарушува утврдениот режим на сообраќај, да прекине со работите, односно со преземање на дејствија, ако тоа го прави без решение или одобрение од надлежниот орган или спротивно на критериумите утврдени во решението или одобрението.

**Член 350**

(1) Сопствениците, односно корисниците на објекти лоцирани во заштитниот појас на патот или во нивна непосредна близина, можат да изградат пристапен пат до јавен пат по претходно добиено решение за утврдување на режимот на сообраќај од Министерството за транспорт во согласност со Јавното претпријатие за државни патишта и по добиено одобрение за пристапен пат од Јавното претпријатие за државни патишта.

(2) Сопствениците, односно корисниците на објекти лоцирани во заштитниот појас на патот или во нивна непосредна близина, можат да изградат пристапен пат до јавен пат по претходно добиено решение за утврдување на режимот на сообраќај за општинските патишта и улици издадено од општините, односно градот Скопје.

(3) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, ќе му се издаде записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на физичко лице, сопственик односно корисник на објект кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 351**

(1) На општински патишта и улици, како и на улици во населено место како дел од државен пат, може да се применуваат мерки за забавување на сообраќајот во согласност со прописите за безбедност на сообраќајот.

(2) По исклучок на ставот (1) на овој член, на државни патишта може да се применуваат мерки за забавување на сообраќајот во зона на образовни установи, наплатни станици, државни граници и други објекти каде што поради безбедност на сите учесници во сообраќајот дополнително е ограничена дозволената брзина на движење, во согласност со прописите за безбедност на сообраќајот.

(3) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, ќе му се издаде записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност.

(4) За прекршокот од ставот (4) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на службеното лице кое врши стручни работи во областа на сообраќајот на патиштата во општината, односно градот Скопје, кое постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на лице кое го менува режимот на сообраќај спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

**Членот 352 е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (“Службен весник на РМ“ бр.83/18).

**Член 353**

Надзор над возилата во просторите определени за паркирање на возила и просторите за паркирање на возила на кои паркирањето е временски определено, врши органот на општината, односно градот Скопје, за што издава наредби, согласно со закон.

**Член 354**

Ограничување на сообраќајот за определени категории на возила, во определено време или на определен пат, ограничување на брзината на движење на возилата и други забрани, можат да се определат, ако е можно на учесниците во сообраќајот тоа да им се соопшти со пропишан сообраќаен знак.

**Член 355**

(1) Заради безбедност на сообраќајот, обезбедување на негово непречено одвивање, како и во случај кога тоа го бараат причините за одржување на јавниот ред и мир, може да се запре сообраќајот или да се определи посебно ограничување на сообраќајот на определен пат или на дел од пат, за време додека постојат причините поради кои се преземаат тие мерки.

(2) Решението за запирање или посебно ограничување на сообраќајот од ставот (1) на овој член, го донесува министерот за внатрешни работи.

**Член 356**

Ако возилото е паркирано на место на кое тоа претставува непосредна опасност за учесниците во сообраќајот или пречка за нормално одвивање на сообраќајот или е паркирано на хортикултурно уредени зелени површини, градски зеленила и паркови полициски службеник може да нареди возилото да се отстрани, а по потреба и да се пренесе на друго место, на трошок на сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото.

**Член 357**

(1) Ако лице за кое постои основ за сомневање дека извршило кривично дело кое се гони по службена должност, се наоѓа во моторно возило кое на даден знак на полициски службеник не запре, полициски службеник може на патот да постави уреди или други пречки за принудно запирање на возилото, ако запирањето не може да се изврши на друг начин.

(2) При принудното запирање на моторно возило се води сметка притоа да не се загрози животот или имотот на другите учесници во сообраќајот.

**Член 358**

(1) Министерството за внатрешни работи може да примени посебни воспитни мерки кон лица кои ги прекршиле сообраќајните правила и прописи утврдени со овој закон, за кои е предвидена глоба до 50 евра во денарска противвредност.

(2) Како посебни воспитни мерки од ставот (1) на овој член, може да се применат укажување на опасноста од сторениот сообраќаен прекршок, сообраќајна поука, прикажување на сообраќајни филмови и слично, при што на сторителот на прекршокот му се издава покана.

(3) Ако лицето сторител на прекршок не се јави, односно не присуствува на предавањата за посебните воспитни мерки од ставовите (1) и (2) на овој член, не го плати предвидениот износ на глобата или не му се регистрираат негативните бодови утврдени за сторениот прекршок, постапка ќе се продолжи согласно со одредбите од овој закон.

(4) Поканата од ставот (2) на овој член, содржи:

- назив и седиште на органот што ја издал поканата,
- име и презиме на сторителот на прекршокот,
- адреса и место на живеење,
- регистарски број на документ за идентификација,
- причина за повикување,
- датумот, времето и местото на повикување,
- правна поука и
- место за датум, печат и потпис на полицискиот службеник.

**Член 359**

Ако полициски службеник утврди дека за превоз на лица со товарно моторно возило или приклучно возило што го влече трактор или мотокултиватор не се исполнети условите утврдени со овој закон, таквиот превоз може да го прекине или возилото да го допрати до најблиското населено место или одредиште.

**Член 360**

(1) Возилата во сообраќајот на пат задолжително треба да ги исполнуваат пропишаните услови во однос на затемнување на стаклата.

(2) На правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 361**

(1) Моторните возила и мобилните машини кога учествуваат во сообраќај на пат, во периодот од 15 ноември до 15 март задолжително треба да поседуваат пропишана зимска опрема.

(2) Полицискиот службеник ќе нареди на возач да го прекине натамошното движење на возилото, ако не постапи според сообраќајниот знак за задолжително носење и употреба на зимска опрема согласно ставот (1) на овој член.

(3) Полицискиот службеник може да нареди возачот да го прекине натамошното движење и кога не постои сообраќаен знак за задолжително носење на зимска опрема, ако зимските услови на патот не овозможуваат непречено и безбедно одвивање на сообраќајот, односно задолжително да ја постави на возилото зимската опрема.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 45 евра во денарска противвредност ќе му се издаде, на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 362**

Полициски службеник ќе му забрани на лице да управува со велосипед на јавен пат, ако е очигледно дека лицето не е подготвено за тоа.

**Член 363**

(1) Стручен работник кој врши технички преглед на возило, ако при прегледот утврди дека уредите за управување, сопирање или вградениот уред за течен нафтен гас или компримиран земјен гас на возилото се неисправни, така што, возилото не е сигурно за натамошно безбедно движење во сообраќајот на пат, ќе го предупреди возачот да ги преземе потребните мерки за доведување на возилото во исправна состојба, на начин да не ги загрозува другите учесници во сообраќајот, односно дека не смее со истото да учествува во сообраќајот на пат.

(2) Во случај кога возачот од ставот (1) на овој член, се вклучи во сообраќај на јавен пат, овластеното правно лице за вршење на технички преглед на возила е должно веднаш да го извести Министерството за внатрешни работи.

(3) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на стручниот работник кој врши технички преглед на возило кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

(6) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност, согласно со одредбите од овој закон, ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

**Член 364**

(1) Полициски службеник кој поседува возачка дозвола од категорија „Б", може во исклучителни случаи да управува и со моторни возила од категориите „Ц1", „Ц1Е", „Ц", „ЦЕ", „Д1", „Д1Е", „Д" и „ДЕ", кога такво возило е потребно да се отстрани од патот, да се одведе до најблискиот простор за паркирање или до најблиското место каде што понатаму ќе се чува, ако неговиот возач од некоја причина - болест, сообраќајна незгода, исклучување од сообраќај и слично не може или не смее да управува со возилото.

(2) Полициски службеник заради извршување на службени дејствија може да го запре или паркира службеното возило на место на кое истото е забрането согласно со одребите од овој закон, а притоа да не ја загрози безбедноста на другите учесници во сообраќајот.

(3) Во случај кога полициски службеник извршува службени дејствија од член 369 став (3) од овој закон, притоа не загрозувајќи ја безбедноста на другите учесници во сообраќајот не се применуваат одредбите од членовите 35 и 36 од овој закон.

**Член 365**

(1) Заради остварување на поповолни услови за безбедноста на сообраќајот на патиштата во општините и градот Скопје можат да се организираат сообраќајни патроли на граѓани и училишни сообраќајни единици.

(2) Сообраќајните патроли и единици од ставот (1) на овој член, можат да вршат регулирање на сообраќајот во присуство на полициски службеник.

(3) По исклучок, кога училишните сообраќајни единици обезбедуваат премин на ученици преку коловоз пред училишта, присуството на полициски службеник не е задолжително.

(4) Сообраќајните патроли и единици од ставот (1) на овој член, можат да регулираат оообраќај на патиштата и да укажуваат помош на учесниците во сообраќајот, само со претходна согласност на Министерството за внатрешни работи.

(5) Членовите на сообраќајните патроли и единици од ставот (1) на овој член, се должни посебно да бидат оспособени за регулирање на сообраќајот и за укажување на помош и при тоа да носат пропишана униформа или посебни ознаки, а барањата кои ги упатуваат на учесниците во сообраќајот задолжително треба да бидат во согласност со прописите и правилата во сообраќајот и знаците што ги даваат полициски службеници.

(6) Учесниците во сообраќајот се должни да постапуваат според барањата и наредбите на членовите на сообраќајните патроли и единици.

(7) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност согласно со одредбите од овој закон, ќе му се издаде на членот на сообраќајна патрола, односно единица кој постапува спротивно на одредбата од ставот (5) на овој член.

(8) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност согласно со одредбите од овој закон, ќе му се издаде на учесник во сообраќајот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (6) на овој член.

### Член 366

(1) Заради развивање и унапредување на безбедноста во сообраќајот, остварување соработка и координација во развивање на сообраќајна превенција и самозаштита со граѓаните, како и иницирање на потребни мерки за поголема безбедност и унапредување на општата безбедност во сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија, правните лица чија основна дејност е непосредно поврзана со превоз на лица и стоки во сообраќајот на патиштата, на своите возила треба да имаат посебна налепница за превенција во сообраќајот пропишана од Министерството за внатрешни работи.

(2) Налепницата од ставот (1) на овој член, се истакнува на задниот дел од возилото.

(3) На правното лице кое постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(4) За прекршокот од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возач кој постапува спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член.

### Член 367

(1) Брзината на движење на возилото се утврдува со уреди за мерење на брзина на движење на возила (радари), записен лист од тахографот или контролниот уред или со непосредно следење со возило.

(2) Фотографијата и видео-записот со податоците за утврдената брзина, записниот лист од тахографот или контролниот уред и записникот за исчитаната брзина на радарот кој нема запис или брзиномер, претставуваат доказ за утврдена брзина на движење на возилото.

(3) Покрај доказите од ставот (2) на овој член, доказ за утврдена брзина на движење на возилото претставува и фотографија или копија од записниот лист од тахографот, освен во случај на сообраќајна незгода.

### Член 368

(1) Во моторно возило не можат да се користат ниту вградуваат уреди или направи кои имаат за цел попречување на уредот што го користат полициски службеници за мерење на брзината на возилата (анти-радари).

(2) Доколку полициски службеник открие уред, односно направа согласно со ставот (1) на овој член, ќе му нареди на возачот на возилото истиот да го отстрани, а доколку возачот одбие да го стори тоа, уредот односно направата ќе се отстрани на трошок на возачот на возилото.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возачот кој постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.

## VIII-а.СООБРАЌАЈНИ ПРЕКРШОЦИ ДОКУМЕНТИРАНИ СО ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И УРЕДИ ЗА СНИМАЊЕ

### Член 369

(1) Полицијата е овластена да постави технички средства и уреди за снимање на јавни места на кои се одвива сообраќај и на кои може да се извршуваат прекршоци од областа на сообраќајот на патиштата, односно употреба на

видеонадзор и системи кои користат напредна технологија, со цел документирање на сообраќајните прекршоци, начинот на сторување, откривање на сторителите и следење на безбедноста и протокот на сообраќајот, во согласност со надлежноста утврдена со закон.

(2) Под снимање, во смисла на овој закон, се подразбира видеонадзор над јавните места од ставот (1) на овој член.

(3) Снимањето од ставот (1) на овој член може да се врши со технички средства, посебен електронски систем и со посебни возила на Министерството за внатрешни работи, опремени со посебни уреди за таа намена.

(4) Технички средства, и посебен електронски систем во смисла на ставот (3) на овој член, се соодветни уреди и направи за снимање и фотодокументирање кои може да користат напредна технологија, со кои се врши електронски запис и документирање на сторени прекршоци од областа на сообраќајот.

(5) Снимениот материјал од ставовите (1), (2) и (3) на овој член се чува во полицијата 30 дена од денот на неговото создавање, по што материјалот се уништува, освен материјалот што претставува доказ во кривична или прекршочна постапка, со кој се постапува согласно со закон.

**Член 369- а**

(1) На сопственикот на возилото со кое е сторен сообраќаен прекршок документиран со посебен електронски систем, му се доставува известување со линк за преземање на записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог и фотозапис со кој е документиран прекршокот.

(2) Известувањето од ставот (1) на овој член се доставува во постапка утврдена во посебен закон.

**Член 369- б**

Сопственикот на возилото може да ја прифати одговорноста за сторување на сообраќајниот прекршок, да не ја прифати одговорноста за сторување на сообраќајниот прекршок, да оствари право на судска заштита, или Министерството за внатрешни работи да поднесе барање за поведување прекршочна постапка под услови и на начин утврдени во посебен закон.

**Член 369- в**

При утврдување на пречекорување на брзината, од измерената вредност/брзина задолжително се одзема толеранцијата (маргината за грешка) на уредот за мерење согласно со прописите во областа на метрологијата.

**Член 369- г**

Одредбите на членовите 369, 369- а, 369- б и 369- в од овој закон, не се применуваат за возилата под придружба и возилата со првенство на минување.

## IX. ОРГАНИЗАЦИЈА И ЗАДАЧИ НА СОВЕТИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

**Член 370**

Заради развивање и унапредување на сообраќајното образование и воспитување на учесниците во сообраќајот, остварување на соработка и координација во развивањето на сообраќајно-превентивната работа и самозаштитата, унапредување на општата безбедност на сообраќајот на патиштата како работа од општествен интерес, како и заради иницирање и

предлагање на потребни мерки за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата, во Република Северна Македонија функционира Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (во натамошниот текст: Републички совет), а во општините и градот Скопје - општински совети за безбедност на сообраќајот на патиштата, односно совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во градот Скопје, како функционален дел на Републичкиот совет.

**Член 371**

(1) Задачи на советите од членот 370 од овој закон се особено:

- унапредување на работите сврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата;
- унапредување на сообраќајното воспитување и образование на учесниците во сообраќајот и развивање на сообраќајно-образовната работа на предучилишните установи и училиштата;
- остварување на соработка и координација во превентивната работа на државните органи, институциите, правните лица и другите субјекти по прашањата на самозаштита во областа на сообраќајот на патиштата;
- организирање и учество во сообраќајно-воспитни акции и манифестации од областа на сообраќајната превентива;
- поттикнување, развивање и помагање на научно-истражувачка работа во областа на сообраќајот на патиштата;
- набавка и издавање на сообраќајно-воспитни публикации, филмови и слично;
- организирање на научни и стручни собири за работа од областа на безбедноста на патниот сообраќај и
- соработка со средствата за јавно информирање, заради навремено, целосно и објективно информирање на јавноста за мерките за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

(2) Републичкиот совет го координира и одобрува реализирањето на задачите на општинските совети и советот на градот Скопје од ставот (1) на овој член, кои претставуваат составен дел на Годишната програма за работа на Републичкиот совет.

**Член 372**

(1) Претседателот и 18 членови на Републичкиот совет ги именува Собранието на Република Северна Македонија, а на општинските совети - советот на општината, односно Советот на градот Скопје, по предлог на Републичкиот совет од редот на заинтересираните државни органи, институции и правни лица, како и истакнати експерти од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

(2) Членовите на советите од ставот (1) на овој член, се именуваат за време од четири години, со право на повторно именување за уште еден мандат.

**Член 372-а**

За претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата може да биде именувано лице, кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и

4) активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

**Член 373**

(1) Со работата на Републичкиот совет од членот 370 од овој закон, раководи претседател, чиј мандат трае четири години. Претседателот на советот може да биде именуван два пати едноподруго на иста функција.

(2) Советот за својата работа донесува деловник, со кој поблиску се определуваат неговите задачи и начинот на работа.

(3) Републичкиот совет ги врши своите административно-технички и финансиски работи.

(4) Заради извршување на планирани програмски активности Републичкиот совет може да ангажира вработени од соодветни министерства и други државни органи.

(5) Заради остварување на надлежноста од членот 370 од овој закон, за извршување на задачите од членот 371 од овој закон, за вршење на работите од ставот (3) на овој член, како и заради извршување на планирани програмски активности, Републичкиот совет може да ангажира надворешни лица.

**Член 373-а**

(1) Финансиските средства неопходни за работа на Републичкиот совет се обезбедуваат во рамките на средствата со кои располага Републичкиот совет согласно со овој закон.

(2) Републичкиот совет, со посебен акт усвоен на седница ги утврдува надоместоците за претседателот и членовите на Републичкиот совет и лицата од членот 373 став (5) од овој закон, заради остварување на надлежноста од членот 370 од овој закон, за извршување на задачите од членот 371 од овој закон и за вршење на работите од членот 373 став (3) од овој закон, како и заради извршување на планирани програмски активности утврдени во елаборат донесен врз основа на Програма за работа на Републичкиот совет, кој вкупен месечен износ на надоместоците не може да биде поголем од две третини од просечно исплатена нето-плата во Република Северна Македонија за претходната година според податоците на Државниот завод за статистика.

(4) Претседателот и членовите на Републичкиот совет, кои не користат службено моторно возило имаат право на надоместок на трошоците за превоз во висина на цената на возен билет во јавен сообраќај, а доколку користат автомобил во лична сопственост, се исплаќаат трошоци за користење на автомобил во лична сопственост од 20% од продажна цена на еден литар гориво за соодветното возило, по поминат километар.

**Член 374**

(1) За остварување на задачите од членот 371 од овој закон, Републичкиот совет донесува Годишна програма која ќе се финансира:

- во висина од 1,5% од надоместокот што се наплатува за технички преглед при регистрација на возила;
- во висина од 1% од средствата што се наплатуваат за регистрација на моторни и приклучни возила од надоместокот за употреба на јавните патишта (патна такса).

(2) Средствата од ставот (1) алинеи 1 и 2 на овој член, се уплаќаат од страна на овластени правни лица за вршење технички преглед на возила еднаш месечно за претходниот месец на сметка на Републичкиот совет, најдоцна до петти во следниот месец, за што овластените правни лица за вршење технички преглед на возила задолжително доставуваат месечен извештај до Републичкиот совет за бројот на извршени технички прегледи на возила по категории и уплатени средства, најдоцна до 10- ти во месецот. Најдоцна до 20 јануари во тековната

година овластените правни лица за вршење технички преглед на возила доставуваат годишен извештај за претходната година за бројот на извршени технички прегледи на возила по категории и уплатени средства.

(3) Заради зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата Републичкиот совет е должен секоја календарска година 45% од средствата утврдени во ставот (1) на овој член, да ги намени за модернизација на уредите и опремата на надлежната организациска единица во Министерството за внатрешни работи која врши контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата согласно потребите и барањата од Министерството за внатрешни работи.

(4) За остварување на задачите на членот 371 од овој закон, Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, односно Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата во град Скопје, донесува Годишна програма, која се усвојува од страна на Советот на општината, односно Советот на градот Скопје.

(5) Финансиски извештај и извештај за реализираните активности од Годишната програма, Републичкиот совет доставува до Собранието на Република Северна Македонија.

(6) Финансиски извештај и извештај за реализираните активности од Годишната програма, Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, односно Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата во градот Скопје, доставува до Советот на општината, односно Советот на градот Скопје.

**Член 375**

(1) За унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, Собранието на Република Северна Македонија донесува Национална стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата, за период од пет години.

(2) Националната стратегија од ставот (1) на овој член, ја изготвува Координативно тело формирано од Владата на Република Северна Македонија.

(3) Координативното тело од ставот (2) на овој член, е составено од 11 члена претставници од државните органи, Републичкиот совет, институции и правни лица кои вршат работи од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата, со мандат од шест години.

(4) Координативното тело од ставот (2) на овој член, е задолжено и за следење на имплементацијата на Националната стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата.

(5) Координативното тело од ставот (2) на овој член, до Собранието на Република Северна Македонија и до Владата на Република Северна Македонија доставува Годишен извештај за имплементацијата на Националната стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата.

## X. ЕВИДЕНЦИИ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

**Член 376**

(1) Министерството за внатрешни работи води евиденција на издадени и одземени лиценци на автошколи и испитни центри.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член, ги содржи следниве податоци:

1) реден број;

2) број на лиценца;

3) назив на правното лице на кое му е издадена, односно одземена лиценцата;

4) седиште на правното лице на кое му е издадена, односно одземена лиценцата;

5) категории за спроведување на оспособување, односно испитување на кандидати за возачи за кои е овластено правното лице;

6) место и датум на издавање на лиценцата;
7) забрана за работа од/до на правното лице;
8) причини (основ) за одземање на лиценцата;
9) датум на одземање на лиценцата и
10) забелешка.

(3) Личните податоци содржани во евиденцијата од ставот (2) на овој член, се чуваат трајно.

**Член 377**

(1) Министерството за внатрешни работи води регистар на издадени и одземени лиценци на возач-инструктор, предавач по наставната програма од сообраќајните правила и прописи (теоретски дел) и предавач по наставната програма управување со моторно возило (практичен дел) во автошкола.

(2) Регистарот од ставот (1) на овој член ги содржат следниве податоци:
1) реден број;
2) број и датум на издадена, односно одземена лиценца од ставот (1) на овој член;
3) лично име;
4) адреса на живеалиште;
5) број на лична карта и
6) времетраење на забрана за работа;
7) причини (основ) за одземање на лиценцата;
8) датум на одземање на лиценцата и
9) забелешка.

(3) Личните податоци содржани во регистарот од ставот (2) на овој член, се чуваат трајно.

**Член 378**

(1) Министерството за внатрешни работи води регистар на издадени и одземени лиценци на контролор, испитувач по наставна програма од сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и испитувач по наставна програма од управување со возило (практичен дел) во испитен центар.

(2) Регистарот од ставот (1) на овој член, ги содржат следниве податоци:
1) реден број;
2) број и датум на издадена, односно одземена лиценца од ставот (1) на овој член;
3) лично име;
4) адреса на живеалиште;
5) број на лична карта и
6) времетраење на забрана за работа;
7) причини (основ) за одземање на лиценцата;
8) датум на одземање на лиценцата и
9) забелешка.

(3) Личните податоци содржани во регистарот од ставот (2) на овој член, се чуваат трајно.

**Член 379**

(1) Министерството за внатрешни работи води евиденција за издадени прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(2) Во евиденцијата од ставот (1) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(3) Личните податоци од ставот (2) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

**Членовите 380 и 381 е избришани,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РСМ" бр.302/20).

**Член 382**

(1) Министерството за внатрешни работи, автошколите и испитните центри обезбедуваат обработка, чување, давање и заштита на личните податоци од неовластен пристап согласно со прописите од областа на заштита на личните податоци.

(2) Во однос на секоја операција или збир од операции што се изведуваат врз личните податоци, а во врска со нивното собирање, внесување, евидентирање, ажурирање, организирање, чување, промена, повлекување, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, блокирање, бришење или уништување, како и која било друга обработка на личните податоци која произлегува согласно со овој закон се применуваат прописите од областа на заштита на личните податоци.

XI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Членот 383 е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РСМ" бр.302/20).

**Член 384**

(1) Кога полицискиот службеник ќе утврди дека е сторен прекршок или кога прекршокот е утврден со помош на посебен електронски систем или на технички средства и уреди за снимање за кој со овој закон е предвидена глоба, се издава записник за сторен прекршок со прекршочен платен налог.

(2) Записникот за сторен прекршок со прекршочен платен налог ги содржи битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, лично име, адреса, број на лична карта, матичен број, телефонски број на мобилен телефон и електронска адреса ако се работи за странец - број на патната исправа и држава, а за правно лице – назив, седиште и даночен број, времето, местото и начинот на сторувањето на прекршокот, описот на дејствието, правна квалификација на прекршокот, лицата затекнати на самото место, износ на глобата пропишан за прекршокот и прекршочна санкција - забрана за управување со моторно возило за определена категорија (доколку е пропишана за тој прекршок), податоци на возилото (сопственост, вид, марка и број на регистарски таблици), податоци за уредот со кој е констатиран и документиран сторениот прекршок, бројот на сметката за плаќање и правни поуки. Записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог го потпишува полицискиот службеник и сторителот на прекршокот, освен во случаи кога прекршокот е констатиран од посебен електронски систем, кога истиот се потпишува согласно со закон.

**Член 385**

(1) За прекршоците од членовите 3 став (3), 12 став (5), 22 став (3), 23 ставови (3) и (4), 24 ставови (5) и (6), 25 став (5), 26 ставови (5), (6) и (7), 27 став (2), 28 ставови (6) и (7), 29 став (2), 31 став (3), 32 став (4), 33 став (5), 34 ставови (3) и (4), 39 став (4), 40 став (2), 42 став (4), 43 став (6), 44 став (3), 45 став (2), 46

став (2), 48 став (5), 49 став (4), 50 став (3), 51 став (4), 52 став (3), 53 ставови (4), (5) и (6), 55 став (2), 57 став (3), 61 став (4), 62 став (2), 63 став (6), 64 став (4), 65 став (4), 66 ставови (3), (4), (5) и (6), 67 став (4), 68 став (2), 69 став (2), 70 став (2), 71 став (2), 72 став (3), 73 ставови (3) и (4), 75 став (4), 78 став (3), 80 став (4), 86 ставови (8), (9) и (10), 88 став (3), 89 став (3), 90 став (3), 91 став (4), 92 став (4), 93 став (2), 94 став (3), 96 став (7), член 96- а став (2) 97 став (2), 98 ставови (4) и (5), 99 ставови (4) и (5), 100 став (3), 101 став (2), 102 став (2), 103 став (2), 105 став (7), 106 став (3), 107 став (3), 108 став (7), 110 став (2), 111 став (5), 112 став (3), 113 став (4), 114 став (2), 115 став (4), 116 став (3), член 116- а став (2) 117 став (2), 118 став (4), 119 став (4), 120 став (3), 121 став (2), 123 став (2), 124 став (3), 125 став (2), 127 став (3), 128 став (5), 129 став (4), 130 ставови (4) и (5), 131 ставови (3) и (4), 132 ставови (5) и (6), 133 став (2), 134 став (3), 135 став (2), 137 став (2), 138 ставови (7) и (8), 139 ставови (9) и (10), 149 став (2), 150 став (3), 164 став (5), 165 став (2), 167 став (2), 168 став (3), 171 став (2), 172 став (7), 178 ставови (8) и (9), 181 ставови (2) и (3), 183 став (3), 184 став (2), 185 став (3), 186 став (2), 216 став (3), 218 ставови (4) и (5), 225 ставови (9), (10) и (11), 269 став (2), 274 став (2), 278 став (3), 295 став (4), 305 став (5), 309 став (2), 310 став (4), 361 став (4) и 365 ставови (7) и (8), полицискиот службеник, ќе достави барање за поведување на прекршочна постапка до Комисијата за одлучување по прекршоците, формирана од министерот за внатрешни работи.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од претседател и два члена. Претседателот на комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку шест години на предметната материја, а членовите на комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку четири години на предметната материја.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, кога сторителот на прекршокот е странец, полицискиот службеник ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

(4) По исклучок од ставот (1) на овој член, кога овластеното службено лице во управна постапка ќе утврди дека е сторен прекршок согласно со одредбите од овој закон ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до Комисијата од ставот (1) на овој член.

(5) Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на Комисијата од ставот (1) на овој член, како и постапката по правниот лек се спроведува согласно одредбите од Законот за прекршоците.

**Член 386**

(1) За прекршоците од членовите 8 став (4), 9 став (4), 14 ставови (11) и (12), 18 став (5), 19 став (4), 20 став (7), 21 ставови (6), (7) и (8), 30 став (5), 35 ставови (3), (4) и (5), 36 ставови (3), (4) и (5) 38 ставови (7), (8) и (9), 41 став (7), 43 став (5), 47 став (9), 54 ставови (3) и (4), 56 став (2), 58 став (2), 60 став (6), 74 ставови (6) и (7), 76 став (4), 79 став (4), 81 став (6), 82 став (2), 83 став (4), 84 став (2), 85 став (2), 103-а ставови (8), (9), (10) и (11), 103-б ставови (2) и (3), 103-в ставови (3) и (4), 103-г ставови (3) и (4), 103-д ставови (2) и (3), 104 став (5), член 104- а став (2) 109 став (2), 122 став (4), 126 став (3), 127 став (2), 128 став (4), 136 став (2), 139 став (11), 140 став (2), 141 ставови (7) и (8), 142 ставови (7) и (8), 143 став (8), 144 став (4), 145 став (7), 151 ставови (7) и (10), 152 став (5), 163 став (4), 166 ставови (5) и (6), 169 став (7), 172 став (6), 173 став (9), 174 став (4), 175 став (4), 177 став (5), 179 став (6), 180 став (5), 187 став (6), 189 став (5), 190 ставови (5) и (6), 191 ставови (4) и (5), 194 став (4), 196 став (5),

199 став (3), 201 став (6), 203 став (5), 211 став (4), 215 ставови (4) и (5), 219 став (8), 221 став (6), 224 став (7), 226 став (4), член 228 ставови (4), (5) и (6), 233 став (6), 238 став (5), 239 став (8), 252 став (10), 253 ставови (5) и (6), 273 став (3), 277 став (7), 279 став (4), 280 став (3), 283 став (4), 284 став (5), 286 став (2), 287 став (3), 288 ставови (9) и (10), 291 ставови (4) и (5), 295 став (2), 313 став (9), 315 став (9), 317 став (16), член 317- а став (2) 317 став (14), 318 став (6), 322 став (8), 325 став (4), 330 став (4), 336 ставови (5) и (6), 338 став (5), 345 став (4), 346 став (6), 347 ставови (2), (4) и (5), 348 ставови (10) и (11), 350 ставови (3) и (5), 351 ставови (3), (5) и (6), 360 став (4), 363 ставови (5) и (6), 366 став (5) и 368 став (3) од овој закон, како и во случаите од член 383 ставови (6) и (7) од овој закон, полицискиот службеник за сторителот кој не ја прифатил одговорноста за прекршокот согласно со закон, односно не ја платил изречената глоба во законски уврдениот рок ќе достави барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

(2) За прекршоците од ставот (1) на овој член, за кои е предвидено изрекување на мерка забрана на управување со моторно возило, полицискиот службеник ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд и во случај кога сторителот ја платил глобата изречена во записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, кога сторителот на прекршокот е правно лице со седиште надвор од територија на Република Северна Македонија и одговорно лице во правното лице, полицискиот службеник ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

**Член 386-а**

На возачот кој согласно со одредбите од овој закон сторил прекршок во сообраќајот на патиштата со кој е предизвикана сообраќајна незгода, полицискиот службеник ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, без да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување.

**Член 387**

(1) За прекршоците од членовите 8 ставови (2) и (3), 9 ставови (2) и (3), 12 ставови (3) и (4), 13 ставови (5), (6), (7) и (8), 14 ставови (9) и (10), 15 ставови (2) и (3), 16 ставови (3) и (4), 18 ставови (3) и (4), 20 ставови (5) и (6), 38 ставови (5) и (6), 47 ставови (7) и (8), 60 ставови (4) и (5), 74 ставови (4) и (5), 76 ставови (2) и (3), 79 ставови (2) и (3), 81 ставови (4) и (5), 83 ставови (2) и (3), 104 ставови (3) и (4), 139 ставови (7) и (8), 141 ставови (5) и (6), 142 ставови (5) и (6), 143 ставови (6) и (7), 144 ставови (2) и (3), 145 ставови (5) и (6), 151 ставови (5),(6),(8) и (9), 152 ставови (3) и (4), 155 ставови (4) и (5), 156 ставови (4) и (5), 159 ставови (3) и (4), 160 ставови (3) и (4), 162 ставови (3) и (4),163 ставови (2) и (3), 166 ставови (3) и (4), 169 ставови (5) и (6), 172 ставови (4) и (5), 173 ставови (7) и (8), 174 ставови (2) и (3), 177 ставови (3) и (4), 178 ставови (6) и (7), 179 ставови (4) и (5), 180 ставови (3) и (4), 187 ставови (4) и (5), 189 ставови (3) и (4), 190 ставови (3) и (4), 191 ставови (2) и (3), 194 ставови (2) и (3), 201 ставови (4) и (5), 203 ставови (3) и (4), 204 ставови (3) и (4), 205 ставови (2) и (3), 208 ставови (4) и (5), 209 ставови (2) и (3), 210 ставови (4), (5), (6) и (7), 217 ставови (3) и (4), 219 ставови (6) и (7), 224 ставови (5) и (6), 225 ставови (7) и (8), 226 ставови (2) и (3), 230 ставови (4) и (5), 233 ставови (4) и (5), 235 ставови (3) и (4), 237 ставови (9) и (10), 239 ставови (6) и (7), 243 ставови (2) и (3), 248 ставови (2) и (3), 250 ставови (3) и (4), 252 став (11), 275 став (3), 276 став (4), 277 ставови (5) и (6),

279 ставови (2) и (3), 281 ставови (9), (10), (11) и (12), 281-а ставови (5) и (6), 282 ставови (6) и (7), 283 ставови (2) и (3), 284 ставови (3) и (4), 285 ставови (5) и (6), 288 ставови (5), (6), (7) и (8), 291 став (5), 295 став (3), 305 ставови (3) и (4), 315 став (10), 316 ставови (3) и (4), 317 ставови (12), (13), (15), (17) и (18), 318 ставови (4) и (5), 322 ставови (6) и (7), 323 ставови (4) и (5), 323-а ставови (4) и (5), 325 ставови (2) и (3), 330 ставови (2) и (3), 338 ставови (3) и (4), 339 ставови (3) и (4), 340 ставови (4) и (5), 342 ставови (2) и (3), 345 ставови (2) и (3), 346 ставови (4) и (5), 347 став (3), 348 ставови (8) и (9), 350 став (4), 351 став (4), 360 ставови (2) и (3), 363 ставови (3) и (4) и 366 ставови (3) и (4) од овој закон, полицискиот службеник ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, без да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување.

(2) Надлежниот суд од ставот (1) на овој член, ги обезбедува податоците потребни за одмерување на глобата за правното лице и одговорното лице во правното лице.

(3) Надлежниот суд од ставот (1) на овој член, ја одмерува висината на глобата за правното лице и одговорното лице во правното лице од ставот (3) на овој член врз основа на критериумите утврдени со одредбите од Законот за прекршоците, а согласно со глобата пропишана со овој закон.

**Член 388**

(1) Странец, како и државјанин на Република Северна Македонија, кој при сторување на прекршок дал на увид странска возачка дозвола, а кој со заминување заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата, е должен да ја плати глобата веднаш.

(2) Полицискиот службеник во случаите од ставот (1) на овој член, може привремено да ги одземе патната исправа, личната карта, сообраќајната дозвола или возачката дозвола, додека не биде доставен доказ дека глобата е платена, но не подолго од осум дена од денот на одземањето.

**Член 389**

Заради континуирано одржување и модернизација на уредите и опремата на надлежната организациска единица за сообраќајни работи во Министерството за внатрешни работи, 25 % од средствата што се наплатуваат од глобите за сторен сообраќаен прекршок се уплатуваат на буџетската сметка на Министерството за внатрешни работи.

**Член 390**

(1) На возачот кој согласно со одредбите на овој закон сторил прекршок во сообраќајот на патиштата со кој е предизвикана непосредна опасност за друг учесник во сообраќајот, односно е предизвикана сообраќајна незгода, покрај износот на глобата зголемен двојно од предвидениот износ ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на управување со моторно возило на определени видови или категории моторни возила односно возила на моторен погон во траење од:

- во период од триесет дена до три месеци - за прекршоците за кои е предвидена глоба во износ до 50 евра во денарска противвредност,
- во период од три до шест месеци - за прекршоците за кои е предвидена глоба во износ до 51 до 199 евра во денарска противвредност,
- во период од шест до девет месеци - за прекршоците за кои е предвидена глоба во износ до 200 до 399 евра во денарска противвредност и

- во период од девет месеци до една година - за прекршоците за кои е предвидена глоба во износ до 400 до 600 евра во денарска противвредност.

**Член 391**

(1) Прекршочната санкција престанок на важење на возачка дозвола и забрана на управување со моторно возило и забрана за стекнување на возачка дозвола ја изрекува надлежниот суд, под услови и постапка утврдени со закон.

(2) Прекршочната санкција од ставот (1) на овој член се запишува во евиденцијата на Министерството за внатрешни работи, во постапка и под услови утврдени со посебен закон.

(3) Во временскиот период за кој е изречена санкција од ставот (1) на овој член, возачот на моторно возило не смее да управува со тоа возило, односно возачот-инструктор не смее да врши оспособување на кандидати за возачи.

**Член 392**

(1) Изречената санкција престанок на важење на возачка дозвола, нема да биде извршена, ако поминале повеќе од три години од правосилноста на одлуката за прекршок.

(2) Сторителот на кој му е изречена прекршочна санкција престанок на важење на возачка дозвола од определена категорија не може да започне со постапка за полагање возачки испит за истата категорија пред истекот на 12 месеци од денот на престанокот на важењето на возачката дозвола.

(3) По истекот на периодот од ставот (2) на овој член, лицето може повторно да започне со правото за стекнување на возачка дозвола од соодветната категорија односно полага теоретски и практичен дел од возачки испит.

**Член 393**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

**Член 393-а**

(1) Кога полициски службеник ќе утврди дека е сторен прекршок од страна на дете ќе постапи согласно со посебен закон.

(2) За прекршоците сторени од страна на дете надлежен е суд.

**Член 393-б**

За сите прашања поврзани со учеството на возачи - деца во сообраќајот на патиштата соодветно се применуваат одредбите од овој закон.

XII. ОВЛАСТУВАЊА ЗА ПОДЗАКОНСКИ ПРОПИСИ

**Член 394**

Се овластува министерот за внатрешни работи да донесе поблиски прописи за:

- знаците што на учесниците во сообраќајот на патиштата им ги даваат полициските службеници на Министерството за внатрешни работи (член 212);
- начинот на издавање одобрение за пробно возење (член 145);
- начинот на издавање на одобрение за одржување на спортски и други приредби на пат (член 155);
- начинот на издавање на одобрение за групен превоз (член 173);
- формата и содржината на образецот на возачка дозвола, начинот на нејзино издавање и заменување и за начинот на водење на евиденциите за издадени возачки дозволи во Министерството за внатрешни работи (член 306);
- начинот на организација на обезбедувањето на пробното возење и висината на трошоците поврзани со обезбедување на пробни возења од страна на полициските службеници на Министерството за внатрешни работи (член 145);

- начинот на организација на обезбедувањето на вонредниот превоз и висината на трошоците поврзани со обезбедување на вонреден превоз од страна на полициските службеници на Министерството за внатрешни работи (членови 151 и 153);
- начинот на организација на обезбедувањето на спортски и други приредби на пат и висината на трошоците поврзани со организирање на спортски и други приредби на пат од страна на полициските службеници на Министерството за внатрешни работи (член 161);
- формата и содржината на образецот на лиценцата за авто-школа (член 229);
- начинот на спроведување на возачките испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, форма и содржина на образецот на лиценцата за испитен центар (член 9);
- формата и содржината на образецот на записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог (член 384);
- формата и содржината на образецот на поканата за сообраќајна поука (член 358);
- минимална цена за оспособување на кандидати за возачи во автошкола (член 289);
- формата и содржината на образецот на барањето и на образецот на дозволата за возач-инструктор, начинот на нејзино издавање и заменување и начинот на водење на евиденцијата за издадени дозволи за возач-инструктор во Министерството за внатрешни работи (член 268);
- форма и содржина на образецот на барањето и на образецот на лиценца за предавач по наставна програма и возач-инструктор во автошкола (член 236);
- форма и содржина на образецот на барањето и на образецот на лиценца за контролор, испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и испитувач по наставна програма управување со возила (практичен дел) во испитен центар (член 249);
- формата и содржината на обрасците на барањата за издавање на меѓународна возачка дозвола и одобрение за управување со туѓо моторно возило во странство, формата и содржината на образецот на меѓународната возачка дозвола и одобрението за управување со туѓо моторно возило во странство, како и начинот на нивно издавање и заменување и начинот на водење на евиденцијата на издадени меѓународни возачки дозволи и одобренија за управување со туѓо моторно возило во странство (членови 315, 316 и 317);
- поблиските критериуми во однос на стручен кадар, просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема што треба да ги исполнуваат овластените правни лица за вршење технички - преглед на возила кои издаваат меѓународни возачки дозволи и одобренија за управување со туѓо моторно возило во странство (член 315);
- формата и содржината на образецот на налепница за превенција во сообраќајот и начинот на нејзиното издавање (член 366);
- димензиите, содржина и начинот на поставување на посебните таблици со кои се врши оспособување на кандидати за возачи (член 233);
- начинот на изведување на времени работи на пат и поставување на потребна сообраќајна сигнализација и опрема (член 14);
- просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на стручниот испит од членот 254 од овој закон (член 254);
- начинот на бодување на стручниот испит од членот 254 од овој закон (член 254);
- надоместок на комисија за разгледување на приговорот (член 297);

- определување на населени места во кои ќе се спроведуваат возачки испити (член 351);
- висината на надоместокот за полагање на стручниот испит од членот 254 од овој закон (член 254) .

**Член 395**

Се овластува министерот за образование и наука да ја донесе програмата за специјалистичко образование за занимање возач-инструктор.

**Член 396**

Се овластува министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за образование и наука, да донесе поблиски прописи за:

- поблиските критериуми, начинот на работа на авто-школите, наставниот план и програма за обука, стручниот кадар, опремата со која треба да располагаат, како и евиденциите што треба да ги водат авто-школите за оспособување на кандидати за возачи;
- пробните тестови и тестови за полагање на теоретскиот дел од возачкиот испит;
- програмата за начин на спроведување на испити за проверка на знаење за добивање на лиценца за контролор, испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и испитувач по наставна програма управување со возила (практичен дел);
- програмата за проверка на стручно оспособување за добивање на лиценца за оспособување на кандидати за возачи и
- програмата за проверка на знаење на кандидат за возач.

**Член 397**

Се овластува инистерот за транспорт во согласност со министерот за внатрешни работи, да донесе поблиски прописи за:

- сообраќајните знаци, опрема и сигнализација на патот;
- начинот на обележување на возилата со кои се превезуваат лица;
- потребната документација, формата и содржината на барањето и решението за утврдување и измена на режимот на сообраќај, односно одобрението за времена измена на режимот на сообраќај;
- критериуми за означување на зона 30, зона на смирен сообраќај, зона школо, влез во населено место и примена на мерки за забавување на сообраќајот на патиштата и нивните технички карактеристики
- сообраќајно-техничките критериуми што треба да ги исполнуваат техничките средства за забавување на сообраќајот на патиштата.

**Член 398**

Се овластува министерот за образование и наука во согласност со министерот за внатрешни работи, да донесе поблиски прописи за:

- организација, обука и начин на работа на училишните сообраќајни единици (член 365);
- начинот на обележување на возилата со кои се превезуваат деца (член 22);
- начинот на полагање на испитот за возач-инструктор (член 267) и
- висината на трошоците за проверка на стручноста на возачот - инструктор (член 270).

**Член 399**

Се овластува министерот за здравство во согласност со министерот за внатрешни работи, да донесе поблиски прописи за:

- поблиските здравствени критериуми што задолжително треба да ги исполнуваат кандидати за возачи на моторно возило;

- поблиските критериуми во поглед на кадарот и материјалната опрема што мора да ги исполнува здравствената организација или Министерството за внатрешни работи, за вршење анализи на крв и урина и постапката за земање и транспортирање на крв и урина за анализа;
- содржините на програмата за обука за постапување во случај на сообраќајна незгода за кандидатите за возачи;
- висината на надоместокот за вршење здравствени прегледи на кандидати за возачи и возачи на моторни возила и висината на надоместокот за спроведување на настава за кандидати за возачи за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода;
- начинот на вршење на здравствениот преглед на возачите на моторни возила, поблиските критериуми во однос на кадарот и опремата за вршење на здравствените прегледи, како и за начинот и постапката за издавање на уверение за здравствена и психофизичка способност за управување со моторно возило.

**Член 400**

Министерот за локална самоуправа во согласност со министерот за внатрешни работи ќе донесе поблизок пропис за организација, обука и начин на работа на сообраќајните патроли (член 365).

**Член 401**

Министерот за економија и труд ќе донесе поблизок пропис за посебниот знак за означување на возило со кое управува лице на кое му се оштетени екстремитетите суштествени за управување со возилото (член 20).

XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ
ОДРЕДБИ

**Член 402**

Постапките за спроведување на возачки испит, испит за возач-инструктор започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се завршат според одредбите на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија" број 54/2007, 84/2007, 86/2008, 98/2008, 64/2009, 161/2009, 36/11, 51/11, 114/12 и 27/14).

**Член 403**

(1) Подзаконските прописи предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен подзаконскиот пропис од членот 394 алинеја 13, кој ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До донесувањето на прописите од членовите од 394, 395, 396, 397, 398, 399, 400 и 401 од овој закон, ќе се применуваат постојните прописи.

**Член 404**

Возачките дозволи издадени согласно со прописите кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат да важат до истекот на рокот на важење наведен во истите.

**Член 405**

Запишувањето на категориите „АМ", „А2" и „Т" во возачката дозвола ќе се врши започнувајќи од 8 април 2017 година.[3][4]

**Член 406**

(1) Издадените дозволи за возач - инструктор од категориите „А", „Б", „Ц", „Д" и „Е" ќе бидат заменети со нови дозволи за возач - инструктор по истекот на рокот на важење наведен во истите.

(2) Дозвола за возач-инструктор од категоријата „А" ќе се замени со дозвола за возач-инструктор од категориите „А1", „А2" и „А".

(3) Дозвола за возач-инструктор од категоријата „Б" ќе се замени со дозвола за возач-инструктор од категоријата „Б".

(4) Дозвола за возач-инструктор од категоријата „Ц" ќе се замени со дозвола за возач-инструктор од категориите „Ц1" и „Ц".

(5) Дозвола за возач-инструктор од категоријата „Д" ќе се замени со дозвола за возач-инструктор од категориите „Д1" и „Д".

(6) Дозвола за возач-инструктор од категориите „Б", „Ц" и „Е" ќе се замени со дозвола за возач-инструктор и од категориите „БЕ", „Ц1Е" и „ЦЕ".

(7) Дозвола за возач-инструктор од категориите „Б", „Ц", „Д" и „Е" ќе се замени со дозвола за возач-инструктор и од категориите „БЕ",„Ц1Е",„ЦЕ", „Д1Е" и „ДЕ".

**Член 407**

Одредбите од овој закон кои се однесуваат на начинот и постапката за издавање на меѓународна возачка дозвола и одобрение за управување на туѓо моторно возило во странство ќе се применуваат од 30 јуни 2017 година, а издадените меѓународни возачки дозволи и одобренија за управување на туѓо моторно возило во странство ќе продолжат да важат до истекот на рокот на важење наведен во истите.

**Член 408**

Постојните правни лица овластени за издавање на меѓународна возачка дозвола и одобрение за управување на туѓо моторно возило во странство се должни во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон да го усогласат своето работење и да поднесат барање за добивање на овластување согласно со одредбите од овој закон.

**Член 409**

(1) Условите за основање и работа на автошколи од членовите 231 алинеја 2 и 233 став (1) алинеја 3 од овој закон, ќе започнат да се применуваат по три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

[3] Одредбата од членот 405 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" број 169/15, 226/15, 55/16 и 11/18), **нема да се применува до 1 јануари 2019 година**,види Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, („Службен весник на РМ" бр.83/18).

[4] (1)Одредбата од членот 405 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19, 302/20 и 122/21), нема да се применува до 1 јануари 2022 година, (2) на граѓаните кои што се имаат стекнато со потврда за положен возачки испит за категориите „АМ", „А2" и „Т" до 1 јануари 2019 година и на граѓаните кои ќе положат возачки испит за категориите „АМ", „А2" и „Т" до 1 јануари 2022 година, Министерството за внатрешни работи им издава потврда за положен возачки испит со право за управување возило во сообраќајот. (3)Потврдата од ставот (2) на овој член, се издава со важност до 1 јануари 2022 година, види Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, („Службен весник на РСМ" бр.122/21).

(2) Условите за основање и работа на автошколи од членовите 232 став (2) алинеи 6 и 7, став (3) алинеја 4 и став (4) алинеја 2 од овој закон, ќе започнат да се применуваат од 1 март 2021 година.

(3) Условите за основање и работа на автошколи од членот 232 ставови (2) алинеи 1 и 2 и (3) алинеја 1 од овој закон, ќе започнат да се применуваат од 30 март 2017 година.

**Член 410**

(1) Условот за работа на испитен центар од членот 247 од овој закон ќе започне да се применува по три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Постојните испитни центри кои работат согласно со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" број 54/2007, 84/2007, 86/2008, 98/2008, 64/2009, 161/2009, 36/11, 51/11, 114/12 и 27/14) се должни да го усогласат своето работење согласно со одредбите од овој закон најдоцна до 30 ноември 2017 година.

(3) Условот за вршење на работите на организирање и спроведување на возачки испит за кандидат за возач од страна на испитните центри од членот 244 став (1) алинеја 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" број 169/15, 226/15, 55/16 и 11/18), кој се однесува на тоа испитниот центар задолжително да има сообраќаен автодром (полигон) во седиштето во сопственост или под закуп, за постојните, односно испитните центри кои имаат лиценца издадена согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" број 54/2007, 84/2007, 86/2008, 98/2008, 64/2009, 161/2009, 36/11, 51/11, 114/12 и 27/14) ќе започне да се применува од 30 ноември 2018 година.

(4) Условот за вршење на работите на организирање и спроведување на возачки испит за кандидат за возач од страна на испитните центри, што се однесува на лиценците за стручниот кадар од членот членот 246 став (1) алинеи 6 и 7, став (2) алинеја 6, став (3) алинеи 6 и 7, став (4) алинеја 6 и став (5) алинеја 6 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" број 169/15, 226/15, 55/16 и 11/18), ќе започне да се применува од 1 март 2021 година.

**Член 411**

Министерството за внатрешни работи го воспоставува единствениот електронски систем за полагање на стручните испити од членот 254 ставови (2) и (3) од овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 412**

Одредбите од овој закон кои се однесуваат на полагање за лиценца за предавач по наставна програма, возач-инструктор, контролор, испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и испитувач по наставна програма управување со возила (практичен дел) на електронски начин ќе започнат да се применуваат од 30 март 2017 година.

**Член 413**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" број 54/2007, 84/2007, 86/2008, 98/2008, 64/2009, 161/2009, 36/11,

51/11, 114/12 и 27/14), освен одредбите од членовите 235, 236, 237, 288, 368-а, 368-б, 368-в, 368-г и 368-д, кои ќе престанат да важат со започнување на примената на членовите 272, 275, 276 и 301 од овој закон.

**Член 414**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", освен одредбите од членовите 272, 275, 276 и 301 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат од 8 април 2017 година.

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА од Законот за дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.226/15)***

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.55/16)***

**Член 15**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 16**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА од Законот за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.11/18)***

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.83/18)***

**Член 90**

Кандидатите за возачи кои отпочнале со оспособување или со полагање на возачкиот испит, согласно одредбите од членовите 272 став (2), 279 став (1) и 331 став (1) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" број 169/15, 226/15, 55/16 и 11/18), ќе ја завршат постапката согласно условите кои важеле пред донесувањето на овој закон.

**Член 91**

Одредбите од членот 55 ставови (4) и (5) од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 октомври 2019 година.

*Во членот 91 датата: **„ 2019"** се заменуваат со датата: **„ 2020"**, види чл.224 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 302/20)

**Член 92**

Одредбата од членот 405 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" број 169/15, 226/15, 55/16 и 11/18), нема да се применува до 1 јануари 2021 година.

На граѓаните кои што се имаат стекнато со потврда за положен возачки испит за категориите „АМ", „А2" и „Т" до 1 јануари 2019 година и на граѓаните кои ќе положат возачки испит за категориите „АМ", „А2" и „Т" до 1 јануари 2021 година, Министерството за внатрешни работи им издава потврда за положен возачки испит со право за управување возило во сообраќајот.

Потврдата од ставот 2 на овој член се издава со важност до 1 јануари 2021 година.

Формата и содржината на образецот на потврдата од ставот 2 на овој член ќе ја пропише министерот за внатрешни работи во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 93**

За возач инструктор кој до денот на влегување во сила на овој закон се стекнал со дозвола за возач инструктор, ќе се применуваат одредбите од членот 34 од овој закон.

**Член 94**

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 95**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**СО ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 138/2017 ("Службен весник на РМ" бр.191/18)**

1. СЕ УКИНУВА член 252 став 2 алинеја 1 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр.169/2015, 226/2015, 55/2016 и 83/2018).
2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

**СО ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 59/2018 ("Службен весник на РМ" бр.70/19)**

1. СЕ УКИНУВА член 244 ставови 3 и 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/2015, 226/2015, 55/2016, 11/2018 и 83/2018).
2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување на Законот***
***за безбедност на сообраќајот на патиштата***
***("Службен весник на РСМ" бр.98/19)***

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

***ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување на Законот***
***за безбедност на сообраќајот на патиштата***
***("Службен весник на РСМ" бр.302/20)***

**Член 220**

Во рок од 30 дена од влегувањето во сила на овој закон Министерството за внатрешни работи за кандидатите кои полагаат стручен испит за оспособеност за работа како стручниот кадар во автошкола и стручниот кадар во испитен центар, кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, ќе го усогласи електронскиот тест за полагање на стручниот испит и јавно достапната база од прашањата за секоја област и на тој јазик и писмо.

**Член 221**

Постапките започнати согласно со одредбите од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19), ќе завршат согласно со одредбите од законот по кој биле започнати.

**Член 222**

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија"

**Член 223**

Подзаконскиот пропис предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 224**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" број 83/18), во членот 91 зборовите: „2019 година" се заменуваат со зборовите: „2020 година".

**Член 225**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## *ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РСМ" бр.122/21)*

**Член 4**

(1) Одредбата од членот 405 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19 и 302/20), нема да се применува до 1 јануари 2022 година.

(2) На граѓаните кои што се имаат стекнато со потврда за положен возачки испит за категориите „АМ", „А2" и „Т" до 1 јануари 2019 година и на граѓаните кои ќе положат возачки испит за категориите „АМ", „А2" и „Т" до 1 јануари 2022 година, Министерството за внатрешни работи им издава потврда за положен возачки испит со право за управување возило во сообраќајот.

(3) Потврдата од ставот (2) на овој член, се издава со важност до 1 јануари 2022 година.

**Член 5**

Возачките дозволи и возачките книшки, кои го содржат натписот „Република Македонија" издадени до денот на започнувањето на примената на овој закон, ќе важат до истекот на рокот на важење кој е наведен во возачката дозвола, најдоцна до 31 декември 2024 година.

*Во членот 5 зборовите**: „12 февруари 2024 година"** се заменуваат со зборовите: **„31 декември 2024 година** види чл.1 од Законот за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 33/24)

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", освен одредбите од членовите 2 и 3 од овој закон, кои ќе започнат да се применуваат од 1 јули 2021 година.

## *ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РСМ" бр.33/24)*

**Член 1**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија" број 122/21), во членот 5 зборовите: „12 февруари 2024 година" се заменуваат со зборовите: „31 декември 2024 година".

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## *ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РСМ" бр.208/24)*

**Член 4**

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија да поднесе Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за именување претседател и членови согласно со овој закон најдоцна во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 5**

Со именувањето на претседателот и на членовите на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, согласно со одредбите од овој закон, им престанува мандатот на претседателот и членовите на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата кои се именувани согласно со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (*) („Службен весник на Република Македонија" број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и 191/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 70/19, 98/19, 302/20, 122/21 и 33/24).

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## *ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РСМ" бр.193/25)*

**Член 52**

Подзаконските прописи предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 53**

Низ целиот текст на законот зборовите: „прекршочен платен налог" се заменуваат со зборовите: „записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог".

**Член 54**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", освен одредбите од членовите 2, со кои се менуваат точка ,,114. и точка „143. 6, 7, 8, 9, 18, 19, 20, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 37, 38, 39, 41, 46, 47, 48 и 53 од овој закон, кои ќе започнат да се применуваат од 1 февруари 2026 година.[5]

[5] 2 Во член 54 зборот „јануари" се заменува со зборот „февруари", види: член 22 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија" број 258/25)

### *ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РСМ" бр.258/25)*

**Член 22**

Во членот 54 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија" број 193/25), зборот „јануари" се заменува со зборот „февруари".

**Член 23**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 1 февруари 2026 година, освен одредбите од членовите 1, 15, 16 и 17 кои ќе започнат да се применуваат со денот на влегувањето во сила на овој закон.

### *ЗАВРШНА ОДРЕДБА од Законот за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РСМ" бр.58/26)*

**Член 10**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

### *ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РСМ" бр.79/26)*

**Член 2**

Содржината на обуката, формата, содржината на потврдата и начинот на водење на евиденција за издадени потврди за посета на четири часа сообраќајни правила и прописи за управување со мотоцикл до 125 см$^3$ (теоретска обука) од членот 1 од овој закон ја пропишува министерот за внатрешни работи во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Автошколата ја издава потврдата за посета на четири часа сообраќајни правила и прописи за управување со мотоцикл до 125 см$^3$ (теоретска обука) од членот 1 од овој закон и го известува Министерството за внатрешни работи кое води посебна евиденција.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".